**Универзитет „Св. Кирил и Методиј”**

**Филозофски Факултет-Скопје**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД***

***Тема:***

# *УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ*

**ИЗРАБОТИЛ:**

**НИКОЛАЃОРЃИОСКИ**

**МЕНТОР:**

**ПРОФ.Д-Р МИТКО КОТОВЧЕВСКИ**

Скопје, 2014 година

**Кратенки**

| | |
|---|---|
| AWACS-АВАЦС | Воздушно предупредување и контролен систем |
| CENTRIXS-ЦЕНТРИХС | Регионална размена на информациски систем |
| DPKO-ДПКО | Оддел за мировни операции |
| HUMINT- ХУМИНТ | Човечко разузнавање |
| IMINT- ИМИНТ | Сликовно разузнавање |
| JMAC- JМАЦ | Центар за анализа на заедничка мисија |
| MASINT-МАСИНТ | Обележувачко разузнавање |
| NATO-НАТО | Северноатлантска Алијанса |
| ODNI- ОДНИ | Канцеларија на директорот за национално разузнавање |
| ORCI – ОРЦИ | Канцеларија за истражување и прибирање на информации |
| OSCE – ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| OSD – ОСД | Софтвер со отворен код на податоци |
| OSIF – ОСИФ | Отворен извор на информации |
| OSINT – ОСИНТ | Разузнавање од отворени извори |
| SIGINT – СИГИНТ | Сигнално разузнавање |
| SITCEN – СИТЦЕН | Центар за ситуација |
| UN – ОН | Обединети Нации |
| UNHCR – УНХЦР | Канцеларија на високиот комесаријат за бегалци при ОН |
| UNOSOM II UN – УНОСОМ 2 | Мировна операција на ОН во Сомалија |
| UNPROFOR – УНПРОФОР | Заштита на силите на ОН |

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД 5
I.1. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОБЛЕМ 5
I.2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 8
I.3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 9
I.3.1. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 9
I.3.2. ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 9
I.4. ХИПОТЕЗИ 10
I.4.1. ГЕНЕРАЛНА (ОПШТА) ХИПОТЕЗА 10
I.4.2. ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ 10
I.5. ВАРИЈАБЛИ 12
I.5.1. НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ 12
I.5.2. ЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ 12
I.6. ИНДИКАТОРИ 13
I.7. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 13
I.8. ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ 14

II. МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ (PEACAEKEEPING OPERATIONS) 15
II.1. МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ОН 20
II.2. КЛАСИФИКАЦИЈА НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ 24
II.3. ЕВОЛУЦИЈА НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ОН 25
II.3.1. МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА (ТРАДИЦИОНАЛНИ МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ) 25
II.3.2. РАЗВОЈОТ НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА 27
II.3.3. ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА НА МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ 36

III. ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМОТ РАЗУЗНАВАЊЕ ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ 39
III.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО 40
III.2. ФОРМИ НА РАЗУЗНАВАЊЕ 41
III.3. РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС 43
III.4. РАЗУЗНАВАЧКИ ДИСЦИПЛИНИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ 45
III.5. РАЗУЗНАВАЊЕ ВО ПРИВАНИОТ СЕКТОР 50
III.6. РАЗУЗНАВАЊЕ ВО СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ 50
III.7. РАЗУЗНАВАЊЕ ПРОТИВ БУНТОВНИЧКИ ОПЕРАЦИИ 52
III.8. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ВОЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ РАЗЛИЧНИ ОД ВОЈНА 54

IV. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 57
IV.1. РАЗНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД ТЕРМИНОЛОГИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 58
IV.2. ПОТРЕБАТА ОД РАЗУЗНАВАЊЕ ВО ОН 60
IV.3. РАЗУЗНАВАЧКИОТ СИСТЕМ И ОБИДОТ ЗА НЕГОВО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ОН 62
IV.4. ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И НИВНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА 64

V. ЦИВИЛНО-ВОЕНА КООРДИНАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗУЗНАВАЧКАТА ПОДДРШКА ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 67
V.1. УЛОГАТА НА ВОЕНАТА КООРДИНАЦИЈА СО РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ОН 68
V.2. ЦИВИЛНО-ВОЕНАТА КООРДИНАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТА НА СИЛИТЕ 69
V.3. ТЕРМИНОЛОГИЈА И КОНЦЕПТИ НА ЦИВИЛНО-ВОЕНАТА КООРДИНАЦИЈА НА ОН 70
V.4. НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КАКО ПОТЕНЦИЈАЛЕН ИЗВОР ЗА РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ 73
V.5. МОЖНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА 74
V.6. ФУНКЦИИ И УЛОГИ НА ЦИВИЛНО-ВОЕНАТА КООРДИНАЦИЈА НА ОН 76

VI. РАЗУЗНАВАЊЕТО КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ 77
VI.1.УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО НАБЉУДУВАЧКИТЕ МИСИИ НА ОН 78
VI.2. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ 79
VI.3. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА МИРОВНИ ГЕНЕРАЦИИ 81
VI.4. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ ВО XXI ВЕК 92
VI.5. ИЗВЕШТАЈОТ НА БРАХИМИ ЗА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ 93

VII. РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ (ОСИНТ-OSINT) 97
VII.1. МОМЕНТАЛНА УПОТРЕБА НА OSINT 98
VII.2. ДЕФИНИРАЊЕ НА OSINT 101
VII.3. РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ СПОРЕД ДОКТРИНАТА НА НАТО 102
VII.4. ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА НАТО МОДЕЛОТ ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ОН 104

VIII. УЧЕСТВОТО НА АРМ ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ И И СПРАВУВАЊЕТО СО РАЗУНАВАЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО МИРОВНИТЕ МИСИИ ВО XXI ВЕК 105
VIII.1. НЕПОСРЕДНОТО УЧЕСТВО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРИДОНЕС ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ 106
VIII.1.1. МИРОВНА МИСИЈА ИСАФ 107
VIII.1.2. МИРОВНА МИСИЈА СЛОБОДА ЗА ИРАК 111
VIII.1.3. МИРОВНА МИСИЈА УНИФИЛ 113
VIII.1.4. МИРОВНА МИСИЈА ЕУФОР-АЛТЕА 114
VIII.1.5. ПОДДРШКА НА КФОР 115
VIII.2. РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА АРМ 116
VIII.2.1. РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА АРМ ВО МИСИЈАТА СЛОБОДА ЗА ИРАК 117
VIII.2.2. РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА АРМ ВО МИСИЈАТА ИСАФ 119
VIII.3. НАЦИОНАЛНА РАЗУЗНАВАЧКА КЕЛИЈА (НРК) 120

ЗАКЛУЧОК 123

БИБЛИОГРАФИЈА 128

## *1.Вовед*

### 1.1 Формулирање на истражувачки проблем

По завршувањето на ерата на Студената војна и создавањето на нови услови на светска сцена, граѓанските војни ја преземаа доминацијата на најприменувана форма на конфликт на глобално ниво. Во периодот од 1989 до 2003 година беа водени вкупно четири интернационални војни: војна против Ирак во 1990-1991 година, предводена од САД, војната помеѓу Етиопија и Еритреа во 1998-2000 година, војната на коалициските сили предводена од САД против Авганистан од 2003 година до денес и војната од САД и ОК против Ирак од 2003година до денес. Во истиот временски период околу четириесет земји се соочија граѓански војни.

Во дваесет и осум, антагонизмот помеѓу општествените групи беше главната причина за конфликтот. Авганистан, Ирак, Босна и Херцеговина, Таџикистан, турција и поранешна СФРЈ, сите страдаа или сеуште страдаат од крвави цивилни војни проследени со изразита национална и етничка омраза.Денес постојат мултиетнички држави во кои малцинските етнички заедници ја перцепираат поголемата етничка заедница како окупатор.

Живееме во време на војни од четврта генерација на која карактеристики се: губење на границите меѓу цивилите и војниците, губење на границите меѓу војувањето и политиката, децентрализирано војување и присуство на недржавни актери како страна на војната.

Трети страни, држави или меѓународни сојузи или организации и разни недржавни актери, со или без одобрение на Советот за безбедност на ОН, редовно беа инволвирани во посочените цивилни војни. Нивната инволвираност беше оправдана со т.н одговорност да се заштити, односно со должност за превенцијата од конфликти пропратени со катастрофални хуманитарни последици со примена на адекватни мерки и средства, вклучувајќи ги и воените. Таквото инволвирање подразбира повреда на територијалниот суверенитет на државата која е цел на интервенцијата. Неповредливоста на територијлниот суверенитет на самостојните држави е еден од најистакнатите принципи на меѓународното право. Актуелното државно раководство е неприкосновено во рамките

на државата и ниту една надворешна сила не смее да се меша во нејзините внатрешни работи.

Државата може на било кој начин да влијае на населението и неговиот имот во рамките на државните граници, а според меѓународното право, останатите држави мораат да го почитуваат територијалниот суверенитет на државата.

Кога државата ќе ги прекрши човековите права на своите граѓани, друга држава има право да го наруши нејзиниот територијален суверенитет и да го заштити загрозеното население согласно доктрината на мировните операции.

Покрај мировните мисии како облик на воена операција различна од војната, во фокусот на ова истражување ќе биде опфатена и улогата на разузнавањето како битен фактор за успешното извршување на мировните операции.

Разузнавачките служби како основни задачи ги имаат: собирање на информации, изработка и проценка за донесувачите на одлуките.

Разузнавачките служби се едни од ретките институции кои организирано делуваат надвор од територијата на својата матична држава, а се единствени кои се способни за изведување на тајни операции во и надвор од границите на своите матични држави.

Способноста на разузнавачките служби да собираат информации од човечки извори на организиран и таен начин, во и надвор од државата, е способност која ја нема ниту една друга државна институција. Разузнавачките служби се единствени способни организирано да собираат информации од отворени и тајни извори, да вршат нивна обработка, да вршат објективна проценка и да даваат прогнози. Разузнавачките служби се способни да собираат информации користејќи мноштво различни разузнавачки дисциплини. Неспорно е дека способностите на разузнавачките служби е од голема и клучна важност за успешното извршување на мировните операции. Се поставува прашањето која е улогата на разузнавањето во мировните операции? Разузнавањето иницира проценка на потенцијалните закани за безбедноста на операцијата од разни државни или недржавни актери кои посредно или непосредно учествувале или сеуште учествуваат во организацијата и спроведувањето на чинот на кршење на човековите права. Во таа насока разузнавањето има значајна улога во заштитата на цивилното население.

Приоритет на разузнавањето во мировните операции претставува и заштитата на сопствените сили и средства.

Навремената и сеопфатна анализа на разузнавачките сознанија може да биде од голема важност за командантот во поглед на избегнување на непријателските активности за време на реализација на мировната операција.

Земајќи ги во предвид проблемите со кои се соочува разузнавањето во планирањето, реализацијата и спроведувањето на мировните мисии, неопходна е адекватна институционална и нормативна реформа.

За разлика од периодот на Студената војна, кога разузнавањето било насочено кон собирање на информации за развојот на конвенционалните и нуклеарните воени капацитети за непријателот, денес меѓународната заедница се соочува со загрозување кое има транснационални димензии, се појавуваат од сите страни во скриени и непознати форми. Улогата на разузнавањето во мировните операции, во последните години привлече посебно внимани кај директните учесници во мировните операции и оваа тема е обработувана од страна на голем број на странски експерти.

Отворањето на поимот разузнавање од страна на ОН  и одбегнувањето да се истакне значењето на собирање и анализа на разузнавачките информации во мировните мисии, интезивно беа вклучени и применети значителни разузнавачки капацитети за подршка на мисиите.

Проценувајќи го разузнавачкиот систем проектиран за подршка на мировнтие операции се доаѓа до заклучок дека тој содржи разузнавачки функции специфични за самата мисија. Ирак, Сомалија, Босна и Херцеговина и Косово, се добри примери за проучување на улогата, целите, пропустите и перспективите на разузнавањето во мировните мисии предводени од страна на ОН, НАТО или останатите коалиции.

Република Македонија како членка на ОН и земја која ги исполнува стандардите за полноправно членство во НАТО, директно дава придонес во неколку мировни мисии.

Во согласност со ратификуваните меѓународни договори, единиците на Армијата на Република Македонија од постојаниот и резервниот состав или нивни делови, како и воени старешини и цивилни лица на служба на Армијата и вработените во МО, можат да

учествуваат во вежбовните активности и обука во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.[1]

Првиот придонес на Република Македонија надвор од нејзините граници започна во 2002 година во рамките на НАТО-предовдената мисија ИСАФ во Авганистан.

Потоа придонесот постепено се зголемуваше со распоредување на сили во мировните мисии: "Слобода за Ирак" во Ирак, во воената мисија "ЕУ Алтеа" во Босна и Херцеговина и во мировна мисија на ОН "УНФИЛ" во Либан.[2]

## 1.2 Предмет на истражување

Предмет на анализа на ова истражување ќе биде улогата на разузнавањето за успешното извршување на мировните операции. Разузнавањето е процес кој вклучува планирање, насочување, собирање на информации, обработка на информациите, изработка на разузнавачки продукти до корисниците во соодветна форма. [3]

Голем дел од мировните операции по завршувањето на Студената војна се проследени со голем број на жртви од страна на воените сили, кршењето на човековите права и поради недефинираната улога на разузнавањето, истите не биле искористени од страна на земјите или колективните системи за безбедност ( ОН и НАТО) кои ги превземале интервенициите. Поради овие причини во ова истражување, како предмет на посебен интерес ќе бидат проучени важните сегменти кои влијаат на разузнавачката подршка на мировните операции.

Предмет на анализа на ова истражување ќе биде:

- Дефинирање на мировните операции и нивната легална рамка;
- Определувањето на поимот разузнавање;
- Институционалните и терминолошките проблеми со кои се соочува разузнавањето во ОН;

[1] "Бела книга на одбраната" Скопје 2012 стр.69 Министерство за Одбрана

[2] Исто

[3] Според објаснување на разузнавањето како процес во HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997, глава 1, стр. 83

- Разузнавањето како клучен фактор во мировните операции;
- Прием на постоечките и развиените разузнавачки капацитети на НАТО во мировните интервенции предводени од ОН;
- Улогата на цивилниот сектор во разузнавачката подршка на мировните операции;
- Можностите за реорганизација и развој на разузнавачките капацитети на ОН;

## *1.3 Цели на истражувањето*

### 1.3.1 Општа цел на истражувањето

Општа цел на ова истражување е да се објасни улогата на разузнавањето во мировните операции.

### 1.3.2 Посебни цели на истражувањето

Како една од посебните цели на ова истражување ќе биде обидот да се констатира дали мировните операции, кои досега биле преземени во повеќе кризни региони во светот биле во согласност со Повелбата на ООН и Меѓународното право.

Ќе биде согледана разликата на разузнавачките капацитети на ОН и НАТО и проблемите кои произлегуваат од неа.Исто така ќе биде согледано утврдувањето и објаснувањето на можните начини за собирање информации од страна на разузнавачките служби.Како посебна цел ќе биде согледана опцијата за адаптирање на моделот за продукција на разузнавачки проценки од отворени извори ( OSINT), според воената доктрина на НАТО како потенцијален модел на разузнавањето во ОН.

Ќе биде разгледано разузнавањето како клучен фактор за успешнот извршување на мировните операции, а воедно и ќе се даде посебно внимание на влијанието на разузнавањето во мировните операции.

## *1.4 Хипотези*

### 1.4.1 Генерална ( општа) хипотеза

Промената на безбедносната околина во XXI век, придонесе, разузнавањето да претставува клучен фактор за справување со неконвенционалните закани за успешно спроведување на мировните мисии.

### 1.4.2 Посебни хипотези

1.4.2.1 Дефинирањето на легалната рамка за оправдување на мировните операции во меѓународните односи зависи од интересите на моќните држави.

***Поединечна хипотеза за првата посебна хипотеза***

- Политичките и правни норми се од голема важност и кои влијаат на идните мировните операции.

1.4.2.2 Успешноста за реализација на мировните операции е директно условена од квалитетот на разузнавачките информации.

***Поединечна хипотеза за втората посебна хипотеза***

- Карактеристиките на мировните операции резултираат со неопходноста од проширување на фокусот на разузнавањето на невоените параметри.

1.4.2.3. Конституирањето на разузнавачкиот капацитет на ОН е од големо значење за разузнувачката подршка на мировните операции.

***Поединечна хипотеза за третата посебна хипотеза***

- Во поглед на обезбедување на неопходните разузнавачки информации во мировните операции, ОН се зависни од воено-разузнавачките капацитети на поединечните земји.

1.4.2.3 Капацитетите на цивилно – воениот сектор имаат исклучителна важност за добивање на навремени и прецизни разузнавачки информации

***Поединечна хипотеза за четврта посебна хипотеза***

- Делувањето на недржавните актери (хуманитарните и невладини организации ) ја зголемуваат ефикасноста на разузнавачките капацитети.

1.4.2.5 Успешноста на собирање на информации од страна на разузнавачките служби во мировните операции, зависи од користењето на различни разузнавачки дисциплини.

***Поединечна хипотеза за петтата посебна хипотеза***

- Досегашните примери покажуваат потреба од целосно унапредување и зајакнување на различните разузнавачки дисциплини.

*1.4.2.6* Примената на НАТО моделот за разузнавање од отворени извори (OSINT), ќе има позитивно влијание на подобрување на квалитетот на разузнавачката подршка во мировните операции.

***Поединечна хипотеза за шестата посебна хипотеза***

- Разузнавањето од отворени извори придонесува за претварање на информациите со кои располага ОН во корисни разузнавачки податоци неопходни за разузнавачка подршка на мировните операции.

### *1.5 Варијабли*

#### 1.5.1 Независни варијабли

Како независна варијабла во трудот се јавува комплексноста на мировната операција, која може да се дефинира како збир на тактички борбени и неборбени постапки кои се преземаат со цел:

- ***Наметнување на мирот*** – се изведуваат кога мирот не постои и најесто се за раздвојување на две завојувани страни;
- ***Операции за чување на мирот*** – се изведуваат по воспоставувањето на мирот и најчесто се логично продолжение на операциите за наметнување на мирот.

#### 1.5.2 Зависни варијабли

Разузнавањето, кое се дефинира како продукт или резултат кој произлегува од собирањето, обработката, интеграцијата, анализата, евалуацијата и толкувањето на расположивите информации кои се однесуваат на странски држави или област, се јавува како зависна варијабла на оваа истражување. Во пристапот на разузнавањето кон решавање на проблемот со зголемените разузнавачки побарувања на мировните операции, зависната варијабла опфаќа:

- Реорганизација и реформирање на разузнавачките капацитети кои посредно и непосредно се вклучени во разузнавачкиот циклус;
- Прилагодување на разузнавачките методи на тактичко, оперативно и стратегиско ниво;
- Развој и унапредување на билатералната соработка на разузнавачките капацитети на колективните системи за безбедност и самостојните држави;

- Вклучување на нови партнери и извори во процесот на разузнавање со

тенденција за унапредување на соработката.

## 1.6 Индикатори

Како индикатори на ова истражување ќе бидат земени разузнавачките пропусти кои беа направени за време на подготовките или спроведувањето на хуманитарните интервенции по завршувањето на Студената војна, од кои како позначајни се:

- Отпочнување на поголемиот дел од хуманитарните интервенции без соодветна разузнавачка подготовка на зоната на операции;
- Нападот на Штабот на ОН во Багдад, Ирак во 2003 година;
- Бројот на извршени мировни мисии во конфликтните земји;
- Времетраењето на мировните операции;
- Масакарот во Европа во Јули 1995 година од страна на Србите врз Босанските Муслимани во Сребреница;
- Недокажаното тврдење за постоење на оружје за масовно уништување и поврзаноста на Садам Хусеин со Ал Каеда ;

## 1.7 Методи и техники на истражување

Методолошката рамка на ова истражување ја сочинуваат следните научно-истражувачки методи:

- Дескриптивен метод, кој ќе се користи за детално опишување на улогата на разузнавањето во мировните операции.

Исто така, овој метод ќе се искористи и во опишувањето на поимното определување на мировните операции, конкретните примери за мировните операции во периодот по Студената војна, поимот разузнавање, разузнавањето во ОН и разузнавањето од отворени извори според НАТО.

- Компаративен метод, ќе се користи за откривање на поврзаноста на разузнавањето за успешноста на мировните операции.
- Метод на историска анализа, ќе биде употребен со цел да се даде јасна слика на мировните операции, нивните корени и хронолошката анализа на нивниот развој и порастот на разузнавачките побарувања.
- Метод на анализа на содржина, ќе биде употребен при анализирањето на меѓународните правни документи, публикации, изјави на релевантни претставниви на ОН, НАТО или држави кои во досегашниот период завзеле учество во мировни операции, при анализирањето на одредени научни трудови кои ја обработуваат проблематиката на разузнавањето во мировните операции на ОН и сл.
- Каузалната метода, ќе се користи со цел за воочување на причинско-последичната врска меѓу независните и зависните варијабли.

### 1.8 Општествена и научна оправданост

Како членка на ОН и земја која ги исполнува условите за полноправно членство во НАТО, Република Македонија има значајна улога во неколку мировни операции со хуманитарен карактер кои се одобрени од Советот за безбедност на ОН.

Следејќи го развојот на мировните операции, нивните комплексни разузнавачки побарувања и констатираните разузнавачки неуспеси, современите држави и Северноатлантскиот пакт покажаа сериозна загриженост и преземаа низа реформски чекори во областа на разузнавањето како одговор на новите предизвици. Како резултат на тоа издадени се низа научни трудови и се организирани голем број на меѓународни конференции и семинари.Сепак тоа не е случај и со разузнавањето во ООН каде воопшто не е формирана соодветна и постојана разузнавачка структура која би обезбедила навремена разузнавачка подршка за преземените хуманитарни интервенции. Очекувајќи ги реформите и дефинирањето на улогата на разузнавањето во хуманитарните операции под водство на ОН, Република Македонија, а посебно АРМ која е директно инволвирана, исто така е соочена со потешкотии кои произлегуваат од неопходноста од сериозни

реформски процеси во доменот на разузнавањето.Со оглед на претходно наведеното ценам дека оваа истражување ќе има општествена и научна оправданост за Република Македонија како земја членка на ОН која активно учествува во неколку мировни операции, но и во пошироки рамки поради фактот што целта е да се даде соодветен научен одговор на едно прашање со кое се занимаваат низа еминентни проучувачи на улогата на разузнавањето.

## 2.МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ (PEACEKEEPING OPERATIONS)

Крајот на студената војна донесе големи промени во структурата на власта ширум светот. Прилично стабилниот биполарен светски поредок доминиран од страна на две веле сили, СССР и САД, се претвори во помалку стабилен мултиполарен свет со само една веле сила. Во суштина, овај развој доведе до раст на конвенционалните војни, но исто така доведе и до нагло зголемување на мали конфликти и граѓански војни. Тие промени имаа значајно влијание врз ОН и нивните мировни операции. Традиционалните мировни операции обично се состоеа од овластени мировни сили чија основна задача била создавање на неутрални зони помеѓу страните во конфликтот со цел да ги спречат страните од нови можности за почнување на конфликтот, додека меѓународната заедница се обидувала да ги ублажи недоразбирањата помеѓу страните во конфликтот и да најде мировно решение за конфликтот. Во повеќе случаеви овај начин на воспоставувањето на мировни операции даде одлични резултати, а посебно во случаеви каде страните во конфликтот дадоја взаемна согласност за надворешно вмешување или потклекнале на притисокот наметнат од страна на веле силите. Во повеќето вакви случаеви силите на ОН немаа проблеми во создавањето на неутрална зона, бидејќи страните од конфликтот се согласиле за присуство на мировните сили.[4] Во граѓанските војни или етнички конфликти во една суверена држава, сепак е потешко да се постигне поделба на завојуваните фракции, бидејќи во

[4] Goulding, M. (1993, July). The Evolution of United Nations Peacekeeping. *International Affairs* , *69* (3) стр.456

најдобар случај редовите меѓу партиите ќе бидат нејасни и во најлош случај нема да бидат препознатливи .[5]

Освен тоа, многу потешко е да се откријат целите на страните во конфликтот. Општата цел на оваа теза е да се истражат и да се добијат подобри познавања за трансформациите на мировните операции на ОН кои биле подложени по завршувањето на Студената војна во XXI век. Сепак, сложеноста на темата и ограничениот обем на документи, бараат фокусирање на само еден аспект од мировните операции. Еден таков аспект што во исто време е клучен за успехот на мировните операции и контраверзноста е разузнавањето. За да се разбере важноста на разузнавањето во мировните операции во прв план мора да се проследи еволуцијата на мировните операции. Постојат многу проблеми со кои се соочуваат ОН во денешната мировна средина. Се до крајот на Студената војна, ОН се воздржуваа од спроведување на мировни операции во суверени држави, без тоа да им биде побарано од страна на Владите на завојуваните држави. Причина за оваа постапка се принципите врз кои се формирани ОН, а не недостатокот на одлучност за придонес во процесот на стопирање на ваквите видови на конфликти. ОН беа формирани врз седум принципи од кои два принципи дефинираат дека "организацијата е основана врз принципот на суверена еднаквост на сите нивни членки" и дека " ништо друго наведено во оваа повелба ќе ги овласти ОН да интервенира во области кои во суштина влегуваат во рамките на националната јуресдикција на било која држава".[6]

Постои само еден исклучок кој се наоѓа во оваа повелба, која ја дозволува употребата на сила со цел да се "одржи или обнови меѓународниот мир и безбедноста".[7] До скоро, ОН строго ги почитуваа овие принципи и не се вмешуваа во внатрешните проблеми на една земја. Зголемениот број на внатрешни конфликти кои имаа потенцијал за нарушување на мирот и стабилноста во околниот регион, ги присили ОН да го преиспитаат својот став. Започнувајќи со крајот на Студената војна се поголемиот број на т.н " нестабилни држави" како Сомалија, геноцидот или етничките чистења во Босна и

[5] Ali, T. M., & Matthews, R. O. (Eds.). (1999). *Civil Wars in Africa: Roots and Resolutions.* Montreal: McGill - Queen's University Press стр. 276

[6] United Nations. (1996). *Charter of the United Nations; June 26, 1945.* Retrieved January 23, 2009, from The Avalon Project at Yale Law School: достапно на http://www.yale.edu/lawweb/avalon/un/unchart.htm#art42 пристапено на 03.11.2013

[7] United Nations. (1996). *Charter of the United Nations; June 26, 1945.* Retrieved January 23, 2009, from The Avalon Project at Yale Law School: http://www.yale.edu/lawweb/avalon/un/unchart.htm#art42

Руанда и сериозните прекршоци на човековите права во поголем број на држави ја убедија општата јавност, владите и ОН да го преиспитаат нивниот став за интервенции во суверените држави. Покрај нивната неподготвеност да соработуваат заедно со силите на ОН, НВО ја согледаа потребата на мировните операции во конфликтите кои не вклучуваат само државни, но исто така вклучуваат и етнички групи, или каде што постои нефункционална централна влада која што не успевала ред и мир.[8]

Пред крајот на Студената војна, силите на ОН беа испратени во кризни региони, бидејќи страните во конфликтот побараа надворешна помош за решавањето на нивниот конфликт или подлегнале на притисокот од страна на меѓународната заедница да прифатат интервенција од страна на ОН.[9] Покрај тоа што имало загуби на човечки животи на страната на силите на ОН, тие биле доста успешни во создавањето на неутрални зони помеѓу страните во конфликтот, со што се стави крај на конфликтите. Сепак ова незначи дека сите конфликти конечно биле решени.[10] Откако била добиена согласност од двете страни во конфликтот за присуството на неутрални мировни сили на ОН, главните предизвици со кои се соочиле ОН биле од логистичка природа. Прашањата во врска со испраќањето на сили, како да се испратат набавките потребни за извршување на мировната операција, какви ќе бидат изворите за финансирање на мировната операција и колку долго војниците би требало да престојуваат биле доста поставувани прашања.

Со промената на природата на конфликтите од конвенционални војни во мали конфликти како што се граѓанските војни и/или етнички тензии-конфликти, условите за мировните мисии станаа уште поголем предизвик. Бидејќи секоја мировна опрација во суштина претставува воена операција, разузнавањето мора да биде дел од таа операција. Од друга страна повеќето земји членки во ОН, веруваат дека ОН како организација не треба да се вклучуваат во разузнавачкиот процес.[11] Со цел да се откријаат од каде доаѓа негативната

[8] Carey, H. F., & Richmond, O. P. (Eds.). (2003). *Mitigating Conflict: The Role of NGOs*. Portland: Frank Cass Publishers стр.26

[9] Allen, J. H. (1996). *Peacekeeping: Outspoken Observations by a Field Officer*. Santa Barbara: Praeger стр.46

[10] UN Department of Public Information. (2009, May 26). *Latest Updates*. Retrieved June 23, 2009, from ReliefWeb: достапно на http://www2.reliefweb.int/rw/rwb.nsf/db900SID/KHII-7SF3FL?OpenDocument пристапено на 03.11.2013

[11] Jones, G. (1993). *Intelligence Support to United Nations Activities*. Carlisle, PA: US Army War College стр.17

конотација за разузнавањето, многу е важно јасното дефинирање на тоа што се подразбира под разузнавање. Постои јасна поделба помеѓу разузнавање и шпионажа. Енциклопедијата Британика ја дефинира шпионажата како средство за " добивање на тајни информации со помош на шпиуни или нелегални направи за набљудување.

Шпионажата понекогаш се разликува од поширокота група за собирање на разузнавачки информации поради нејзината незаконитост."[12] Оваа дефиниција дава некакво навестување за тоа зошто некои личности во ОН несакаат собирањето на разузнавачки информации да биде дел од мировните операции. Во голема мера успехот на мировните операции директно зависи од добрата волја на земјите учеснички во мировната операција и шпионажата би можела многу да ја загрози целокупната мисија преку уништувањето на добрата волја.

Но шпионажата не е предвидена во контекстот на разузнавање во мировните операции. Спроведувањето на ефикасна шпионажа има потреба од мрежа на агенти како и потреба од многу време. Вообичаено ОН го немаат тоа време бидејќи не постои начин за дознавање на местоположбата на конфликтот, со цел да се дознае точното место на избивање на конфликтот. Собирањето на разузнавачки информации е витален дел од секоја воена операција. Таа им помага командантите да донесат одлуки засновани на информации кои можат да спасат безброј животи на двете страни. Барањата за информации или разузнавањето во мировни операции се попредизвикувачки отколку "вообичаените" воени операции, бидејќи разузнавањето треба да внимава на повеќе проблеми освен тактичките ( движењето на силите, редоследот на битката). Исто така тие треба да внимаваат на расположението и состојбата на населението, нивните сваќања за мировната операција, нивните хуманитарни потреби, идентификувањето на криминална активност и нејзино

[12] Encyclopaedia Britannica. (2009). *intelligence*. Retrieved June 24, 2009, from Encyclopaedia Britannicaonline:http://www.britannica.com/EBchecked/topic/289765/intelligence/53081/Levels-of-intelligence#ref=ref511578

espionage. (2009). *Encyclopaedia Britannica*. Retrieved February 24, 2009, from Encyclopaedia Britannica online: http://www.britannica.com/EBchecked/topic/192738/espionage пристапено на 03.11.2013

оделување од прекршоците за прекин на огнот или плановите и намерите на завојуваните политички и етнички страни.[13]

Предизвикот за разузнавање е многу сличен со борбата против бунтовниците или контратерористичката кампања со дополнителна комплексност на можноста за утврдување и/или идентификување на некоја држава како " непријател".

Вообичаено разузнавањето се фокусира на непријател или закана. Официјално, непостојат непријатели во една мировна операција, освен во спроведувањето на мировни операции и собирањето разузнавачки информации против страните во конфликтот сугерира дека тие се сметаат за непријатели. Понатаму, мировната операција вклучува порестриктивни правила на ангажирање отколку традиционалните борбени операции. Поради тоа, силите имаат потреба од подетални информации за намерите од страните во конфликтот, без да им биде преставена слика за која тие сметаат дека секој би бил непријателски настроен кон нив.[14] Промените во мировните операции не се лесен процес и е дискутабилен за тоа колку различни форми на мировни операции постојат и во која категорија спаѓаат истите. Постои консензус околу тоа што претставува првата генерација на мировни операции и кои се нивните карактеристики. После тоа почнуваат да се разменуваат различни мислења и ова се должи на зголемувањето на комплексноста на мисиите.

Со зголемувањето на функциите кои мисиите треба да ги исполнат процесот на нивна категоризација станува се потежок. Секоја дополнителна функција, ја зголемува потребата за разузнавачки информации кои се потребни за успешно извршување на мисијата.

Главен фокус ќе биде ставен на втората и третата генерација на мировни операции, бидејќи тие претставуваат распостранета форма на денешните мировни операции. Традиционалните мировни операции нема да бидат вклучени во ова истражување, бидејќи воглавно се состојат од набљудувачки мисии кои според нивната природа претставуваат разузнавачки операции. Прашањето кое се потикнува од овај факт е тоа како ОН создадоа

[13]De Jong, B., Wies, P., & Steele, R. D. (Eds.). (2003). *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*. Oakton, VA: OSS International Press стр.14

[14] Cowdrey, C. B. (1994, September 9). *Shoot? Don't Shoot? Rules of Engagement in Peackeeping Operations*. стр.16 Retrieved April 8, 2009, from Defense Technical Information Center: http://www.dtic.mil/cgi-bin/GetTRDoc?AD=ADA284086&Location=U2&doc=GetTRDoc.pdf пристапено на 03.11.2013

таква антипатичност кон разузнавањето кога нивните почетни мисии се состоеа исклучиво од воено разузнавачки операции. Разузнавачките проблеми во ОН претставува проблем од ~~повеќе нивоа~~. ~~Тоа не се однесува само на информациите во рамките на воените операции~~. Недостатокот на свој сопствени разузнавачки групи исто така ги попречува ОН да ги ублажат конфликтите пред тие да ескалираат и да се обезбедат воените сили во таа област со потребните разузнавачки информации. Имањето на своја разузнавачка служба за ОН ќе преставува проблем бидејќи ќе биде тешко да ги убедат земјите членки дека таа служба не е наменета за нивно шпионирање.

Сепак, постојат начини за ублажување на овие проблеми. Еден од тие начини би бил отварањето на канцеларија која ќе се фокусира исклучиво на отворен извор на собирање на разузнавачки информации. Интернетот претставува моќна алатка за собирање на информации без да се шпионира одреден субјект. Друга можност за собирање на разузнавачки информации би можела да биде вклучување на невладини организации кои се присутни во кризниот регион во процесот на решавање на конфликтот. Вообичаено невладините организации се присутни во конфликтниот регион и пред започнувањето на конфликтот, тоа би им било од голема помош на мировните сили. Трета можност за собирање на разузнавачки информации е нарачувањето на услуги за спроведување на мировни операции на една земја членка или на регионално меѓународна организација како што е НАТО, ОБСЕ или нешто што ОН започнаа да го спроведуваат успешно последните неколку години.

### 2.1 Мировните операции на ОН

Втората половина на XX век е карактеризирана по бројни вооружени судири, кои потврдуваат дека токму тие судири имаат моќ да го предизвикаат нарушувањето на мирот и безбедноста и да предизвикаат одземање на голем број на човечки жртви. ОН со цел да ги спречат ваквите закани кои влијаат деструктивно на мирот и стабилноста, превземаат голем број на мерки за решавање на ваквите закани кои го наруушуваат меѓународниот мир и безбедност. Една од тие мерки за елиминирање на ваквите закани се токму мировните операции. Мировните операции се една од најдобрите алатки на ОН, кои имаат

за цел да им се помогне на земјите кои се во конфликтини ситуации што полесно да стигнат до градењето на мирот. Мировните операции се само еден дел на активност кои се превземаат од страна на ОН и другите меѓународни актери со цел одржување на мирот и безбедноста во конфликтните држави. Од настанувањето на мировните операции до денес тие бележат доста големи промени.

Мировните операции во самиот почеток преставувале набљудувачки мисии, а потоа прераснале во комплексни мултифункционални и мултинационални операции.[15]

Промените со кои се соочија мировните операции на ОН, директно влијаеа и на примената на теоријата на мировните операции со што и таа претрпувала одредени промени паралено со промените на мировните операции. Врз процесот на констриктуирање на мировните операции големо влијание имале неколку фактори и тоа:

- Развојот на системот на колективна безбедност
- Развојот на демократската свест
- Стратегиите на развиените држави
- Развојот на воената сила и армиите на развиените држави

Интересите на големите сили[16]

Земаќи го предвид фактот дека поимот мировни операции е составен од разни активности и заради тоа тешко е да се дефинира истиот. Како резултат на таа проблематика околу дефинирањето на мировните операции, можеме да ги земеме во предвид нивните активности. Мировните операции опфаќаат три вида на активности: Подршка на дипломатијата, одржување на мирот и наметнување на мирот.

Самото ова укажува на тоа дека постојат мировни операции кои се служат со воени сили, а други мировни операции кои се служат со политички средства. И покрај сето ова, добро е да се направи јасна динстикција помеѓу воените операции и мировните операции. Ваквата динстикција лесно може да биде направена доколку се разграничат активностите на воените и мировните мисии со тоа што ќе бидат согледани целите на

[15] Милутиновић, С., (2007), Појам и класификација мировних операција Организација Уједињених нација, Војно дело, бр. 1/2007, стр. 149

[16] United Nations- Peacekeeping operations, Principels and Guidelines, Department od Peacekeeping operations January 2010 стр.31 достапно на unlb.org/pbps/library/capstone_doctrine_eNg.pdf пристапено на 12.11.2013

мисијата. Разликата помеѓу воената и мировните операции е во тоа што воените операции имаат за цел да го уништат противникот т.е да го победат противникот, а од друга страна каде што одредена операција нема непријател, туку имас за цел да создаде поволни услови за мир и истата се води непристрасно во тој случај станува збор за мировна операција. Иако практиката на ОН еволуираше доста значително во текот на изминатите шест децении, сепак трите основни принципи на мировните операции и понатаму останаа непроменети, а тие се следните: Согласност на страните, Непристрасност, Неупотреба на сила, освен во самоодбрана и одбрана на мандатот.[17]

### *2.1.1 Согласност на страните*

Мировните операции на ОН се распоредени со согласност од главните учесници во конфликтот. Тоа бара голема посветеност на страните кои се учеснички во политичкиот процес. Нивното прифаќање за спроведување на мировната операција им обезбедува сигурност на ОН во извршувањето на своите задачи. Доколку не би постоело таква согласност, ОН се подлежни на големи ризици во извршувањето на мировната операција. Во спроведувањето на мировната операција, ОН мораат постојано да се осигураат околу согласноста која ја дале страните учеснички во конфликтот со цел мировниот процес да бележи одреден напредок.[18]

Фактот дека страните во конфликтот дале согласност за распоредување на Мировниците од страна на ОН не мора да гарантира дека таа согласност ќе има ефект и на локално ниво. На пример партијата која има дадено согласност за распоредување на Мировниците од страна на ОН, може да побара ограничен опсег на акција од страна на ОН, со што би резултирало во дефакто за повлекување на согласноста за спроведувањето на мировната операција. Фактот дека главните страни ја дале својата согласност за распоредување на мировната операција од страна на ОН , не мора да значи ќе им гарантира согласност на локално ниво, особено ако страните потписнички се внатрешно поделени. Универзалноста на согласноста станува и помалку веројатна во ситуации на присуство на вооружени групи, каде истите имаат воспоставено контрола на територијата која им е завземена. Во вакви случаеви, мировната операција

[17] Исто стр.31
[18] Исто стр.32

мора да поседува политички и аналитички вештини и оперативни ресурси со што би управувала со ситуации каде што постои отсуство на локална согласност.

### *2.1.2 Непристрасност*

Непристрасноста е од клучно значење за одржување на согласноста и соработката на страните кои ја потпишале согласноста за делувањето на мировната операција на нивната територија. Мировниците на ОН треба да бидат непристрасни во нивните контакти со страните во конфликтот, но не и да бидат неутрални во извршувањето на нивниот мандат.[19] Без оглед на потребата да се воспостави и да се одржуваат добри односи со странките во конфликтот, мировниците мораат да избегнат активности кои би го компромитирале нивниот имиџ на непристрасност. Неуспехот да се стори тоа може да го поткопа кредибилитетот и легитимитетот на мировната операција и може да доведе до повлекување на согласноста за присуството и спроведувањето на мировната операција.

### **2.1.3 Неупотребата на сила, освен во самоодбрана и одбрана на мандатот**

Принципот на неупотреба на сила, освен во самоодбрана датира од првото распоредување на мировници од страна на ОН во 1956 година. Мировните операции на ОН можат да употребат сила на тактичко ниво, со одобрение на Советот за безбедност, само ако дејствуваат во самоодбрана и одбрана на мандатот.[20] Во одредени ситуации Советот за безбедност има дадено овластување за користење на неопходни средства со цел да се заштити цивилното население од непосреден физички напад и да им помогне на националните власти во одржувањето на мирот и безбедноста. Во глава VII од Повелбата на ОН предвидено е вклучување на употреба на сила во тактичко ниво, со одобрение од Советот за безбедност и согласност од страните во конфликтот.[21]

Целта на употребата на сила е да се спречат одредени вооружени групи да не го попречат спроведувањето на мировниот процес и да не биде извршен физички напад врз цивилното

[19] United Nations- Peacekeeping operations, Principels and Guidelines, Department od Peacekeeping operations January 2010 стр.33 достапно на unlb.org/pbps/library/capstone_doctrine_eNg.pdf пристапено на 12.11.2013

[20] Исто стр 34.35

[21] Charter of the UN- Chapter VII:Action with respect to threats to the peace, breaches of the peace and acts of aggression достапно на www.un.org/en/documents/charter/chapter7.html

население на територијата на која се спроведува мировната операција. Употребата на сила на мировната операција секогаш има политички импликации и често може да доведе до непредвидени околности.

Правната основа за примена на мировните операции кои се превземаат во согласност меѓу страните во конфликтот лежи во повелбата на ОН.[22] Причината за недефинирање на мировните операции е во фактот што речиси е многу тешко да се опфатат сите активности и суштината на мировните операции во една дефиниција. Во доктрината на НАТО, мировните операции се дефинирани како "воени операции кои се однесуваат на војна, и врз таа основа опфаќаат широк обем на воени активности, вклучувајќи операции во мир, во текот на конфликтот и по конфликтот".[23]

Мировните операции исто така се изведуваат и заради давање на подршка во напорите за зачувување на мирот на одреден простор.

## 2.2 Класификација на мировните операции

Бутрос Гали мировните операции ги класифицира врз основа на различни критериуми и тоа: критериуми на ангажирани сили, критериумот за начинот на ангажирање, целите на мировните операции и критериумот за употреба на оружје.[24] Како што наведивме во претходното подглавје дека мировните операции опфаќаат три вида на активност:

подршка на дипломатијата, одржување и наметнување на мирот сепак сето ова не значи дека овие активности никогаш нема да се променат. Тоа укажува на потребата за флексибилен пристап за примената на оваа активност. Според повелбата на ОН, направена е класификација на мировните операции и тоа според нивниот облик направен од јасно дефинирани оперативни задачи според степенот на изразеност на вооружените судири.

[22] Повелбата на ОН за примена на мировните операции лежи во глава VI и глава VII. Иако во ниту еден член не е застапен изразот "мировни операции", сепак тие се составен дел од Повелбата, како во решавање на споровите по мирен пат пропишани во глава VI, така и во ситуации кога постои недоволна согласност меѓу страните, а тоа е пропишано во глава VII од повелбата

[23] UN Doctrine S/1999/161 12 Февруари 1999 година достапно на http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N99/033/59/IMG/N9903359.pdf?OpenElement пристапено на 12.11.2013

[24] Boutros-Ghali, B. (1995). An Agenda for Peace, United Nations, New York

Според тоа постојат неколку видови на мировни операции [25]:

- Спречување на конфликти
- Воспоставување на мирот
- Зачувување на мирот
- Наметнување на мирот
- Пост-конфликтно градење на мирот

Кај мировните операции , како една задача исто така се смета и концептот на хуманитарна помош. Овај концепт на хуманитарна акција има задача да изврши спречување на принудната миграција во постоечки услови на криза.[26] Хуманитарната помош има голема улога во одржувањето на безбедноста, без разлика дали истата е спроведена на страна на војската или цивилниот персонал. Во извештајот на Меѓународната комисија за интервенција и државна сувереност (ICISS) беше нагласена должноста како "Одговорност да се заштити" животот на цивилното населени. Комисијата за интервенција на државна сувереност имаше констатирано дека, доколку оваа одговорност не биде

одржувана од страна на власта, во тој случај други влади со одобрение на ОН, имаат право да делуваат и да употребат воена сила како последна опција.[27]

## 2.3 Еволуција на Мировните операции на ОН

### 2.3.1 Мировните операции за време на Студената Војна (Традиционални мировни операции )

Мировните операции кои се изведувале во периодот на Студената Војна се познати уште како прва генерација на мировни операции односно традиционални мировни операции. Традиционалните мировни операции биле спроведувани со послаби воени сили

[25] Милутиновић, С., (2007), *Појам и класификација мировних операција Организација Уједињетих нација*, Војно дело, бр. 1/2007, стр. 157

[26] ( David Carment and Albrecht Schanabel 2003. "Conflict prevention: Path to Peace or Grand illusion? United Nations Universitty Press, New York стр.198

[27] International Commission on Intervention and State Sovereignty, The responsibility to Protect 2001 достапно на http://responsibilitytoprotect.org/ICISS%20Report.pdf пристапено на 12.11.2013

и во суштина тие преставувале набљудувачки мисии. Традиционалните мировнии операции првично биле применети по основањето на ОН. Тие се засноваат врз идејата дека меѓународната заедница треба да им помогне на страните во конфликтот во воспоставувањето на мирот. Меѓународната мировна академија мировните операции ги дефинира како " средство за спречување, контрола и престанок на непријателствата меѓу страните во конфликтот преку интервенција од трета страна под организација на меѓународната заедница со користење на мултинационални воени сили, полиција и цивили за обнова и одржување на мирот".[28]

Со цел постигнување на поставените задачи (прекин на вооружените конфликти) од страна на ОН, тие се обидувале да воспостават тампон зона[29] која ќе послужи да не се повторат повторни нарушувања на безбедносната ситуација. Прва мировна операциа воспоставена од страна на ОН била, набљудувачката мисија на САД во Палестина (UNTSO) во 1948.

Нејзина примарна задача била обезбедување на воена командна структура на мировните сили на Блискиот Исток за да се овозможи набљудување од страна на мировниците за прекин на огнот и почитувањето на потпишаниот договор за мир.[30]

Како втора поголема мисија во тој период била мисијата во Египет(UNEF I ) која започнала во ноември 1956 и траела до мај 1967 година. Оваа мисија е основана од страна на Генералното собрание на ОН со цел да се обезбеди крај на Суетската криза.[31] Оваа мисија имала за цел да обезбеди безбедно поминување на Француските и Британските бродови низ Суетскиот канал.

Со цел да се осигураат дека тие барања се исполнети , Генералното Собрание одлучило да испрати набљудувачи во регионот за да го следат напредокот на примирјето.

Повлекувањето на Француските и Британските воени сили завршило во втората половина на Декември во 1956 година.[32]

[28]Rikhye, J., Harbottle, M., & Egge, B. (1974). *The Thin Blue Line: International Peacekeeping and its Future.* New Haven: Yale University Press стр.11

[29] Тампон зона во суштина преставува неутрална зона помеѓу страните во конфликтот која има за цел да ги спречи непријателските страни повторно ја нарушат безбедноста на земјата во која војуваат

[30] http://en.wikipedia.org/wiki/United_Nations_Truce_Supervision_Organization пристапено на 13.11.2013

[31]www. en.wikipedia.org/wiki/United_Nations_Emergency_Force

[32] US State Department, Bureau of Public Affairs. (n.d.). *Suez Crisis, 1956.* Retrieved June 16, 2009, from US Department of State: достапно на http://www.state.gov/r/pa/ho/time/lw/97179.htm пристапено на 13.11.2013

Последните Израелски војници од територијата на Газа биле повлечени во Март 1957 година со помош на ОН, со што потоа војниците на ОН помогнале во расчистувањето на Суетскиот канал кој бил окупиран за време на војната.[33] Поради Израелската опозиција, мировниците на ОН кои биле задолжени да вршат набљудување на ситуацијата на границата помеѓу Израел и Египет, истите биле стационирани на Египетска граница со согласност на Египетската влада на Гамал Абдел Насер. Мисијата УНЕФ покажала позитивни резултати во одржувањето на прекинот на огнот по должината на Израелско-Египетската граница, при што Египетската влада во 1967 година побарала повлекување на мировните сили.[34] Традиционалните мировни операции се засновани врз три принципи и тоа: Согласност на страните засегнати во конфликтот,употребата на сила во случаеви на самоодбрана и третиот принцип е принципот на непристрасност.[35]

Овие принципи биле од голма важност се до раните 1990 ти, каде што потоа настанала голема промена на природата на транснационалните конфликти и војните помеѓу државите, при што ОН биле принудени да ги променат своите позиции кога за спроведувањето на мировните операции.

**2.3.2 Развојот на Мировните операции после завршувањето на Студената војна ( Втора генерација на Мировни операции )**

Преминот кон втората генерација на мировни операции содржи проширување на дефиницијата на мировните операции. Оваа нова форма на мировни операции беше постигната со " подобрување на мировниот модел, со редефинирање на употребата на сила од страна на мировниците и согласноста на концепти".[36]Мисиите на ОН не преставуваат само мировни мисии, тие се операции што вклучуваа и спроведување на мирот, градење на мирот, градење на конфликтна превенција.[37]

---

[33] Исто

[34] UN Department of Public Information. 2003. *Completed Peacekeeping Operations: Middle East.* Retrieved January 23, 2009, from First United Nations Emergency Force: http://www.un.org/Depts/dpko/dpko/co_mission/unefi.htm пристапено на 13.11.2013

[35] Katayanagi, M. (2002). *Human Rights Functions of United Nations Peacekeeping Operations.* The Hague: Martinus Nijhoff Publishers

[36] Fleitz, J. F. (2002). *Peacekeeping Fiascoes of the 1990s : Causes, Solutions, and U.S. Interests.* Westport, CT: Praeger. стр.8

Првите почетоци на втората генерација на мировни операции започнале со мировните операции за чувањето на мирот, со тоа што првите т.е традиционалните мировни операции не ги исполнувале потребите за изградбата на мирот во конфликтните земји. Втората генерација на мировни операции доста често ги карактеризираат и како комплексни и мултифункционални операции, а тоа е така бидејќи постои голема разлика во силите кои се употребуваат во непредвидливи услови во внатрешните конфликти на државите. Втората генерација на мировни операции исто така ја карактеризира и формирањето на посебните единици за интензивирање на соработката со владините органи, а исто така и соработката со НВО. Оваа соработка се должи на постигнувањето на крајната цел на мировната операција, а тоа е да се воспоставање на мирот и почитување на човековите права и слободи. Согледувајќи го периодот од 1990 година, може да се забележи значително зголемување на бројот на мировните операции. Во периодот од 1990 се реализирани околу осумнаесет мировни операции, вклучувајќи ги и мировните мисии во Ирак, Босна и Херцеговина, Македонија, Косово и Сомалија.[38]

### *2.3.2.1 Ирак (UNIKOM- УНИКОМ)*

Состојбата во Ирак укажува на тоа дека решение за проблемот кое ќе воспостави мир и ќе создаде услови за развиток на политиката на земјата е сеуште невозможно. Меѓународната заедница даде одговор за теророт кој го наметнуваше Садам Хусеин врз Курдите и Шиитите, а кој резултираше со пораз на Ирак во Војната во Заливот.

Војната во заливот беше легитимирана како одвраќање на агресорот и поставување на сигурни зони за Курдите во северниот дел и сигурна зона за Шиитите во јужниот дел на Ирак. Тоа претставувало голем ризик за суверенитетот на земјата и намалување на поддршката од страна на сојузниците од Средниот исток.[39]

---

[37] Joint Chiefs of Staff. (1999, February 12). *Peace Operations.* Retrieved January 28, 2009, from Joint Electronic Library: http://www.dtic.mil/doctrine/jel/new_pubs/jp3_07_3.pdf пристапено на 29.11.2013

[38] Taylor B. Seybolt, *Humanitarian Military Intervention: The Conditions for Success and Failure,* Oxford University Press, New York, 2007, стр.28

[39] Mayall James, The *Concept of Humanitarian Intervention Revisited*, во изданието на Albrecht Schnabel and Ramesh Thakur, *Kosovo and the Challenge of Humanitarian Intervention: Selective Indignation, Collective Action, and International Citizenship,* достапно на http://archive.unu.edu/p&g/kosovo_full.htm#20, пристапено на 01.12.2013

Интервенцијата која беше спроведена со даден мандат на Советот за безбедност, имаше оправдана интервенција која имаше правна основа на членот 39 од Повелбата на ОН.[40]

Со резолуцијата 687 на Советот за безбедност, воспоставена е демилитаризирана зона (ДМЗ) по должина на границата меѓу Ирак и Кувајт, со цел да бидат следени од набљудувачките единици на ОН. Советот за безбедност му даде мандат на мировните сили на УНИКОМ за следење на демилитаризираната зона водена помеѓу Ирак и Кувајт, со цел да го одврати поместувањето на границата и прекин на непријателските акции монтирани од Ирак врз Кувајтската територија.[41]

На 13ти Април 1991 до 06 Мај, мисијата УНИКОМ била целосно распоредена. На почетокот мисијата имала за задача да обезбеди основна заштита за време на фазата на формирање, со што мисијата вклучи пет пешадиски гарди составени од мировните сили на ОН во Кипар и Либан. Овие сили биле повлечени до крајот на Јуни 1991 година. Концептот на УНИКОМ се базирал на патрола и набљудување на воените бази, набљудување на воздушниот простор и сл.[42]

Овластувањата од Советот за Безбедност и наметнувањето на "зони на забранети летови" во Ирак, од страна на САД и Велика Британија дадоја порака која посочува на интерпретацијата на Повелбата на ОН. Оваа Заливска Војна не била доволно анализирана од неуспехот на сојузниците за целосното одстранување на Садам Хусеин од лидерската позиција. Мерките кои ги превзеде Советот за безбедност воспоставија правни и нормативни модели за хуманитарната интервенција. Резолуциите 678 и 688 обезбедија поопширно дефинирање на легитимната интервенција во споредба со обвинението на Ирак за повреда на суверенитетот.

Претседателот на САД Џорџ Буш за "новиот светски поредок" со кој ги осудува прекршителите на човековите права, завзеде силен удар како еден од најистакнатите слогани во периодот по Студената војна.[43]

---

[40] ( Резолуција на Советот за Безбедност на ОН бр. 688, достапно на http://daccess-dds-ny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/NR0/596/24/IMG/NR059624.pdf?OpenElement, пристапено на 01.12.2013

[41] Поопширно види на United Nations Iraq-Kuwait Observation Mission достапно на www.un.org/en/peacekeeping/missions/past/unikom/ пристапено на 01.12.2013

[42] ИСТО

[43] Fromkin David, *Kosovo Crossing: American Ideals Meet Reality on the Balkan Battlefields*, The Free Press, New York, 1999, стр. 75

Големите напори на превземените санкции биле да се изврши притисок врз Ирачката влада да се откаже од оружјето за масовни уништување и да го подобри односот кон малцинствата. За мировната операција во Ирак која претставува еден вид на хуманитарна интервенција во периодот од 1991 година до 2003 година, најкарактеристично е тоа што после ослободувањето на Кувајт , се појавиле нови закани со хуманитарни катастрофи. Новите закани опфаќале протерување на голем број на Курди, кои биле изложен на присилни мерки од страна на Ирачките власти и истите биле протерувани во Турција. Но со доаѓањето на Курдите на Турска територија, се појавило проблем кој опфаќал појавување на судири помеѓу Турските власти и протераното Курдско население. Имено Курдското населени се трудело да ја објави идејата за создавање на независна Курдска држава. По завршувањето на првата интервенција, голем дел од Курдското население се вратило на територијата на Ирак т.е во независниот регион Курдистан.

Во изминатиов период во Ирак, сеуште се дискутабилни и двете мировни мисии, нивниот успех и неуспех, нивната оправданост и сл. За превземањето на мировните операции на

територијата на Ирак постоеше поделеност во меѓународната заедница, со тоа што Русија и Кина се одлучија за блокада врз работата на Советот за Безбедност, додека целосната подршка за Интервенција на територијата на Ирак, Советот за безбедност ја доби од совремeнтие земји. Доколку се анализираат досегашните мировни операции во Ирак, ќе можеме да констатираме дека мировните операции беа превземани без одобрение на ОН, со што тие не ја постигнаа поставената цел при што доведија до можна ситуација за повторно загрозување на безбедноста на Ирак и неговото општество.

### *2.3.2.2 Босна и Херцеговина (UNMIBH- УНМИБХ)*

Може да се каже дека крајот на борбите во Босна и Херцеговина беа до крајот на 11-ти Октомври 1995 година. Од тој датум пак се до 20-ти Декември 1995 година, силите на ОН ( УНПРОФОР) го следеа прекинот на огнот со цел да се овозможи почеток на мировните преговори кои требало да се се одржат во Дејтон-Охајо. На 21-ви Ноември 1995 година, во Дејтон беше потпишан Генералниот рамковен договор за мир во Босна и Херцеговина и истиот бил парафиран заедно со единаесет анекси. На 8-ми и 9-ти

Декември 1995 година, конференцијата за спроведување на мирот беше состанета во Лондон, со цел да се назначи висок претставник за спроведување на мировниот договор за Босна и Херцеговина. Неколку дена подоцна т.е на 14-ти Декември 1995 година во Париз бил потпишан мировен договор од страна на Република Босна и Херцеговина, Република Хрватска и Сојузна Република Југославија.[44]

Со потпишувањето на мировниот договор, трите потписнички превзеле голема посветеност на водењето на односите кои биле пропишани во Повелбата на ОН, целосното почитување на суверената еднаквост, решавањето на споровите да го прават на мирен начин, да се воздржат од било каква акција против територијалниот интегритет и политичката независност на БиХ. Мировниот договор кој го потпишале трите републики, содржел единаесет анекси во кои биле опфатени широк спектар на прашања, вклучувајќи:

- Воените аспекти на мировниот договор;
- Регионалната стабилизација;
- Разграничувањето на интер-лица на граничната линија меѓу БиХ и Република Српска;
- Одржување на демократски избори;
- Почитување на човековите права;
- Помош за бегалците;
- Спроведување на мировниот договор;[45]

Мандатот на УНМИБХ опфаќал придонес за воспоставување на владеењето на правото во Босна и Херцеговина, преку помагање на реформирањето и реструктуирање на локалната полиција, проценка на функционирањето на постојаниот судски систем и други мерки кои се неопходни за одржување на законот и редот. Главни компоненти на мисијата УНМИБХ беа:

- Меѓународните полициски оперативни сили ( ИПТФ) – овие сили биле вмешани во промената на примарниот фокус на локалната полиција од безбедноста на државата

[44] Босна и Херцеговина-УНМИБИХ- Позадина, достапно на www.un.org/en/peacekeeping/missions/past/unmibh/baskground.html пристапено на 02.12.2013
[45] ИСТО

за безбедноста на поединецот. ИПТФ помогнала да се создаде мултиетничка полиција со цел да се осигураат дека истата ќе делува ефикасно и професионално. Со ова преструктуирање довело реформи и во формирањето и обуката на судската полиција. Во незиниот мандат ИПТФ имала за задача да изврши специјализирана обука за борбра против организираниот криминал и трговијата со дрога. Може да се каже дека ИПТФ дала голем придонес во соработката со локалната полиција во БиХ со што обезбедила стручна подршка во истрагите на посебните случаеви.

- Формирање на канцеларијата за човекови права- со резолуцијата на Советот за Безбедност 1088.[46] Основните цели на канцеларијата за човекови права биле да: го испита кршењето на човековите права од страна на полицијата, да донесе поправни мерки за овие прекршоци, да обезбеди спроведување на корективни мерки и сл. Покрај овие компоненти, канцеларијата за човекови права била задолжена да изврши и одржување на регистарот на полицискиот локален персонал, да ја одржува базата на податоци и да ги разгледува апликациите за нови полициски регрути, особено апликациите на малцинските етнички групи.
- Судски систем за програма и проценка (JSAP)- овај систем е основан во согласност со резулуцијата за безбедност 1184 донесен на 16-ти Јули 1998 година.[47] Програмта била задолжена за следење и оценување на сидскиот систем на БиХ, како дел од целокупната програма на правните реформи во рамките на целокупната координација на високиот претставник. Екипи на меѓународни и национални адвокати вршеле проценки на правните институции во БиХ. На крајот на 2000 годин, оваа одговорност била преименувана во независна судска комисија во рамките на Канцеларијата на високиот претставник.
- Кривична правда-одделение за советување – со цел да се поттикне соработката меѓу системот за кривична правда, како и да се задржи подршката на советодавната функција, УНМИБХосновала Советодавна единица за правда.

[46] www.un.org/en/peacekeeping/missions/past/unmbih/%26biw%3D1920%26bih%3D9648&rurl
[47] поопширно на www.un.org/en/peacekeeping/missions/past/unmbih/%26biw%3D1920%26bih%3D9648&rurl

Оваа единца била задолжена за следење на клучните судски случаи помеѓу полицијата и судството.

- Граѓански работи- улогата на одделението за цивилни прашања, било да обезбеди стручни совети и помош за сите единици за развој на политиката, стратешката анализа и спроведувањето на програмта во склоп на УНМИБХ. Одделението за цивилни прашања исто така било задолжено за сеопфатното известување во врска со мандатот на УНМИБХ
- Управа за јавни работи- канцеларија за односи со јавност била задолжена да врши подршка на мисијата од страна на развој, управување и спроведување на информации од јавен карактер и сл. Оваа управа се состоела од Канцеларија на портпаролот за радио и телевизија, односи со јавност, мониторинг на медиумите и печатените весници.
- Координација на системот на ОН- како координатор на работењето на ОН во БиХ, СПГС била фокусирана на програмите кои го подржувале враќањето на бегалците и раселените лица од територијата на БиХ, промоцијата на човековите права, благосостојбата на децата, образование и култура, инфраструктурна и економска реконстукција и сл.[48]

Анализираќи ја мировната мисија на ОН (УНМИБХ) може да се заклучи дека мировната мисија во Босна и Херцеговина даде придонес во проширувањето на ~~легитимната интервенција кои е запишано во Глава VII од Повелбата на ОН.~~ Според Глава VII од Повелбата на ОН, воената интервенција следела, после случувањата на злосторствата во конфликтот на СФРЈ. Доколку се земат во предвид човековите права, интервенцијата во Босна може да биде карактеризирана како закана за меѓународниот мир и безбедност. Доколку се земе во предвид дека Советот за Безбедност направил либерални толкувања на членовите 39 и 51 од Повелбата на ОН, ќе се докаже дека превземените интервенции на територијата на БиХ не се во склад со Вествалската државна сувереност.

[48] Исто

### *2.3.2.3. Македонија ( UNPREDEP United Nations Preventive Deployment Force- УНПРЕДЕП)*

Мисијата на ОН на територијата на Македонија имаше за цел да изврши спречување на можен конфликт. Мисијата УНПРЕДЕП претставува континуирана операција која содржи неколку последователни институционални фази. УНПРЕДЕП најпрвин беше започната како дел од мисијата УНПРОФОР. Причината за воспоставување на мировна мисија во Македонија како млада држава претставуваше еден предзнак за вклучување на сигналоното светло во меѓународната заедница. Тогашниот претседател Киро Глигоров, согледувал ситуација во која е неопходно воспоставување на мировна мисија, т.е да се изврши превентивно распоредување на силите на ОН на територијата на Република Македонија, со цел да се зачува мирот на балканот.

Како причина за распоредување на силите на ОН на граничната територија на Македонија со Албанија и СР Југославија е во тогашната загриженост од можни прелевања на борбите кои се извршувале на територијата на СР Југославија на територијата на Р. Македонија. Според тогашниот претседател Киро Глигоров, причините за ваков страв од можно прелевање на борбите на територијата на Македонија е токму во тоа што Македонија била млада држава и немала доволно силна одбрана за да се спротистави на таквите закани кои можат да и бидат наметнати.

Во оваа ситуација станува збор за опасноста од прелевање на војната од север на територијата на Македонија, нарушување на меѓуетничките односи во Македонија и сл. Доколку се согледаат наведените причини за воспоставување на мисија од страна на ОН, може да се каже дека барањето на претседателот Глигоров е повеќе од основано.

Тогашните Македонски власти со воспоставувањето на мисијата на ОН, очекувале да бидат намалени тензиите со самото тоа што во северните и во западните погранични области, ќе бидат присутни меѓународните мировници. Членовите на мисијата на силите на ОН, сметале дека нивните мировници требало да бидат распоредени на северните и западните погранични реони на Македонија заради неколку причини: да ги набљудуваат пограничните области и преку командантот на силите да го известуваат генералниот секретар на ОН за настаните кои можат да претставуваат евентуална закана за Македонија и со своето присуство, да извршат одвраќање на таквите закани, а и да помогнат да се

спречат можни судири помеѓу македонските сили и надворешните елементи и притоа ќе допринесат за зајакнување на безбедноста во Македонија.[49]

Пред да биде донесена конечната одлука за започнување на мисијата од страна на ОН, тие испратиле истражувачка мисија на УНПРОФОР во Скопје, со цел да бидат испитани условите за доаѓањето на мировните сили на ОН.[50] Истражувачката мисија на била предводена од тогашниот генерал Бо Пелнас, кој исто така бил и воен набљудувач на УНПРОФОР, при што направил средба со високи државни претставници на тогашната власт. По направената истражувачка мисија од страна на УНПРОФОР и испраќањето на информациите до Советот за безбедност, се утврдила потребата за воспоставување на мисијата на граничната територија на Македонија.

Оперативната независност на УНПРЕДЕП имала повеќестрано значење за Р.Македонија. Најголемите причини за оваа ситуација се во најголемиот дел од обврските на УНПРОФОР што се однесуваат на постконфликтни ситуации, кои не беа во корист за Р.Македонија, а тоа е така затоа што во Македонија непостоеше фактичко постоење на конфликт. Како причини за поднесеното барање за воспоставување на мировна мисија на територијата на Македонија е тоа што Македонија не беше учесничка во војната во СР Југославија и со тоа не беше политички одржлива мисијата на ОН во земјата да биде дел од УНПРОФОР.[51]

Активностите на мировната мисија УНПРЕДЕП биле составени од три посебни делови и тоа:

- Распоредување на воени сили- видливоста на силите служела за одвраќање на можните причини за конфликт. Професионализмот на силите служел како дополнителен елемент за успех и од особена важност била ограничената употреба на сила освен во случаеви на самоодбрана, тоа требало да има позитивно влијание во толкувањето за можностите и односот со силите на ОН од страна на македонските власти ;

[49] Sokalski, H. (2003). An Ounce od Prevention: Macedonia and the UN Experience in Preventive Diplomacy. Endowment of the United States Institute of Peace, стр.136
[50] Глигоров Киро, (2000). Македонија е се што имаме. Издавачки центар ТРИ, Скопје, Македонија, стр.312
[51] Williams, A. (2000). Preventing war: the United Nations and Macedonia. Rowman & Littlefield Publishers, New York, стр.76

- Добри услуги и политичка акција- мисијата со целокупното свое присуство во Македонија , одржувала активни контакти, со цел да направи унапредување на внатрешната стабилност. Со тоа мисијата постанала битен фактор во остварувањето на дијалогот помеѓу политичките и етничките партнери, со цел да се воспостави комуникација за прашањата поврзани со правата за етничките заедници.
- Човековата димензија- постепено оваа димензија како посебен дел од мисијата на УНПРЕДЕП почнала да биде прифаќана како важен дел при изнаоѓање на решенија за чувствителни политички проблеми.[52]

Мандатот на мисијата бил продолжуван на секои шест месеци, при што секое продолжување на мандатот претставувало детална анализа на сработените задачи за изминатиот шест месечен период и изготвување на дополнителни планови за се она што треба да биде сработено во наредниот шестмесечен мандат. Анализираќи ги досега изнесените информации за мисијата УНПРЕДЕП во Република Македонија, можеме да заклучеме дека причините за превентивно распоредување на мировните сили на ОН на територијата на Македонија се поопширни. Во тој период во Македонија имало можност за прелевање на војната од СР Југославија, со што би дошло до нарушување на меѓуетничките односи во Македонија, нарушување на економската и социјална состојаба и сл. Оваа мисија се има покажано како добар пример за еден современ пристап на превенција на конфликти и можности за создавање на демократско општество во кое ќе бидат максимално почитувани човековите права, градење на добри соседски односи и сл.

### 2.3.3 Трета генерација на мировни операции

Третата генерација на мировни операции е за нијанса подобра од втората генерација на мировни операции. Како што наведив погоре целта на втората генерација на мировни операции беше да се запрат непријателствата и да се започне со процесот на нормализација на односите меѓу страните во конфликтот. Денес, овај процес е генерално наведен како мировен процес и вообичаено кулминира со спроведувањето на слободни,

[52] Sokalski, H. (2003). An Ounce of Prevention: Macedonian and the UN Experience in Preventive Diplomacy. Endowment of the United States Institute of Peace str. 179-215

демократски избори со цел да се избере нова владеачка гарнитура која ќе биде прифатлива за секој граѓанин. Концептот на третата генерација на мировни операции не ги решава проблемите кои предизвикуваат конфликт, без разлика дали истиот тој конфликт е од етничка, верска или културна природа.

Третата генерација на мировни операции едноставно е наменета за да ги земе овие работи во предвид и според нив да обезбеди мир и безбедност во општеството. ОН во извршувањето на оваа генерација на мировни операции, својот грб т.е своето потпирање го прават врз помошта која ја добиваат од регионалните организации како што се НАТО, ОЕЦД и ОАУ. Класичен пример за ваквото потпирање за спроведување на третата генерација на мировни мисии на ОН, се мисиите на Косово или Дарфур, каде што ОН побараа од НАТО и ОАУ да обезбедат воен персонал со цел да се исполни мандатот на ОН во спроведувањето на мировната мисија.[53]

Третата генерација на мировни операции се состои од различни фази кои водат кон еволуција од конфликт кон стабилен мир. Зависно од ситуацијата во земјата каде што се води конфликтот или регионот, оваа форма на мировни операции може да започне со спроведување на мирот, односно може да бидат испратени војници за присилно запирање на борбите со цел да се продолжи градењето на мирот и да се обноват неуспешните држави во случаеви кога властите не се повеќе во својата надлежна функција. Последниот чекор од третата генерација на мировни операции е почитувањето на резултатите од изборниот процес. Овај чекор т.е овај процес е придружен со напорите за подобрување на хуманитарната ситуација , како што е доставата на храна и вода за цивилното население, како и напорите за подобрување на ситуацијата со човековите права.

Сепак, некои аспекти на третата генерација на мировни операции не се лесни или речиси се невозможни истите да бидат спроведени. Тоа е така бидејќи принудувајќи ги страните во конфликтот да извршат престанок да се спротиставуваат едни со други и да завземат свои страни, во тој случај ситуацијата станува многу проблематична и истата може да резултира негативно.

[53] За повеќе информации за мисијата на ЕУ во Косово види на Bielfesky, 2008; DW Staff, 2008; за повеќе детали за мисијата во Дарфур види на OAU mission in Darfur, Hanson, 2008, St. Pierre&Leaver, 2008 и United Nations Department of Public Information, 2009.

Пример за ваков вид на мисија е мисијата во ОН во Сомалија, каде трупите на ОН одлучиле да се постигнат целите на мандатот и да се изврши разоружување на клановите во државата и да се направи слободен проток на хуманитарната помош. Но ваквиот обид резултирање со неуспех, со што регионалните кланови донесле заедничка спогодба да возвратат на ударот на ОН, при што ОН биле принудени да се повлечат од територијата и со тоа мисијата резултирала со неуспех.[54]

Но покрај вообичаено пошироките мултидимензионални мандати кои вклучуваат поделба на силите и нивно разоружување, демобилизацијата и трансформацијата на редовните и вонредните сили во војстакта, воспоставвуањето на новите полициски системи и набљудувањето на изборите за нови влади, најновите мисии на ОН беа помали од мисиите во Босна и Сомалија. Вкупниот број на мировници бележел драстичен раст и тоа десет илјади мировници во Јануари 1992 год на околу седумдесет и осум илјади во Јули 1993 со спроведувањето на мировните мисии на ОН во Босна и во Сомалија.[55]

И покрај зголемениот број на мировници и мировни операции од страна на ОН, во периодот од 1990 до 2000 година, Советот за безбедност на ОН ги одобрил триесет и шесте нови мировни мисии, а во моментот постојат уште шеснаеесет активни мировни мисии на ОН.[56]

Анализираќи ја втората и третата генерација на мировни операции, можеме да забележиме дека тие се толку слични, при што е невозможно да се направи некоја голема разлика помеѓу нив. Разликата е во тоа што третата генерација на мировни операции вклучуваат посебна одредба која е пропишана во Глава VII од повелбата, за разлика од втората генерација на мировни операции и нивната повелба која е пропишана во Глава VI од повелбата на ОН.

[54] United Nations. (1997, March 21). *UNOSOM II - Mission Backgrounder*. Retrieved January 28, 2009, from Somalia - UNOSOM II достапно на : http://www.un.org/Depts/DPKO/Missions/unosom2b.htm пристапено на 07.12.2013

[55] UN Department of Public Information. (2001). *Statistical Data and Charts*. Retrieved June 23, 2009, from United Nations Peacekeeping from 1991 to 2000: http://www.un.org/Depts/dpko/dpko/pub/pko.htm

[56] United Nations. (1996). *Charter of the United Nations; June 26, 1945*. Retrieved January 23, 2009, from The Avalon Project at Yale Law School: http://www.yale.edu/lawweb/avalon/un/unchart.htm#art42

* * * *

Врз основа на досегашната анализа може да се констатира дека мировните операции се целни активности на ОН и дека тие активности сочинуваат надворешно-политички процест кој се одликува со содржина и структура, одобрена употреба на оружје и сл. Мировните операции се изведени од меѓународни мултилатерални сили и истите се спроведуваат непристрасно кон ниту една негативна наклонетост кон страните. Како резиме на оваа глава може да се каже следното: Мировните операции се мултидисциплинарен процес кој се спроведува од страна на ОН, во согласност со страните во конфликтот, со цел да се воспостави градење на мирот и стабилноста на една држава кога истите биле нарушени и со тоа успехот на мировната операција директно зависи од интересите на страните кои се зафатени во конфликтот.

## 3. ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМОТ РАЗУЗНАВАЊЕ ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА

Разузнавањето е клучен елемент на секоја воена операција. Доста често успехот на мировната или воената операција зависи од квалитетот на разузнавачките информации кои ги имаат воените команданти. Со зголемувањето на комплексноста на мировната операција се зголемува и потребата од разузнавачките информации во истата таа мировна операција. Собирањето на информации за намерите и способностите на непријателот датира со векови. Модерната форма на разузнавањето е развиена во IX и XX век.

Разузнавањето не означува само активност со која се прибираат податоци за непријателот т.е за неговата економска, воена или политичка моќ. Денес разузнавањето е насочено кон сите свери на човековото постоење. Поседувањето на информации за нешто што може да ги наруши виталните вредности на една држава е најважен предуслов за превенција против заканите кои ги загрозуваат виталните вредности на државата, а превенцијата е најважната улога на разузнавањето.

Разузнавачката дејност претставува примарна потреба за поседување на информации, следење на одредени текови и активности на потенцијалниот конкурент . Информациите за загрозувањето т.е заканта било таа да е од внатрешен или од надворешен фактор треба да ги обезбеди разузнавачката служба која претставува битен инструмент на државата. Разузнавачките служби се должни да обезбедат голем број на квалитетни информации за

безбедносните институции и сегментите на државното раководство и општеството, со што ќе се изградат понатамошни активности и стратегии за заштита на интегритетот , обезбедувањето на општествените институции, заштита на виталните вредности на државата , зачувување на мирот, заштита на своите граници и извидување на воено-безбедносни операции. Ова значи дека обемот и квалитетот на информациите кои ги поседува една разузнавачка служба , треба да ги задоволи потребите и барањата неопходни за остварување на националните интереси на општеството.

### 3.1 Дефинирање на разузнавањето

Од општо гледиште, разузнавањето може да се дефинира како собирање и анализа на информации чија основа ја сочинуваат различни податоци.

Попрецизно разузнавањето може да се дефинира како " продукт или резултат кој произлегува од собирањето, обработката,интеграцијата, анализата, евулацијата и толкувањето на расположливите информации кои се однесуваат на странски држави".[57]

Според Федералното Биро за Истраги на САД (FBI), "разузнавањето претставува анализирана и прочистена информација корисна за донесување на одлуки од страна на државното раководство, посебно за одлуки кои се однесуваат на потенцијални закани за националната безбедност".[58]

Според Американската Централна разузнавачка служба (CIA) "Разузнавањето е знање за светот околу нас и вовед во одлучувањето и делувањето на креаторите на политиката на САД".[59]Анализираќи ги наведените дефиниции може да се констатира дека сите дефиниции го содржат терминот "информација" која е во функција на насока на креирање на внатрешната политика на суверените држави. Познатата максика "знаењето е сила, знаењето е моќ" во денешно време е најрелевантната од кога да било до сега. Во дефинирањето на поимите разузнавање т.е разузнавачка дејност и шпионажа мора да направиме јасни разлики меѓу овие два поими." *Шпионажата претставува собирање доверливи податоци за други земји со тајни и недозволени средства и методи, заради*

[57] Котовчевски Митко, Божиновска Слаѓана, *Англиско-Македонски Речник на Разузнавачка Терминологија*, Скопје, Филозофски Факултет, 2007, стр. 90

[58] FBI, достапно на http://www.fbi.gov/about-us/intelligence, пристапено на 10.10.2013

[59] Central intelligence Agency, A consumers Guide to Intelligence , Office of Public Affairs , 199 str.VII

*остварување на политиката и целите на држава која ја организира таквата дејност, заради заштита на безбедноста на својата земја и нанесување штети на интересите, политиката и безбедноста на другите држави."*[60] Разузнавачката дејност е разработена од посебни служби кои се дел од државните институции и работат по правила и норми утврдени со закон. Според професорт на Институтот за безбедност, одбрана и мир Проф. д.р Митко Котовчевски, "*разузнавачката дејност се врши преку собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајна дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата".*[61]

### 3.2 Форми на разузнавање

Разузнавањето може да се подели на три нивоа на разузнавање и тоа: стратешко, оперативно и тактичко разузнавање. Стратешкото разузнавање е потребно за формирање на политички и воени планови на меѓународно ниво.[62] Стратегиското разузнавање има многу поголеми цели. Тоа преку своите цели се насочува кон раководните лица на државата со цел да им ја претстави сликата која е неопходна за креирање на политиките на државата. Стратегиското разузнавање е наменето за највисокото државно и воено раководство. Разузнавачките продукти од стратегиско разузнавање се користат за поставување и развој на националната стратегија и политика, следење на меѓународната состојба, подготовка на воени планови, одредување и постојано прилагодување на структурата на вооружените сили и системи на вооружување согласно побарувањата за реализација на операции на стратегиско ниво. Стратегиските разузнавачки операции обезбедуваат разузнавачки информации неопходни за изработка на стратегиските планови за реализација на одредени мисии поврзани со националната и меѓународната

[60] Котовчевски Митко, *Тајни Служби*, Македонска Цивилизација, Скопје, 1999, стр. 30
[61] *Исто*, стр. 57
[62] Miller, G. A. (2009). *WordNet*. Retrieved July 7, 2009, from Princeton University http://wordnet.princeton.edu/)1.

безбедност.[63]. Според дефиницијата од Речникот на разузнавачка терминологија.Стратегиското разузнавање претставува "разузнавање што е потребно за формулирање на стратегијата, политиката и воените планови и операции на национално ниво и на воена зона"[64]

Оперативното разузнавање претставува разузнавање кое е потребно за планирање и спроведување кампањи со цел да се постигнат стратешки цели во рамките на оперативните зони.[65]

Од воен аспект, оперативното разузнавање е наменето за военото раководство и командите на воените единици на оперативно ниво. Целите на оперативното ниво на разузнавање се:

- Подршка во сите фази на воените операции од развивањето на единиците до враќање на единиците во своите бази;
- Да обезбедува разузнавачки информации потребни за комплетирање на стратегиски цели од зоните на операции или зоните од непосредна близина;
- Планирање и управување со активностите, кампањите и позначајните операции на пониско ниво;[66]

  Тактичкото ниво на разузнавање е потребно за планирањето и изведувањето на тактички операции.

Тактичкото разузнавање се фокусира на борбеното разузнавање кое се користи од страна на командантите , за планирање и реализирање на вооружена борба и специјални мисии.[67] Тактичкото разузнавање највеќе е фокусирано кон проценка на резултатите од определени воени борби. Ова ниво на разузнавање е наменето за краткорочна употреба. Како цели на тактичко разузнавање можат да се наведат :

[63] *Котовчевски Митко. Основи на разузнавање-Скопје:Филозовски факултет-Скопје 2013 стр.55*

[64] *( Митко Котовчевски (2009). Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија. Бомат графикс, Скопје, стр.155*

[65] Keane, M. (2005). *Dictionary of Modern Strategy and Tactics.* Annapolis, MD: Naval Institute Press. p 145

[66] *Разузнавачки операции и асиметрични закани/ Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Скопје:Соларис Принт 2010 стр.56*

[67] *Котовчевски Митко. Основи на разузнавање-Скопје:Филозовски факултет-Скопје 2013 стр. 57)*

- локациите на непријателските сили и вооружените системи;[68]
- тактичката способност за совладување на бојните полиња со маневри;
- идентификување и проценување на непријателските способности, цели и осетливост и колку тоа може да се користи на теренот;
- идентификување кога, каде и колкава закана, противникот ќе искаже на тактичкото рамниште на операции;
- идентификување и проценка на непријателските способности, намери и осетливост толку добро колку што се познава средината во која се војава;
- утврдување на заканите кои се очекуваат во зоната на изведување на борбените дејства, различни од воените операции.

### 3.3 Разузнавачки циклус

Разузнавачкиот циклус е процес на претворање на оперативните податоци во разузнавачки информации наменети за крајните корисници ( државен врв, команданти на оперативни и стратегиски единици, високо воено раководство и сл).

Основна задача на разузнавачкиот циклус е континуирано обезбедување на информации, кои ќе послужат за елиминирање на изненадувачки ризици за државата преку јасен увид во сложени ситуации. Проценките и знаењето добиени со разузнавачкиот циклус, на креаторите на политиката им обезбедува мноштво на информации за идните настани кои се неопходни и од суштинска важност за прецизно разгледување на критичните проблеми во сегашноста, посебно во иднината преполна со многу замки и неизвесности.[69]

Во суштина разузнавачкиот циклус опфаќа неколку основни фази:

-Планирање и насочување

-Собирање на податоци

- Обработка на податоци и нивно користење

[68] *Разузнавачки операции и асиметрични закани/ Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Скопје:Соларис Принт 2010 стр.57*

[69] *Котовчевски Митко. Основи на разузнавање-Скопје:Филозовски факултет-Скопје 2013 стр.60*

- Анализа и производство
- Доставување на крајните корисници [70]

### 3.3.1 Разузнавачки циклус според ЦИА

Според Централната Разузнавачка Агенција на САД-ЦИА, разузнавачкиот циклус е процес на обработка на сирови информации и нивно претварање во готови разузнавачки производи потребни за донесување на одлуки и делување од страна на високото државно раководство.[71]




Слика 1: Разузнавачки циклус според моделот на ЦИА (Central Intelligence Agency, 2009)

Почетокот на разузнавање почнува со планирање и давање на насоки од страна на раковдните лица за собирање на разузнавачки информации и дирекцијата за изработување на финалните одлуки. Процесот на разузнавање ги продуцира разузнавачките информации и како такви ги доставува до крајните корисници т.е до креаторите на политиката. Постојат неколку чекори на разузнавачки процес:

- Планирање - Овој чекор е од клучно значење за исходот од разузнавачкиот продукт. Во оваа фаза се утврдуваат разузнавачките потреби на креаторите на политиката од повисоките нивоа на власта.

[70] ( Исто стр.60)

[71] Central Intelligence Agency, *The work of the CIA, The Intelligence Cycle*, достапно на https://www.cia.gov/library/publications/additional-publications/the-work-of-a-nation/work-of-the-cia.html, пристапено на 15.10.2013

- Процес на собирање на информации- Во овој чекор разузнвачките служби ги користат добиените податоци, кои подоцна може да се обработат во готови разузнавачки информации.
- Обработка и експлоатација- Третиот чекор во разузнвачкиот циклус е обработка и експлоатација. Во овој чекор се врши обработка на информациите во форма која ќе биде погодна за разузнвачкиот извештај. Оваа обработка вклучува декодирање на пораки, превод на странски јазик од документација и сл.
- Анализа и производство- Во овој чекор се врши евалуација и анализа на сите достапни инфромации и подготовка на разузнавачки продукти.
- Дисеменција- Овај чекор опфаќа дистрибуција на готовите разузнавачки продукти до релевантни лица. Важноста на дисеменцијата е процес кој треба да претставува сигурност дека информацијата стасала до вистинските луѓе, бидејќи крајната информација е бескорисна ако стигне до погрешни лица.[72]

### 3.4 Разузнавачки дисциплини за собирање на информации

Кога станува збор за користење на разузнавачки дисциплини за собирање на разузнавачки информации, тогаш станува збор за начини на собирање на информации. Информациите можеме да ги обезбедиме од различни извори како што се: јавни соопштенија, интернет извори или официјални документи. Воспоставување на разузнавачки дисциплини зависи од повеќе фактори како што се анализата и проценката за неопходниот систем на воено разузнавање, оспособеноста на персоналот, финансиската подршка и сл. Доколку се земат во предвид досегашните искуства може да се види дека различни разузнавачки системи користат различни разузнавачки дисциплини во собирањето на инфромациите. Како позначајни дисциплини на собирање на разузнавачки информации можат да се наведат следните:

[72] (For an in depth description of the intelligence cycle, see Central Intelligence Agency, 2009; United States Intelligence Community, 2009; Federal Bureau of Investigation, 2009.

### 3.4.1 Човечко разузнавање "ХУМИНТ"

Разузнавањето со користење на човечкиот фактор или "ХУМИНТ", е разузнавачка дисциплина за собирање информации каде луѓето се користат двострано и тоа како собирачи на информации и како извори на информации.[73]

Оваа разузнавачка дисциплина може да собере корисни информации за способностите и целите на непријателот. За оваа разузнавачка дисциплина може да се потенцира дека во определени случаеви обичните човечки информации можат да потполнат определени сегменти на крајниот разузнавачки производ. Во разузнавачката практика нормално е за оваа разузнавачка дисциплина да се користат јавни и тајни методи за собирање на разузнавачки информации. Јавното собирање на информациите се прави преку користење на целокупниот човечки фактор кој без ралика на каков и да е начин стои на располагање преку средствата за јавно информирање.[74] Оваа разузнавачка дисциплина се одликува со следните предности и недостатоци:

Предности на ХУМИНТ дисциплината:[75]

- Обезбедување на потребни информации за потребите и барањата на крајниот нарачател
- Брзо и ефикасно доставување на информации за целите и плановите на непријателот и сл
- Документирање на разузнавачките податоци
- Независно користење на потребни ресурси
- Евтина разузнавачка дисциплина

Недостатоци на ХУМИНТ дисциплината:

- Информациите директно зависат од изворите
- ограничување на оперативните можности и вршење на мисијата во различни услови
- влијание на човечки и други фактори

---

[73] *Разузнавачки операции и асиметрични закани/Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Скопје:Соларис Принт 2010 стр.59*

[74] Како средства за јавно информирање може да се наведат медиуми, списанија, јавни настапи, истражувања на информации и сл

[75] *Разузнавачки операции и асиметрични закани/Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Скопје:Соларис Принт 2010 стр.64*

- ненавремени информации
- отежнато воспоставување на контакт

Разузнавањето од човечки извори е еден од најпрецизните дисциплини за собирање на разузнавачки информации. ХУМИНТ разузнавањето е добар извор за разузнавачки информации, но исто така и има и контраразузнавачка вредност. Затоа оваа дисциплина при собирањето на информациите опфаќа собирање, обработка и анализа на подаотци кои подоцна би имале ефект и од разузнавачки и од контраразузнавачки карактер.

### 3.4.2 Сигнално разузнавање "СИГИНТ-SIGINT"

Сигналното разузнавање претставува "категорија на разузнавање што се состои или од посебни видови или од комбинација на сите видови на комуникациско разузнавање, електронско разузнавање и разузнавање добиено од странски инструментални уреди за врски, без разлика на кои начини истите се пренесени".[76]

Сигналното разузнавање СИГИНТ е разузнавачка дисциплина која опфаќа пресретнување на комуникациски сигнали и искористување на истите.

Информациите кои се продукт на СИГИНТ разузнавачката дисциплина може да содржат бројки и распоред за воениот потенцијал на противникот и сл. СИГИНТ разузнувачката дисциплина е составена од три поддисциплини: Електронско разузнвање (Electronic intelligence-ELINT), Разузнавање на комуникациите (Communication intelligence-COMINT), и разузнавање на сигнали кои потекнуваат од странски некомуникациски средства (Electronic intelligence- ELINT).

### 3.4.3 Сликовно разузнавање " ИМИНТ"

Сликовното разузнавање (IMINT) или разузнавање преку сликовно претставување преставува разузнавање "што произлегува од употребата на прибраната колекција на визуелни фотографии, инфрацрвени сензори, ласери,електрооптички и радарски сензори, каде сликите на предметите се репродуцирани оптички или електронски на филм, електронски уреди за проектирање или други медиуми". Со употребата на ИМИНТ

[76] М. Котовчевски 2009, Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија,Бо-мат графикс, Скопје, стр.142

разунувачката дисциплина може да се визуализираат фотографии на широка територија и да се врши постојано објективно регистрирање на територијата. [77]

### 3.4.4 Обележувачко разузнавање ( МАСИНТ)

Обележувачкото разузнавање или уште познато како мерно или потписно разузнавање ( МАСИНТ), претставува техничка гранка на собирање на разузнавачки информации која има за цел следење, идентификација и откривање на потписите на фиксни и динамични цели на изворот. Оваа разузнавачка дисциплина вклучува употреба на радарско, акустично и нуклеарно разузнавање. Информациите добиени преку разузнавачката дисциплина МАСИНТ, овозможуваат аналитичарите да располагаат со различни видови на информации кои се потребни за изведбата на техничката опрема. Универзитетскиот професор Митко Котовчевски, МАСИНТ разузнавањето го дефинира како " *Збир од научни и технички разузнавачки информации добиени преку квантитативна и квалитативна анализа на податоци ( метрички податоци, податоци за агли, просторни податоци, податоци за бранова должина и сл) кои произлегуваат од специфични технички сензори со цел да се идентификуваат*

*динстиктивните обележја кои се однесуваат на изворот, емитерот или испраќачот и да се олесни последователната идентификација и/или мерките на истиот*". [78]

Разузнавањето МАСИНТ има шест главни поддисциплини:[79]

- Радарско разузнавање-добиено преку прибраните податоци со радар. Познато е и како РАДИНТ;
- Нуклеарно разузнавање-Разузнавање што произлегува од прибирањето и анализата на радијацијата и на другите ефекти кои резултираат од радиоактивните извори. Познато е и како НУЦИНТ;

[77] М.Котовчевски (2009), Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија Бомат графикс, Скопје, стр.260

[78] Митко Котовчевски "Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија" Бомат графикс, Скопје 2009

[79] Митко Котовчевски "Основи на разузнавање" Филозовски факултет-Скопје 2013 стр.86

- Електро-оптичко разузнавање- Разузнавање појнакво од комуникациското разузнавање, што произлегува од оптичкото следење на електромагнетскиот спектар од ултравиолетови зраци. Познато е и како ЕЛЕКТРО-ОПТИНТ;
- Разузнавање со инфрацрвени зраци- Разузнавање добиено од инфрацрвени сензори. Познато е и како ИРИНТ;
- Радио фреквентно разузнавање- Разузнавањето на радиофреквентните електромагнетни бранови претставува собирање, обработка и експлотација на радиофреквентните електромагнетни емисии поврзани со нуклеарно тестирање или други високо енергетсни настани со цел одредување на нивото на јачина, оперативните карактеристики и забележување на напредната технологија на оружјето, силата или современите системи;
- Материјално разузнавање- претставува физичко собирање, обрабтока, експлотација и анализа на атмосверски трасирани елементи, гасови, течности или тврди честички на отпадоци или разни видови остатоци;
- Геофизичко или сеизмичко разузнавање- претставува собирање, обработка, експлотација и анализа на емитувани и рефлектирани звуци, притисок на бранови или вибрации во атмосверата во водата или на земјината површина;

Разузнавањето МАСИНТ во целина претставува целина од технички разузнавачки информации добиени преку обработка на мерни податоци кои се производ од посебни технички сензори кои имаат за цел да извршат идентификација на обележја кои произлегуваат од испраќачот и да се изврши негова подобра идентификација.

### 3.5 Разузнавање во приватниот сектор

Индивидуалното користење на разузнавачки информации не претставува нова појава. Првиот пример потекнува од XIVвек , кога Италјанските банкари Де Барди и Перуци, користеле добро развиена мрежа на шпиони за исполнувањето на своите потреби.[80]

Почетокот на XXIвек претставува период за засилен развој на приватниот разузнавачки сектор. Големи меѓународни компании во тој период ги зголемија своите активности, со што тие на своите клиенти им обезбедија различни разузнавачки информации. Како добар пример за вакви меѓународни компании за обезбедување се " Kroll"[81] и "Control Risks"[82]

Ваквите компании доставуваат разузнавчки информации за глобалната безбедност за средини кои имаат висок степен на ризик. Кога станува збор за економско разузнавање, тоа во суштина е собирање на информации кои биле собрани на легален начин, истите биле употребувани за надоградување на континуитетот на одредена компанија.

Доколку во вакви или слични случаеви би се употребувале нелегални технички средства , во такви моменти станува збор за индустриска шпионажа.

### 3.6 Разузнавањето во специалните операции

Специјалните операции се спроведуваат во ограничени и политички чувствителни средини, со цел постигнување на воени, дипломатски, информациски и економски цели со употреба на воени средства кои не побаруваат голема употреба на конвенционални вооружени сили.[83]

Специјалните операции се реализираат во средини кои не се суштенствени за конвенционални воени операции. Поради тоа специјалните операции имаат поголема потреба од подетални разузнавачки побарувања во споредба со операциите кои ги

[80] ( Alem Jean-Pierre,L'espionage: Histore methods; Paris, Lauvauzalle, 1987, str.239

[81] Kroll е приватна консултантска компанија која нуди услуги за разни безбедносни-разузнавачки и технолошки солуции за развој на бизнисот. За повеќе информации види на http:/www.kroll.com пристапено на 26.11.2013

[82] Control Risks е приватна консултантска компанија која нуди помош на организациите во справувањето со политичките, развојните и безбедносни ризиици во нестабилни средини. За подетално види на http:/www.control-risks.com/SitePages/Home.aspx пристапено на 26.11.2013

[83] United States Special Operations Forces, Posture Statement 2003-2004, Washington, D.C., U.S. Special Operations Command, стр.7

извршуваат конвенционалните сили. Специјалните сили дејствуваат самостојно или со подршка на локални соработници. Доколку се посвети повеќе внимание на ефектите од нивната реализација, кои доста често немаат правилен однос со големината на единицата, во такви случаеви специјалните операции најчесто зависат од политичките и воените потреби, притоа наметнувајќи користење на тајни и незабележителни техники и надзор на највисоко ниво.[84]

За да бидат успешно спроведени специјалните операции, најпотребни се точни и прецизни разузнавачки информации. Ваквите информации се од суштинска важност за процесот на идентификување на приоритетните цели, текот на борбените дејства и за планирањето на мисијата. Планирањето на мисијата неможе да се направи без сеопфатна анализа за геополитичката и социоекономската ситуација во зоната на операции, со тоа што на тој начин се утврдуваат факторите кои би можеле да имаат спротивно влијание врз сигурноста на специјалните единици и крајниот резултат на мисијата.

Суштествено за специјалните единици е тоа што освен како корисници, во исто време се јавуваат и како важен сегмент во собирањето и продукцијата на разузнавачките информации. Специјалните единици завземаат голем број на разузнавачки активности како што се обезбедувањето на информации за потребите за нивно одржување, дејствување и заштита во зоната на операциите, како и проценување на можности и намери за вооружените сили против кои се искористени и коалициските партнери на специјалните сили.

~~Согледувајќи го фактот дека специјалните операции се реализираат со содејство на~~ специјални единици заедно со разузнавачките структури, многу важен фактор е координацијата на разузнавачките капацитети со националните разузнавачки структури. Ваквата координација им овозможува на специјалните сили да добиваат разузнавачки информации кои се премногу потребни за избегнување на допир со противничките вооружени сили. Карактеристичен пример за вакво дејствие се Паравоените единици на ЦИА во содејство со специјалните сили на вооружените сили на САД во специјалните

[84] Joint Chiefs of Staff, Doctrine for Joint Special Operations, Joint Pub 3-05, Washington D.C, U.S.,Joint of Staff, 1998, стр. I-1 достапно на www.dtic.mil/doctrine/new_pubs/jp3_05.pdf пристапено на 26.11.2013

операции кои се превземани на територијата на Ирак и Авганистан во периодот од 2002година до денес. Целокупната операција на САД во соборувањето на талибанскиот режим во Авганистан била реализирана во заедничка акција на вооружените сили на САД и паравоените единици на ЦИА. Во оваа операција учество зеле 110 офицери на ЦИА и 316 припадници на специјалните сили на армијата на САД.

Подршката на специјалните операции од разузнавачки карактер во Воените операции различни од војна имаат потреба од проширување на фокусот на интереси не само на воените закани туку и на другите гледишта кои имаат било каква поврзаност со активностите на економските, политичките и културните институции. Во вакви случаеви станува збор за информации кои тешко се обезбедуваат и со употребата на разузнавачките дисциплини кои употребуваат напредна технологија.

Според анализите од извршените специјални операции кои се спроведени од вооружените сили на САД во Ирак и Авганистан, се нагласува поголемата потребат од употреба на разузнавањето од човечки извори, за разлика од помалата употреба на техничките средства.[85]Доколку ги анализираме горенаведените разузнавачки потреби од Ирак и Авганистан, можеме да заклучиме дека специјалните операции имаат голема потреба од целосна разузнавачка поткрепа од сите разузнавачки елементи во зоната на операциите.

### 3.7 Разузнавање во противбунтовнички операции

Противбунтовничките операции се дел од најсогласните сегменти во војувањето. Бунтовништвото датира колку и војувањето. Вооружените сили на САД бунтовништвото го дефинираат како " организирано движење кое има за цел смена на власта со употреба на субверзивни и вооружени дејствија, додека противбунтовничките операции ги дефинираат како воени,политички,економски,психолошки и цивилни операции кои владата ги презема со цел да ги порази бунтовниците".[86]

[85] Miller Greg, *Wider Pentagon Spy Role is Urged*, The Los Angeles Times,

26 October 2002, достапно на http://articles.latimes.com/2002/oct/26/nation/na-covert26, пристапено на 26.11.2013

[86] Department od Defense Dictonary of Military and Associated Terms, Joint Publication 1-02 2010 str. 161

Бунтовниците секогаш имаат почетна инцијатива и слободен избор на време и место за напад на владините преставници и институции. Позади бунтовниците секогаш се крие одредена децентрализирана политичка партија, со тоа што тие не ги почитуваат меѓународните правила за војување и немаат одредени бази од кои ќе вршат понатамошно оперирање. Во ваква севкупоност на бунтовничките операции, противбунтовничките операции мораат да се превземаат со максимално вклучлување на сите национални елементи. Како главен елемент во противбунтовничките операции се јавува потребата од разузнавачки информации врз кои може да се дејствува.[87]

Прецизните разузнавачки информации кои се однесуваат на намерите на бунтовниците се услов кој претходно мора да се исполни за успешното извршување на противбунтовничките операции. Поседувањето на разузнавачки информации за противбунтовничките сили, преставува неизмерлива важност за крајниот резултат на операцијата. Во противбунтовничките операции, разузнавачките информации се собираат со целосно искористување на човечкиот капацитет, тоа значи опфаќање на разузнавачката дисциплина за собирање информации од човечки извори ( ХУМИНТ). Но покрај користењето на оваа разузнавачка дисциплина за собирање на информации, исто така собирањето на информации може да се врши и преку истражните капацитети на военото разузнавање ангажирано во противбунтовничките операции.

Во држави каде што пости бунтовништво и каде постоечката полициска и воена инфраструктура е слаба, во тие случаеви полициските сили кои земаат учество во противбунтовничките операции се принудени на самостојно прибирање на разузнавачки операции.[88]

Успехот на разузнавачките активности, а исто така и успехот на противбунтовничките операции директно зависи од нивото на обученоста и подготвеноста на полициските и воени сили на државата во која се одвива бунтовништвото. Ова беше употребено од

[87] Hoffman Bruce, *Insurgency and Counterinsurgency in Iraq*, Rand Corporation, National Security Research Division, 2004, стр. 10, достапно на http://www.rand.org/research_areas/national_security, пристапено на пристапено на 28.11.2013

[88] ( Hammes X. Thomas, The Sling and the Stone: On War in the 21st Centry, St.Paul, MN: Zenith Press, 2004 str.263

страна на Коалициските сили на САД во операцијата "Слобода за Ирак" во Ирак и во операцијата " ИСАФ" во Авганистан.

Основна задача на разузнавањето во противбунтовничките операции е да овозможи подетално познавање на зоната на операции, а тоа опфаќа подобро познавање на теренските и метео условите на зоната, популацијата на државата во која се извршува интервенцијата ( социјални, етнички,религиозни и др. карактеристики), моменталната политичка и економска состојба на државата, статусот на бунтовниците и сл.

Според потполковникот на военото разузнавање на САД, Џонатан Смит, постојат шест разузнавачки принципи во противбунтовничките операции:

- Разузнавањето во противбунтовничките операции е насочено кон популацијата;
- Противбунтовништвото е разузнавачка војна;
- Операциите и разузнувањето мораат да се надополнуваат едни со други;
- Сите операции имаат соодветен разузнавачки елемент;
- Бунтовништвата варираат зависно од времето и просторот ;
- Во здружените мултинационални средини, сите контигенти мораат да работат на разузнавањето;[89]

Како заклучок за разузнавањето во противбунтовничките операции и досега анализираниот дел може да се заклучи дека успехот на противбунтовничките операции директно зависи од квалитетот и навременоста на разузнавачките информации кои ќе им бидат доставени на противбунтовничките сили.

### 3.8 Разузнавањето во Воени операции различни од војна

Воените операции различни од војна ( Military Opertions Other than War- MOOTW) претставуваат "воени активности во мирни услови и конфликтни ситуации кои не секогаш се проследени со вооружени судири помеѓу две организирани вооружени сили".[90]

[89] Teamey Kyle, LTC Sweet Jonathan, Organizing Intelligence for Counterinsurgency, достапно на http://findarticles.com/p/articles/mi_m0PBZ/is_5_86/ai_n27011963/pg_4/?tag=content;col1, пристапено на 28.11.2013

[90] Headquarters Department of the Army, *FM 1005-5* Operations, Washington, D.C, 14 June 1993, Glossary-6, достапно на http://www.fs.fed.us/fire/doctrine/genesis_and_evolution/source_materials/FM-100-5_operations.pdf, пристапено на 28.11.2013

Воените операции различни од војна најчесто се фокусираат на одвраќање на војната, решавање на конфликтот, прмовирање на мирот и давање на подршка на цивилните власти во давање на одговор на домашните кризи. Разузнавачките потреби за подршка на Воените операции различни од војна зависат од деталното познавање на страните во конфликтот, нивната религиозна определба, традицијата и односите меѓу населението и сл. За да се исполнат овие потреби, разузнавачките капацитети на вооружените сили потребно е да ја одржуваат способноста за исполнување на разузнавачките побарувања за операциите различни од војна. Разузнавачките капацитети на вооружените сили мораат да обрнат посебно внимание на анализата и зголемувањето на разузнавањето од човечките отворени извори (ХУМИНТ). Употребата на разузнавањето од човечки отворени извори може да обезбеде разузнавачки информации кои не се достапни за добивање преку употреба да други технички средства.

Прибирањето на разузнавачки информации во Воените операции различни од војна, доста често бара фокусирање на разбирањето на политичките, културните и економските фактори кои влијаат на ситуацијата. Конвенционалните војни со висок интезитет најчесто целат кон лоцирањето на конвенционалните вооружени сили на противникот. Страните во конфликтот најчесто тоа го реализираат преку употребата на технолошките достигнувања кои се дел од разузнавачкиот капацитет. Кај Воените операции различни од војна тоа не така, односно нивната крајна цел не е уништување на противникот. Како поголем разузнавачки проблем кај овај вид на операции се јавува прашањето дали постои непријател, кој е можниот непријател и какво е неговото дејствување.

Основните разузнавачки побарувања кај Воените операции различни од војна се основните знаења кои водачите на воените единици потребно е да ги имаат пред започнувањето на воената операција различна од војна. Како информации кои е потребно да ги поседуваат водачите на воените единици пред отпочнувањето на воената операција различна од војна се политичкиот систем, демогравскта состојба, економскиот систем, воените и полициски структури, географската положба, историјата и моменталната состојба на земјата која е цел на мировната операција. Навдените разузнавачки

побарувања можат да бидат обезбедени од различни извори како што се отворените извори на информации, разните студии за земјата, академски истражувања и сл.

Процесот на реализирање на воена операција различна од војна има потреба од задоволување на неколку разузнавачки побарувања и тоа: [91]

- Утврдување на заканите кои може да ја попречат мировната операција, од страна на воени,полициски или криминални елементи;
- Определување на ставот на населението за спроведување на мировна операција, вооружените сили кои се спроведувани од владините органи;
- Утврдување на националната, етничка и религиозна припадност на населението;
- Утврдување на установите надлежни за спроведување на законските норми;
- Идентификација на влијателни личности врз локалната популација;
- Идентификација на кризни места на кои има шанси да дојде до дестабилизација и проценка на последиците;
- Добивање навремени разузнавачки информации за можните здраствени пореметувања за сопствениот персонал;
- Одредување на локациите за обнова на инфраструктурата;

Мировните операции како дел од воените операции различни од војна имаат за цел подршка на дипломатските напори кои се залагаат за постигнување на долгорочно политичко решение , со цел да се олесни спроведувањето на договорот ( прекин на огнот, примирје и сл) кои го потпишале страните учесниччи во конфликтот.

Како пример за Воена операција различна од војна е мировната операција во Сомалија. Како цел на оваа воена операција беше создавање на безбедна состојба за реализација на мировната операција, со што почетните разузнавачки потреби беа насочени кон проценување на заканите кон мисијата и воениот персонал.

[91] Rapp N. Jeffrey, Intelligence Requirements for Military Operations Other than War: A Low Technology Business, Now and in the Future, U.S Army War College, Carlisle Barracks, 1998, стр, 34

* * * * *

Анализирајќи ги досега изнесените дефиниции за поимот разузнавање, можеме да заклучиме дека поимот разузнавање во мировната операција подразбира " собирање, анализа, обработка, дистрибуција и размена на разузнавачки информации за политичка, културна, економска и социолошка состојба. Во спроведувањето на мировните операции, разузнавачките активности опфаќаат собирање на информации за инволвираните страни во конфликтот, воено-географските карактеристики и други податоци кои се од витален интерес за успешно остварување на мировната операција.

Во воените операции различни од војна можеме да заклучиме дека разузнавачките побараувања за подршка на овие операции имаат големо значење за успешното извршување на операциите без разлика дали тоа се мировни операции или друг вид на операции затоа што навремено доставените разузнавачки информации за зоната зоната на операции се доста важни за успешна реализација на мисијата и можните ефекти за нивната меѓусебна комуникација.

## 4. РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

За време на Студената војна, мировните операции на ОН преставуваа суштински дел околу прашањата за следење и прекин на насилствата меѓу завојуваните страни. За постигнување на договорот за градење на мир, кој бил потпишан од страна на земјите учеснички во конфликтот, ОН имале голема потреба од собирање, обработка и дистрибуирање на разузнавачки информации неопходни за градење на идните планови околу тоа како ќе бидат спроведувани мировните операции. Разузнавањето се повеќе им била од потреба на ОН и на државите кои учествувале во спроведувањето на мировните операции. Во повеќето сложени ситуации во кои се најдувале мировниците на ОН, потребата од разузнавање била неопходна врз нивните животи и нивната благосостојба.

Потребата од разузнавачки информации им е еднакво потребна на вооружените сили и на оние кои ги донесуваат големите одлуки за нивната употреба во мировните операции. Разузнавањето на ОН опфаќа различни облици за собирање на разузнавачки

информации.Разузнавачките информации во мировните операции претставуваат исклучителна потреба за успешно спроведување на мировните операции на ОН.

Тоа укажува на фактот дека многу неуспешни мисии би можеле да бидат со позитивен исход доколку ОН посериозно би ја сватиле оваа неопходна потреба од разузнавачки информации и би имале директен пристап кон разузнавањето и усовршувањето на разузнавачкиот систем за собирање на информации.

Поимот разузнавање во рамките на ОН покренува многу прашања за односот помеѓу водечките светски Меѓународни организации и разузнавањето.

Дали ОН доволно го искористуваат разузнавањето како начин за добивање на информации, сошто не постои посебна разузнавачка агенција во рамките на ОН, што може да биде превземено за подобра употреба на разузнвањето, сеуште остануваат како неодговорени прашања. Пред да одговориме на сите овие прашања, најпрвин ќе ги анализираме етичките проблеми на разузнавањето во ОН, но и неопходноста од разузнавање која е една од поглавните фактори за успешното спроведување на мировните операции на ОН.

### 4.1 Разузнавањето како дел од терминологијата на ОН

Поимот разузнавање уште во самите почетоци на ОН претставувал неприфатлив процес, при што во 1961 година било предложено поимот разузнавање да биде отстранет од лексиконот на ОН.[92]

Со самото неприфаќање на овај процес, терминолошкиот проблем на разузнавањето бил назначен како контроверзен проблем.За некои земји членки разузнавањето претставувало одличен начин за собирање на потребните информации кои биле неопходни за спроведување на мировната мисија, а други земји го толкувале како класичен дел од шпионажата. Политичката осетливост била една од причините од кои поимот разузнавање

[92] Dorn A. Walter, *The Cloak and the Blue Beret: Limitations on Intelligence in UN Peacekeeping*, International Journal of Intelligence and Counterintelligence 12/4, 1994, во изданието на Ben De Jong, Wies Platje и Robert D. Steele, *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*, OSS International Press, Oakton, Virginia, 2003, стр. 333. достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060508/8e58954fdad968d78fbed60854a6ba96/PKI%20Full%20Text.pdf, пристапено на 14.12.2013

претставувал неприфатлив процес за ОН, и за да се избегнат неговите врски со тајноста и лагата, бил даден предлог овај термин да биде заменет со терминот "разузнавачка информациа".[93]

Официјалниот прирачник на ОН е еден од таквите примери во кој преовладувало мислењето дека тајното разузнавање создава низа предрасуди и сомнежи:"ОН *одлучно одбивале да одобрат употреба на разузнавачки системи како дел од мировните операции, бидејќи разузнавањето секогаш се поврзувало со одредена тајност и истото претставувало нечесен или валкан збор*"[94]

После неколку вооружени инциденти во кои што беше загрозена безбедноста на мировниците , ОН го променија ставот кон поимот разузнавање. Нападот на штабот во Багдад во 2003 година беше еден од инцидентите кои беа причина за промена на ставот на ОН во врска со разузнавањето и со тој напад ОН ја заклучија потребата од разузнавачки информации со која ќе им се обезбеди адекватна заштита на персоналот.

Со цел да се зачува принципот на еднаквост во ОН, договорено било да се користи терминот "воена информација" како замена за терминот "воено разузнавање".

Вооружените сили на ОН кои се вклучени во извршувањето на мировните операции, не се во можност да ги извршуваат потребните операции, бидејќи немаат доволно организиран систем за собирање, проверка, анализа и дистрибуција на одредени информации во државата во која се спроведува мировната мисија. Како главен проблем се јавува чувањето на информацијата и нејзината веродостојност која треба да и биде достапна на пошироката јавност, но исто така треба да биде јасно нагласено дека секоја информација која ќе биде обезбедена од страна на ОН во блиска иднина таа ќе може да и биде достапна на јавноста.

[93] Hugh Smith, *Intelligence and UN Peacekeeping*, Survival 36/3, 1994, во Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future, во изданието на Ben De Jong, Wies Platje и Robert D. Steele, *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*, OSS International Press, Oakton, Virginia, 2003, стр. 229, достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060508/8e58954fdad968d78fbed60854a6ba96/PKI%20Full%20Text.pdf, пристапено на 14.12.2013

[94] Борче Чамински, "Улогата на разузнавањето во хаманитарните интервенции" Скопје 2012 година стр. 80

Како основна причина за таквата искреност на разузнавањето на ОН е фактот дека станува збор за интернационална и мултинационална организација. Земјите членки на ОН кои земаат директно учество во мировната операција секогаш имале различни политички интереси без разлика за која мировна операција се работи и притоа лојалноста на персоналот кој на директен или индиректен начин работел за ОН, таа лојалност тежнеела кон матичната држава од која доаѓал мировниот персонал.[95]

Мировните операции на ОН биле лесно достапни за медиумите, заради тоа што самата органзиација на мировната операција се соочувала со дефицит од ресурси кои ќе го спречат слободното движење на новинарите во зоната за операции. Тоа укажува на фактот дека "информацијата може да биде достапна за јавноста, освен во случаеви кога несоодветното класифицирање на истата би резултирала со смрт или повреда на поединци, прекршување на правото кое ги следува одредени поединци или групи или компромитирање на одредени извори или методи"[96].

Доколку ги анализираме досега наведениот текст , ќе можеме да заклучиме дека е потребно да биде воспоставена рамнотежа помеѓу доверливоста и транспарентноста на разузнавањето во ОН, без разлика на тоа што тајноста на информациите потребно е да зависи од дадената ситуација. Во рамките на ОН , потребно е да им се даде посебно значење на карактерот на информацијата, посебно во случаеви каде тајноста е многу важна, тогаш потребно е информацијата да биде сигурно сочувана и одржувана.

### 4.2 Потребата од разузнавање во ОН

Разузнавање од сите нивоа е потребно во планирањето и распоредувањето на мировниците на ОН. Стратешкото разузнавање е очигледно потребно со цел да се разбере политичката ситуација меѓу страните во конфликтот пред вклучувањето на ОН и предвидување на политичките потези на владите после распоредувањето на мировните трупи на ОН . Фундаменталната важност на политичкото разузнавање е битен за ОН, со тоа што ОН ќе го обезбедат посакуваниот политички исход.

[95] ( Hugh Smith, *Intelligence and UN Peacekeeping*, Survival 36/3, 1994, стр. пристапено на 14.12.2013

[96] Dorn A. Walter, *The Cloak and the Blue Beret: Limitations on Intelligence in UN Peacekeeping*, International Journal of Intelligence and Counterintelligence 12/4, 1994, стр. 355

Членот 1 од повелбата ја опишува општата цел на ОН, а тоа е : " *да го одржуваат меѓународниот мир и безбедност и за таа цел да преземаат колективни мерки за превенција и одстранување на заканите кои би можеле да го загрозат мирот*".[97]

Со текот на годините ОН , почнале да развиваат широк спектар на инструменти кои опфаќале превентивни активности, градење и одржување на мирот, спроведување на мирот, санкции и разоружување. Секој од овие инструменти имало потреба да биде извршен ефикасно и успешно со цел да се стекне стратегиска предност и да се избегне војна или друг вид на насилство. Успешноста на наведените инструменти на ОН за решавање на конфликтите, директно зависат од квалитетот на разузнавачката подготовка и подршката која ќе биде дадена во извршувањето на мисијата.

Со оваа помош полесно би биле утрдувани регионите во криза, завојуваните страни, намерите на нивните лидери и сл, како на стратешко, така и на тактичко ниво.

Традиционалното мислење кое владее во меѓународните односи е дека ОН немаат потреба од разузнавачка структура која би обезбедила долгорочни проценки за мировната операција и дека информацискиот сервис на ОН давал извештаи за настани од минатото. Денес ваквите информации не се од голема важност, а тоа е потврдено со неколку факти:[98]

- Прво, кога современите држави прекинале да ги контролираат страните во конфликтот и откога единиците за мировни операции биле вклучувани во започнати кофликти и со тоа ризикот по мировниот персонал бил зголемен. Поради личната безбедност за мировниците и успешното спроведување на мировните операции , потребата за општата состојба во дадената зона на операции е од голема важност за нивната сигурност.
- Како втор факт е тоа што мировните мисии кои се сочинети од етнички и национални конфликти имаат потреба од поголемо познавање на карактерот и целите и активностите на спротиставените страни.

[97] Обединети Нации, Повелба на Обединетите Нации, Член 1

[98] Erikson Par, *Intelligence in Peacekeeping Operations*, International Journal of Intelligence and Counterintelligence, 10/1, 1997, во изданието на Ben De Jong, Wies Platje и Robert D. Steele, *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*, OSS International Press, Oakton, Virginia, 2003, стр. 299 http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060508/8e58954fdad968d78fbed60854a6ba96/PKI%20Full%20Text.pdf, пристапено на 12.12.2013

- Третиот факт е тоа што ОН и другите меѓународни организации кои би сакале да имаат позитивен резултат на преговорите, во тој случај тие не треба да дозволат

  располагање со помалку информации за целите, намерите и активностите на спротиставените страни.
- Како четврт факт се големите разузнавачки капацитети на големите држави, спротиставените страни би поверувале дека меѓународната заедница има повеќе информации за реалната слика за одреден конфликт и ситуација.

Располагањето со вистинити информации за актуелните случувања има голема важност за безбедноста на мировниците. Соработката за следење на состојбата во конфликтот и подршката на механизмите за брзо реагирање на даден знак има голема важност за мировните операции. Преку оваа соработка се овозможува изградба на довербата помеѓу локалното население и мировниците. Доколку оваа соработка не би постоела, во тој случај мировниците тешко би доаѓале до потребните разузнавачки информации.[99]
Анализирајќи го досега изнесеното во овај дел, можеме да заклучиме дека ОН доколку би имале точни и навремени информации, побрзо би дошле до согласност која ќе биде базиран врз порелевантни заклучоци и со тоа би успеале да добијат согласност од земјите членки за спроведување на нивните одлуки.

### 4.3 Разузнавачкиот систем и обидот за негово организирање во ОН

Системот за разузнавање на ОН е дизајниран на три нивоа:[100] Стратешко разузнавање- претставува собирање, анализа, дистрибуција и користење на разузнавачки информации за други држави , политички партии, воени сили и сл. Советот за безбедност и Генералното собрание на ОН имаат потреба стратешкото разузнавање за да ги обезбедат потребните информации кои би биле базирани врз одлуките и равојот на политиката. Стратешките

[99] Ankersen Christopher, *Peacekeeping Intelligence and Civil Society: Is Civil Military Cooperation the Missing Link*, во изданието на David Carment и Martin Rudner, *Peacekeeping Intelligence: New Players, Extended Boundaries*, Oxford, Routledge, стр. 137
[100] ( Hugh Smith, "Intelligence and UN Peacekeeping" S 26/3 1994 стр.9

информации вклучуваат информации за потеклото на конфликтот  и геостратешките цели на меѓународната заедница.

- Оперативно разузнавање- искористено е од страна на планерите на мировните операции и командантите на мировните сили со цел за поефикасно распоредување на ресурсите на ОН.Потребата од оперативното разузнавање е неопходно за планирање на ефективен начин за употреба на човечките и материјалнтие ресурси на ОН во зоната на операции и утврдување на можните закани од страна на спротиставените страни во конфликтот. Овај вид на разузнавање вклучува информации за намерите и способностите на завојуваните страни и карактерот на воените активности.
- Тактичко разузнавање- има за задача да ги собере информациите за различните локални фракции во извршувањето на својот мандат.Командантите и командирите на тактичките единици од воените контигенти имаат целосна потреба од овај вид на разузнавање со цел да направат континуирано следење на актуеланта безбедносна состојба во зоната и навремено да ги запознаат можните промени на тактиките на дејствување на локалните спростиставени страни. Овај тип на информации е од локално ниво и е фокусирано на етничката и верската поделба, контролните пунктови и тактичките тежишта.

Во 1987 година бил направен обид за подобрување на квалитетот на политичките анализи и проценки и притоа била формирана Канцеларија за истражување и собирање на информации ( Office forResearch and the Colection of Information – ORCI). Работата на ОРЦИ била попречувана од САД, со тоа што обвиниле дека ОРЦИ претставувала еден вид заштита на Советската шпионажа кон САД и останатите членки на Советот за безбедност. Со попречувањето на работата на ОРЦИ, канцеларијата се нашла во ситуација да дојде до намалување на својот персонал, немала добро организирано раководство и доволно соодветна оперема со што канцеларијата не била во можност да ги анализира меѓународните постоечки проблеми.

Во 1992 година е формиран одделот за Мировни Операции, со кој за да биде откриена главната причина на основните конфликти, му било потребно да допре до поголемите информациски мрежи на националните влади и во нивните современи разузнавачки агенции. Така, во 1993 година била формирана "Единица за Информирање и Истражување" ( Information and Research United- I&R) која била составена од офицери кои биле пратени од владите на пет редовни земји членки на Советот за Безбедност на ОН. Оваа единица била во склоп на "Центарот за Ситуации на ОН (UN Situation Center SitCen). Во 1998 година, неколку земји членки донесле меѓусебна одлука за формирање на штаб UNSAS[101] кој би можело да биде активиран за потребите на мировните операции на ОН. Според Жан-Инге Свенсон, полковник во военото разузнавање на Шведска, разузнавачката подршка преставува важен дел за мировните операции, но исто така тој се залагал за формирање на сопствена разузнавачка структура на ОН, која нема да биде зависна од разузнавачките капацитети на другите земји членки.[102]

Со постојаните обиди за формирање на сопствена и постојана разузнавачка структура во склоп на ОН би можело да бидат загрозени националните интереси на поедини земји членки и како резултат на тоа останува отворено прашањето по овај однос.

Анализираќи ги досега изнесените ставовие во ова подлгавје, слободно можеме да заклучиме дека секој иден обид за трансформација на разузнавањето во ОН би било во согласност со интересите на поголемите држави. Со ваквиот развој на настаните само доаѓа до израз стравот на големите држави од моќноста на разузнавачката информација.

### 4.4 Извори на информации и нивните ограничувања

Голем број на информации со разни содржини влегуваат во седиштето на ОН, а како нивни најчести извори за добивање на информации се УНХЦР, Одделот за Надворешни работи, земјите членки, мировните мисии и сл. ОН можат да се повикаат на било кој од

[101] United Nations Standby Arangements System- Систем на мерки за приправност на ОН, кој претставува листа на воени сили и средства на земјите членки на ОН, кои стојат на располагање за потребите на мировните операции

[102] Svenson Jan-Inge, *Peacekeeping and Intelligence Experiences with UNPROFOR 1995*, во изданието на Ben De Jong, Wies Platje и Robert D. Steele, *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*, OSS International Press, Oakton, Virginia, 2003, стр. 41 и 46. достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060508/8e58954fdad968d78fbed60854a6ba96/PKI%20Full%20Text.pdf, пристапено на 13.12.2013

своите 180 членови, со цел да обезбедат информации потребни за извршување на мировните операции на ОН. Земјите членки на ОН, како што се САД, Велика Британија и Франција, почнаа да преставуваат важни учесници во мировните операции.

Во потикнувањето на земјите-членки да придонесат за поквалитетно собирање на разузнавачки информации  за одржување на мирот, кон ОН може да имаат различни приоди. Вистинските тешкотии кои постојат во обезбедувањето на разузнавачки информации за меѓународната организација неможе да биде игнорирана од страна на една организација која нема ефективна заштита или безбедносна практика. Кога сето ова би го погледнале генерално, би можеле да забележиме дека има постоење на два различни делови во односот помеѓу ОН и разузнавањето и тоа: ОН како потенцијален извор на разузнавачки информации и ОН како корисник на разузнавачки информации.

### 4.4.1 ОН како потенцијален извор на разузнавачки информации

Обединетите нации располагаат со свои посебни техники за собирање на посебните разузнавачки информации кои се неопходни за извршувањето на мировните операции.

Како добар пример за овие техники се наведува мисијата на ОН во Етиопија и Еритреа (UNMEE) и воспоставената “ Времено безбедносна зона ( TSZ)”. Владите кои во тоа време имаа голем интерес од мисијата во Етиопија и Еритреа, тие влади располагаа со свои сопствени извори на информации, при што само ОН имаа поставено воени набљудувачи скоро на целата територија од наведената времено безбедносна зона.[103]

Предноста на воените набљудувачи поставени од страна на ОН била во тоа што тие имале можност да понудат независни проценки за планираните активности на спротиставените страни и проценки за било какви промени за измените во локалната администрација, измените на локалните структури и сл.

Останатиот дел на персоналот на ОН можел да доаѓа до значајни информации кои не можат да бидат обезбедени од страна на други агенти од посебни владини разузнавачки агенции, а сето тоа благодарение на ангажманот на мисијата која работи непосредно со

[103] Cammaert C. Patric, *Intelligence in Peacekeeping Operations: Lessons fot the Furure*, во изданието на Ben De Jong, Wies Platje и Robert D. Steele, *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*, OSS International Press, Oakton, Virginia, 2003, стр. 17. достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060508/8e58954fdad968d78fbed60854a6ba96/PKI%20Full%20Text.pdf, пристапено на 14.12.2013

локалните власти. Како еден од поглемите проблеми во целиот овај разузнавачки процес се јавува начинот на кој ќе бидат дистрибуирани овие информации од теренот до Советот за Безбедност. Овај проблем има големи шанси да предизвика негативни последици врз персоналот на ОН, чии одлуки директно ќе бидат зависни од националните интереси на самата држава.

**4.4.2 ОН како прималтел на разузнавачки информации**

ОН претставуваат транспарентна организација која располага со инструмент за филтрирање на голем број на информации кои влегуваат во нејзината организација.Точните разузнавачки информации со кои располагаат ОН ќе придонесат за полесно дефинирање на одговорите кои ќе бидат од исклучителна важност за планот за изведување на мировната мисија, Проблемот кој беше наведен е во начинот на кој класифицираните информации би стигнале до крајните корисници во ОН, но исто така и во зачувувањето на информациите во текот на нивниот пренос и текот на нивната обработка и како истите ќе бидат употребени.

Со секоја дистрибуција на разузнавачки информации од теренот до крајниот корисник во ОН, би подлежел на одредени влијаниа од политичка и национална природа на командниот персонал на мисијата. Поради овие причини, дистрибуирањето на информациите не треба да биде реализиран преку надлежниот персонал на мировната мисија.

Според Повелбата на ОН. дистрибуцијата на информации треба да биде преку Советот за Безбедност и Комитетот на Воениот Штаб. Додека разузнавачките информации не бидат пренесувани преку соодветна разузнавачка структура, Советот за Безбедност нема друг начин за проток на информациите, освен да биде наклонет кон разузнавачките информации кои му ги сервираат земјите членки на ОН.

Разузнавачките информации се одбирани согласно интересите на државите членки на ОН, а како добар пример за ваквата селекција можеда се земе ситуацијата во Ирак која беше дефинирана како дебакл околу сигурните тврдења за постоењето на оружјето за масовно уништување.

Земаќи го во предвид ова тврдење, можеме да констатираме дека ОН не се во можност правилно да ја искористат предноста за обезбедувањето на навремени и тоќни разузнавачки податоци и како резултат на тоа неискористување ефикасноста за целосно исполнување на мировните мисии е намалена.

* * * *

Кога би ги резимирале досега изнесените ставови за разузнавањето во ОН, слободно ќе можеме да заклучиме дека разузнавањето претставува еден од главните фактори за успешното спроведување на мировните операции. Тоа е така затоа што со разузнавањето се собираат информации неопходни за безбедноста на мировниците, а кои опфаќаат информации за заштитата на силите при нивното распоредување и предвременото предупредување од сите можни закани насочени кон мировниците на ОН.

Поради овие причини, меѓународната заедница мора да изнајде решение кое ќе ги надмине сите контраверзии кои му се доделуваат на разузнавањето во ОН и со тоа ќе биде подобрена ефикасноста на мировните операции на ОН.

## 5. ЦИВИЛНО-ВОЕНА КООРДИНАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗУЗНАВАЧКА ПОДРШКА ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ОН

Во текот на последните две децении цивилно-воениот концепт има развиено две нивоа на координација и тоа: стратешко ниво и оперативно тактичко ниво. Стратешкото ниво на координација се однесува на специфична функција во рамките на воената сила. На стратешко ниво цивилно воената координација се користи за да се предложат повеќедимензионален или сеопфатен пристап, каде што разни цивилни или најмалку едно воено лице ќе биде ангажирано во заедничка мисија. На оперативно и тактичко ниво цивилно-воената соработка се користи за донесување на конкретни политики, модалитети и структури кои ќе бидат искористени за управување на војската и другите компоненти на мисијата. Оперативно тактичкото ниво најчесто се засновало на хуманитарно-воените односи. Суштината на цивилно-воената координација не ги вклучува само стандардните

воени процедури, таа исто така ги вклучува и активностите за обновување на општеството и градењето на мирот кое исто така вклучува директна и индиректна комуникација со голем број на цивилни структури. Како резултат на ваквиот развој на настаните донесе воспоставување и развивање на Цивилно-воената координација (Civil-military cooperation-CIMIC)[104]

Соработката помеѓу цивилните и воените елементи подразбира интегрирање на традиционалните воени способности во колективен одговор на човечка потреба. Цивилните и воените актери делат долгорочна цел на промовирање на човековата безбедност и развивање на условите за општествен напредок.Воглавно, Цивилно-воената соработка има за цел да изврши координирање на соработката помеѓу мировните сили кои ја спроведуваат мировната мисија и цивилното население ( НВО, локална и централна власт и сл). Цивилно-воената соработка е насочена кон привлекување на довербата на локалното население и спротиставените страни, со цел унапредување на мирот и стабилноста, а од друга страна таа има голема улога во заштитата на мировниците и подршка на разузнавачката функција во извршувањето на мировната операција.

## 5.1 Улога на Цивилно-воената координација со разузнавањето во мировните операции на ОН

Собирањето на информации за зоната на одговорност, не претставува основна цел на Цивилно-воената координација само за оние кои донесуваат одлуки на стратегиско ниво. Поголем број на хуманитарни агенции се убедени дека воспоставувањето и унапредувањето на Цивилно-воената координација од страна на вооружените сили е во функција на разузнавањето.Како резултат на тоа не постои загриженост дека Цивилно-воената соработка е еден вид на стапица која ги намалува позитивните придобивки кои при таа соработка можат да се постигнат за време на хуманитарната интервенција.[105]

[104] Цивилно-воената соработка е дефинирана како *"Координација и соработка за подршка на мисијата помеѓу Командантот на НАТО и цивилните структури, вклучувајќи ги населението и локалните власти, меѓународните, националните и невладините организации и агенции"*, AJP-9-NATO CIVIL-MILITARY CO-ORPORATION (CIMIC) DOCTRINE, Јуни, 2003

[105] Борче Чамински, "Улогата на разузнавањето во хуманитарните интервенции" Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје , Јуни 2012 година стр. 94

Дел од НВО на Цивилно-воената соработка не гледаат само како закана врз мировната операција, тие гледаат и како закана врз безбедноста на нивните членови и локалното населени кои се дел од кризното подрачје. Поради овие сомневања на НВО, интернационалната унија OXФАМ[106] има предложено попрецизни мерки кои се однесуваат на Цивилно-воената соработка и дистрибуцијата на информациите.

### 5.2 Цивилно-воената координација во функција на заштита на силите

Комуникацијата со локалното население е една од основните начини преку кои единиците на Цивилно-воената соработка може да ги остварат своите начини на придобивање на довербата кај локалното население , притоа олеснуваќи си го процесот на организација на разузнавачките активности во зоната на дејствување. Притоа разузнавачките операции кои се добиени како резултат на оваа соработка имаат значајна улога во безбедноста на мировните сили и безбедноста на локалното население.

Подобруваќи ги инфраструктурните проекти, паралено со тоа се подобруваат и условите за живот на локалното население , при што истото претходно било загрижено околу начинити за подобрување и обнова на оптеството. Како една од главните функции на Цивилно-воената соработка е смирувањето на населението со цел придобивање на истото кон страната на мировниците, во ваков случај разузнавањето добива двојна улога. Најпрво, определена разузнавачка информација може да биде добиена како благодарност за дадената помош на локалното население. Во ваков случај, дадената помош се претвора во услов за обврзување на локалното население. Овај случај претставува одличен начин за непречен проток за добиени информации кои се од голема важност за евентуални можни напади на загрозување на безбедноста на мировниците и локалното население.

Цивилно-воената соработка на вооружените сили на Канада својот став за оваа соработка го изнесува како "*можност за зајакнување на заштитата на силите преку*

[106] OXFAM е интернационална унија составена од 15 организации кои рабтат заедно во 98 земји, кои имаат основна цел да пронајдат решени за смалување на сиромаштијата , достапно на http://www.oxfam.org/en/about/ пристапено на 25.12.2013

*демонстиррање на локалното население дека ние бевме таму со цел да им дадеме подршка"* [107]

Со постигнување на довербата до потребното ниво од страна на локалното население кон мировните сили, се доаѓа до ситуација каде што пропагандата се шири многу полесно, а локалното население со прифаќањето на пропагандата се повеќе ја добива довербата од мировниците и дозволува полесно одобрување на следните чекори кои се предвидени од страна на мировниците.

Во случаеви каде главната цел на Цивилно-воената соработка е да изврши смирување на локалното население и со тоа да го привлече кон себе, во ваквите случаеви разузнавањето во Цивилно-воената соработка има двојна задача, а тоа е:

- Во случаеви каде разузнавачките информации се добиваат како награда од локалното население за одредена дадена помош од страна на воените трупи. Во вакви случаеви на наградување поради давање на одредена помош на локалното население, се створа услов за подобра врска помеѓу локалното население и мировниците.
- Хуманитарните и инфраструктурни проекти се од големо значење за комуникацијата помеѓу локалното население ( НВО, граѓански организации и сл) и со тоа се формира еден вид на тим кој би користел како извор на информации за одредени закани по безбедноста врз мировните сили, формирање на терористички групи и сл.

### 5.3 Терминологија и концепти на Цивилно-воената координација на ОН

Мировните операции на ОН и хуманитарната заедница дадоја согласност за заедничка употреба на терминот Цивилно-воена координација, притоа донесувајќи најмалку два различни пристапи во контекст на ОН. Постојат два компитабилни, но различни пристапи кон Цивилно-воената координација во контектст на ОН, а тоа се пристапите кон хуманитарните и мировните операции. Канцеларијата за координација на хуманитарните работи ( ОЦХА) го има под своја надлежност Интерагенцискиот комитет

[107] Carment David, Rudner Martin, *Peacekeeping Intelligence: New Players, Extended Boundaries*, New York, Routledge, 2006, стр. 108, достапно на http://books.google.mk/books, пристапено на 20.12.2013

( ИАСЦ) со што го забрзува развојот на координација на политиките и насоките на ОН за хуманитарно цивилно-воена соработка.

Во јуни 2004 година, ИАСЦ усвои референтен документ за Цивилно-воената соработка, со што се надополнуваат и прошируваат принципите и упатставата кои претходно биле развиени за употребата на воените и цивилни средства за одбрана и вооружената придружба. Тој концепт исто така обезбедува насоки на една поопшта природа за Цивилно-воената соработка кај хуманитарните операции.

Овај концепт вовел нов поим во речникот на ОН, а тоа е Хуманитарно Цивилно-воена координација на ОН ( CMCoord UN), која е дефинирана како "суштински дијалог и интеракција помеѓу цувлни и воени актери во хуманитарни итни случаеви за кои е потребно да се заштитат и промовираат хуманитарните принципи со цел да биде избегната конкуренцијата и соодветно извршување на заедничките цели". Основните стратегии на оваа Цивилно-воена координација е да се создадат добри услови за соживот и соработка помеѓу населението.

Насоките на ОН за координација на хуманитарно-воената операција, можат да бидат сумирани во неколку оперативни принципи за употреба на воени средства во хуманитарни интервенции:

- Одлука да се прифатат воените средства од страна на хуманитарните организации;
- Воените средства треба да бидат употребени само во случаеви кога не постојат споредливи цивилни алтернативи и само ако користењето на воените средства може да ги исполни хуманитарните потреби. Воените средства мораат да бидат уникатни во навременоста на распоредување и нивната употреба да биде последно средство за дејствување;
- Хуманитарната операција со користењето на воените средства , мора да се труди да ја задржи својата природа и карактер. Операцијата мора да остане во рамките на

  контролата на хуманитарната организација, која е одговорна за спроведување на таа операција;

- Воениот персонал кој е задолжен за подршка на хуманитарните операции треба да биде осигуран дека ќе се почитуваат одредени норми на однесување и принципите на хуманитарната операција која е одговорна за тоа распоредување;
- Секое користење на воени средства треба да обезбеди докази дека хуманитарната операција ќе го задржи својот меѓународен и мултилатерален карактер;[108]

Од перспектива на мировните операции на ОН, важно е да се разбере дека овие хуманитарни политики и насоки за Цивилно-воената соработка на ОН се фокусира на хуманитарната димензија на Цивилно-воената соработка т.е помеѓу хуманитарните актери[109] и војската.

На оперативно-тактичко ниво, Цивилно-воената соработка на мировните операции на ОН се одвива помеѓу воената компонента и цивилната компонента на ОН и сите други надворешни (Надвпрешни актери се сите меѓународни актери кои се вклучени во спроведувањето на хуманитарната помош во дадената земја.) и внатрешни актери(Внатрешни актери се сите локални актери во кои се одвиваат мировните активности) во областа на мисијата.

Одделот на ОН за мировни операции (DPKO) има развиено граѓанско воено-политичка координација која е наменета специјално за мировните операции на ОН и истата беше издадена во Септември 2002 година. Одделот за мировни операции на ОН (DPKO) цивилно-воената соработка ја дефинира како "*систем на интеракција; вклучува размена на информации, преговарање, взаемна подршка и планирање на сите нивоа помеѓу воените елементи и хуманитарните организации, врз локалното цивилно население со цел да се постигнат целите на ОН.*"[110]

---

[108] Овие пет општи оперативни принципи за употреба на воени средства за подршка на хуманитарните операции, беа усвоени во "Извештајот на Работната група за употреба на воена и цивилна одбрана како средства за подршка на хуманитарните операции". Истите беа одобрени на XIX-от состанок на Интерагенцискиот комитет, кој бил одржан на 27ми Септември 1995 година во Женева.)

[109] хуманитарни актери се организации кои се мотивирани од страна на хуманитарните принципит на хуманост, непристрасност, неутралност и независност. Како нивна цел е спасувањето на човечки животи и исполнување на основните човечки потреби(вода, здраство, храна, засолниште и сл

[110] DPKO, Civil-military Police Coordination ( UN Department of Peacekeeping Operations-DPKO) New York, 2002

**5.4 Невладините организации како потенцијален извор за разузнавачки информации**

Во периодот после 1985 година, односно после завршувањето на Студената Војна и отпочнувањето на внатрешни конфликти во Европа, Африка и Азија, беа создадени доста голем број на невладини организации ( НВО). Формирањето на голем број на НВО успеа да формира глобална информациска мрежа во која ќе има непрестанато течење на информации кои ќе имаат било каква врска со кризните жаришта на овие континенти.

Оваа глобална мрежа од НВО претставува потенцијален извор на информации кои можат да бидат од големо значење за разузнавачките капацитети кои се во склоп на мировните операции. Ваквите информации со кои располагаат НВО најчесто се јавни и лесно достапни до јавноста и поради таа причина разузнавачите ги третираат како информации од отворени извори. Без разлика на тоа дека овие информации се од отворен карактер, во некои случаеви НВО поседувале повеќе информации за кои разузнавачките служби не би можеле така лесно да стигнат до истите.

Алисон Де Форге е пример затоа дека НВО располагаат со информации кои се недостапни за разузнавачките служби. Алисон Де Форг како активист на Human Rights Watch во Руанда користеќи сопствени извори, го пријавила геноцидот во Руанда со наводно тврдење дека биле убиени околу 800 000 луѓе во 1994 година.[111]

Де Форг како активист на Human Rights Watch успеала да изграде мрежа од хуманитарни работници од кои добивала прецизни и навремени информации за геноцидот.

Информациите кои ги добивала за геноцидот во Руанда, Де Форге им ги пренесувала на Советот за безбедност на ОН и Безбедносната заедница на САД, но и покрај тоа што ОН и САД располагале со прецизни информации, тие не превземале никакви интервенции кои би имале хуманитарен карактер. И покрај тоа што НВО некои информации слободни ги пласираат во јавност, тие сепак си имаат одредени ограничувања за тоа кои информации можат да бидат достапни за пошироката јавност, а кои информации не се за во јавност т.е се тајни информации кои се добиени од сопствениот персонал кој е ангажиран во кризните региони. Извештаите кои ги изнесуваат НВО, политичките анализи кои се изнесени во овие извештаи најчесто се декларирани како со несогласувања и

[111] Alison Des Forges, Human Rights Watch, достапно на http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/ghosts/interviews/desforges.html, пристапено на 24.12.2013 година.

контрадикторност, а додека извештаите кои се доставуваат од учесниците на НВО за состојбата во критичните региони најчесто се непристрасни , навремени и релевантни. Информациите кои се доставени од критичните региони и се од таен карактер, ваквите информации најчесто се дебатираат на редовни-тајни средби, при што претставиниците на НВО директно ги информираат високите органи на раководството. Со цел да се дојде до овие извештаи за кои се знае дека се тајни и селективни, единствен начин со кој може да се допре до овие извештаи е да се принуди некој од учесниците да ги изнесе тајните информации кои биле дебатирани на тајниот состанок или преку прислушкување на присутните членови на тајниот состанок.

Како резултат на ова се јавува дилемата, како разузнавањето може да дојде до овие информации кои се изнесени на тајните средби? Како одговор на ова прашање ќе го изнесам фактот дека поголем број на НВО, најчесто се финансирани од владата на својата матична држава во која функционираат и дека поголем дел од членовите во НВО најчесто се припадници на вооружените сили и администрацијата во земјата во која дејствуваат и со тоа можам слободно да кажам дека информациите кои се сметаат за тајни можат многу лесно да им бидат достапни на разузнавачките служби. Разузнавачките информации кои ги добиваат НВО од критичните територии, најчесто се недеоволно опширни и нереални. Со тоа што овие информации се неопширини и нереални, истите подлежат на дополнителна анализа, при што тоа би резултирало во прецизна или ефективна разузнавачка информација.

**5.5 Можности за зголемување и осигурување на соработката**

Цивилно-воената координација се покажа како позитивен резултат на воен план, но и покрај тоа постојат шанси за нови предизвици кои би ја попречиле оваа успешна координација. За еден најголем предизвик кој би ја прекинал оваа врска е нејзиното одржување и унапредување. Воениот персонал, единиците за Цивилно-воена координација ги гледа од перспектива на скриена можност за добивање на разузнавачки информации. Но за жал овие единици за Цивилно-воена координација не се доволно обуечни спред определени разузнавачки техники,методи и процедури , со цел да

предвидат дали воениот персонал подлежи на определена закана која ќе ја загрози неговата безбедност и со тоа ќе ја загрози крајната цел на мисијата.

Силен стремеж, кој исто така треба да биде земен во предвид за перспективен развој на врската помеѓу Цивилно-воената координација и разузнавањето, е тоа дека разузнавањето во мировните операции не е пожелно директно да се наклонува врз информациите кои се доставени од страна на Цивилно-воената координација. Тоа е така бидејќи не треба да им се придава важност на одредени инфраструктурни проблеми кои му биле решени на локалното население и со тоа ќе бидат придобиени чувствата на страните во конфликтот и локалното население и истовремено безбедноста на мировните сили ќе биде загарантирана.

Со зголемувањето на мировните операции, паралено е зголемена и улогата на Цивилно-воената соработка со разузнавањето. Зголемувањето на оваа соработка помеѓу овие две компоненти го отвора полето за дискусии околу координацијата, соработките и влијанието на овие компоненти, кои имаат големо влијание во извршувањето на мировната операција. Секоја држава има посебна шема на поставеност на оваа Цивилно-воена координација но исто така и различен начин за собирање, обработка и дистрибуција на собраните разузнавачки информации. Без разлика на организациската поставеност на Цивилно-воената координација, како дополнителен проблем на врската помеѓу Цивилно-воената координација и разузнавањето, е решавањето на разликите и на националниот пристап и усогласувањето на овие две компоненти.

Иднината за соработка помеѓу разузнавачките служби и НВО е исто така како една причина повеќе за зајакнување на соработката, која исто така го потврдува фактот дека и двете компоненти имаат исти интереси кои се должат за осигурување на последичните односи на војните и мировните операции. НВО доста често се соочуваат со одредени закани кои можат да ја загрозат безбедноста на нивниот персонал и за таа цел неопходни им се информации за зоната во која треба да дејствуваат, а тие информации единствено можат да ги добијат само од разузнавачките капацитети кои се вклучени во извршувањето на мировната мисија. Не треба да го изоставиме и фактот т.е претпоставката дека и разузнавачките служби исто како и персоналот на НВО подлежат на одредени

безбедносни закани. Поради тоа од огромна важност е соработката помеѓу разузнавачките капацитети и НВО, заради тоа што оваа соработка е една од причините за задржување на непрекинатата контрола на безбедноста на глобално ниво, во ситуациа во која бројот на внатрешни конфликти бележи драстично зголемување. Но и покрај оваа соработка на НВО и разузнавачките капацитети, не смееме да ја занемариме и опасноста која може да им се закани на разузнавачките капацитети, а тоа е НВО да дејствуваат спротивно на разунавачките капацитети т.е негативно да влијаат врз разузнавачките капацитети. Во ваков случај разузнавачките капацитети се соочуваат со проблем кој е директно врзан со соработката помеѓу овие компоненти, а како проблем се јавува неможноста која треба да им се понуди на НВО како благодарност за дадената информација на разузнавачките служби.

### 5.6 Функции и улоги на Цивилно-воената координација во ОН

Како клучни функции на Цивилно-воената соработка во ОН кои се од големо значење во спроведувањето на мировните операции се:[112]

- Врски и управување со информации- оваа функција се однесува на широкиот опсег на активности кој вклучува размена и менаџмент на информации на сите нивоа на ЦИМИЦ. Во зависност од тоа на кое ниво се однесува соработката, овие активности вклучуваат учество во заеднички проценки, заедничко планирање и присуство во координативни состаноци.

  Во повеќето случаеви во мировните операции на ОН, офицерите на Цивилно-воената координација на ОН учествуваат на брифинзи за безбедносната ситуација на нивните цивилни партнери;
- Мисија за подршка- се однесува на воени компоненти кои се превземаат за подршка на надворешен цивилен партнер, на пример обезбедување на транспорт, обезбедување на специјализирана опрема и сл. Активностите кои се опфатени во мисијата за подршка можат да се поделат во две категории и тоа обезбедување на воени средства и обезбедување на безбедноста на услугите;

[112] Cedric de Coning, Civil Military coordination in UN and African Peace operations ( agreement Durban, 2007) стр. 189 достапно на http://www.accord.org.za/cimic/manual.htm пристапено на 27.12.2013

➤ Подршка на локалното население- се однесува на оние дејствија кои се обврзуваат за подршка на локалното население со цел да се изгради доверба во мировниот процес. Овие активности вклучуваат рехабилитација на инфраструктурата, помошни општествени услуги и подршка на националното помирувацње на нацијата. Подршка на активностите за подршка на локалното население може да ~~биде финансирана на ралзични начини~~.

* * * *

Врз основа на извршените анализи за Цивилно-воената координација може да се заклучи дека оваа соработка се должи на остварување на главната цел на мировната операција. Цивилно-воената соработка на ОН е една од елементите на поширoката координација која придонесува кон вкупната координација во спроведувањето на мировните операции. Поентата за оваа координација е во рамките на своето вистинско место во оперативните и тактички нивоа во мировната операција на ОН, која има значајна улога во управувањето со Цивилно-воената соработка на терен.

## 6. РАЗУЗНАВАЊЕТО КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Со цел да се дознае причината зошто постои недостаток од разбирањето за потребата од разузнавање во мировните операции, многу е битно да се направи разлика помеѓу различните видови на мировните операции. Трите различни генерации на мировни операции кои ги карактеризираат мисиите со голема сложеност и одговараат на прашањето зошто разузнавањето во основа претставува битен фактор во мировните операции, потребно е да се изврши долгогодишно и детално истражување на различните видови на мировни операции. Во ова истражување ќе бидат вклучени и набљудувачки мисии, кои и покрај тоа што не се вклопуваат во било која од категориите на мировни операции споменати во првото подглавје, им претходат на првата генерација на мировни операции и нудат вредни информации за разузнавањето добиени од мировните операции на ОН.

### 6.1 Улогата на разузнавањето во Набљудувачки мисии на ОН

И покрај тоа што разузнавањето има негативна конотација во системот на ОН, сепак се привикнати на соработката со разузнавачките служби. Првите мисии на ОН кои некогаш биле спроведени во доцните 40 ти, биле така наречените набљудувачки мисии и мисии за откривање на факти и со тоа им претходеле на традиционалните мировни операции. Во тие мисии, ОН испраќале невооружени воени мировници за да го набљудуваат примирјето на кое се согласиле страните учеснички во конфликтот и имале за обврска постојано да го информираат Генералното Собрание и Советот за Безбедност за развојот на настаните.[113]

Вообичаено набљудувачките мисии се релативно кратки, бидејќи немаат за цел да ја заштитат пограничната територија, туку нивната основна задача е да ги набљудуваат сите страни во конфликтот и да дадат извештај на надлежните органи. Набљудувачките мисии користат неколку начини за собирање на потребните информации.

Набљудувачката мисија на ОН во Израел (UNTSO) користела набљудувачки патроли и инспекции за да ги набљудуваат Изралеските граници со Сирија и Либан.[114]

UNMOGIP, мисијата на ОН во Индија и Пакистан е започната со користење на земјени и воздушни извидувања со цел да се набљудува договорот за примирје потпишан меѓу овие две земји во 1949 година.[115] Во извршувањето на набљудувачката мисија, набљудувачите забележале прекршување на договорот кој го потпишале двете страни и покрај оваа забелешка Советот за Безбедност не ја прекинал набљудувачката мисија.

Досега наведените набљудувачки мисии, во суштина претставуваат разузнавачки операции. Тие користат различни форми на слободни т.е отворени извори за информации кои се користат во воено разузнавачките операции.

Тие разузнувачки операции започнуваат со собирање на необработени информации, користејќи ги горе наведените методи. Процесот на обработка на информациите во корисни извештаи по дефиниција се наракува разузнавање.

[113] UN Department of Public Information. (2005). *India and Pakistan - UNMOGIP - Mandate*. Retrieved June 24, 2009, from United Nations: http://www.un.org/Depts/dpko/missions/unmogip/mandate.html пристапено на 22.10.2013

[114] Birgisson, K. T. (1993). United Nations Special Committee on the Balkans. In W. J. Durch, *The Evolution of UN Peacekeeping: Case Studies and Comparative Analysis*. New York: St. Martin's Press. стр.94

[115] UNMOGIPНабљудувачка мисија на ОН во Индија и Пакистан започната на 24.01.1949 која има за цел надгледување на примирјето помеѓу Индија и Пакистан во облста Џанур и Кашмир

## 6.2 Разузнавањето во првата генерација на Мировни Операции

Во првата генерација на мировни операции се разликуваат два вида на собирање на разузнавачки операции . Немањето потреба од разузнавање т.е разузнавачки информации за можни напади врз мировните сили на ОН, како резултат на принципот на согласност од страните во конфликтот за присуството на мировни сили на завојуваната територија, направија ситуација на сигурност дека мировните сили на ОН немора да се грижат за својата безбедност која може да биде загрозена од евентуални напади од страна на завојуваните страни. Неутралноста на мировните сили е причина за релативната сигурност од евентуални напади на мировните сили. Главната задача на мировните сили на ОН во првата генерација на мировни операции била да се осигураат дека страните во конфликтот нема да започнат нова борба и дека мировниот договор во целост ќе биде испочитуван и од двете страни. Потребата за тактичко разузнавање беше непостоечка, бидеќи тактичкото разузнавање првенствено е наменето да одговори на командите и на потребите на военото поле и истите може да се планираат доколку е потребно да се спроведе борбена операција.[116]Во суштина карактерот на првата генерација на мировни мисии, е причина оваа генерација на мировни мисии да функционираат како разузнавачки операции кои ги набљудуваат страните во конфликтот. Природата на првата генерација на мировни операции како разузнувачки или извидувачки мисии, на ОН ќе им обезбеди преку стекнатите искуства во овие мисии, да се подготват за ситуации каде ќе наидат на нецелосна соработка со една од страните во конфликтот.

Сепак, постојат големи разлики помеѓу ситуации каде двете страни сакаат да соработуваат и ситуации каде една од страните не сака да соработува. Во првата генерација на мировни операции, главната задача на мировниците била да ја увидат состојбата на страните кои се вклучени во конфликтот, дали е прекршена демократската рамка и дали било извршено прекршување на човековите права од страна на учесниците во конфликтот. Освен извршувањето на наредбата, немало потреба за зголемени

---

[116] Encyclopaedia Britannica. (2009). *intelligence*. Retrieved June 24, 2009, from Encyclopaedia Britannica online:
80 http://www.britannica.com/EBchecked/topic/289765/intelligence/53081/Levels-of-intelligence#ref=ref511578 пристапено на 22.10.2013

одбранбени способности кај овие мировни сили, а резултат за немањето на потребата од зголемена одбранбена способност била довербата на завојуваните страни кон мировните сили. Казните со кои една страна би се соочила доколку ги нападне мировните сили биле доста ригорозни, а тоа било причина за сигурноста од евентуални напади врз мировниците. Од друга страна мировните сили на ОН биле стационирани во една област, бидејќи тоа било побарано од страните во конфликтот. Можноста за измени на задачите на мировните сили зависела од промената на ставовите кај една од страните.Во првата генерација на мировни операции неможеме, а да не ја споменеме мировнита операција преземена од страна на ОН во Египет ( UNEF I).

**6.2.1 Египет (UNEF I- УНЕФ 1)**

Мисијата на ОН во Египет ( UNEF I ) е основана од страна на Генералното собрание на ОН кое се одржа од 01 до 10 Ноември во 1956 година. Целта на мисијата беше да се обезбеди прекин и надзор на непријателствата, вклучуваќи повлекување на вооружените сили на Франција, Израел и Велика Британија од Египетската територија. По повлекувањето на вооружените сили од Египетската територија потребно било да биде поставена тампон зона помеѓу Египтските и Израелските сили и да биде обезбеден непристрасен надзор на прекинот на непријателствата.[117]

Клучен елемент за ОН во оваа мировна операција, биле напорите за решавање на кризата, која била резултат од воената акција на израелските и англо-француските сили против Египет. Во суштина тоа било предуслов за обезбедување на прекин на непријателствата и доведување до ситуација во која ќе биделе повлечени англо-француските сили. Како разузнавачки техники за собирање на потребните информации биле превземани пешачки патроли и одредени сателитски снимки од разузнавачките капацитети на земјите, а како доплолнителна мерка за собирање на подобри разузнавачки информации било употребувано воздушното набљудување. Воздушното набљудување се состоело од пет авиони и персонал од 100 луѓе.[118] Учеството на овај персонал во воздухопловните

[117] ( Middle East-UNEF I, Mandate, достапно на http://www.un.org/en/peacekeeping/missions/past/unef1mandate.html пристапено на 22.10.2013

[118] (http://www.worldcat.org/title/evolution-of-un-peacekeeping-case-studies-and-comparative-analysis/oclc/442997633/viewport пристапено на 22.10.2013

средства за собирање на разузнавачки информации, претставува почеток на ОН во користењето на воздухопловни средства како процес на собирање на разузнавачки информации.

### 6.3 Разузнавањето во втората генерација на мировни операции

Проширувањето на одговорностите и мандатите на мировните сили ги променија нивните надлежности. Мировните операции не се само набљудувачки мисии туку од нив се бара да го осигураат испраќањето на хуманитарна помош, да го спречат прекршувањето на човековите права и да се обезбеди спроведување на слободни, демократски избори.

Во транс-националните конфликти, бројот на спротиставените страни се зголемил и разликите помеѓу овие групи во поголеми случаи биле неодредени. Овие ситуации бараат поинаков пристап кон мировните операции. Подготвителната фаза на мисиите имала потреба од различно планирање. Доколку мировните сили биле повикани на помош со цел да извршат пасивни одбранбени операции во јасно одредена област многу е лесно да се процени ситуацијата и да се утврди колкав број на мировници е потребно за извршување на мисијата. Сепак ситуацијата во која мировниците од втората генерација на мировни операции учествувале е различна од првата генерација на мировни операции. Вообичаено ваквите ситуации биле непостојани и било речиси невозможно да се открие почетокот и крајот на една свера на влијание.

Во ваков конфликт првичните подготовки барале многу повеќе информации за да се осигураат дека дадениот мандат е адекватен и дека мисијата во целост ќе резултира со успех. Со цел да се добие точна проценка на ситуацијата во конфликтот, потребно е да се направи добро стратешко разузнавање. Планерите на мисијата потребно е да ги знаат причините за започнување на конфликтот ( етнички, религиозни разлики, пристап до природни ресурси и сл), кои се спротиставените страни , дали постои режимско владеење, за што се залагаат страните и дали страните во конфликтот се заинтересирани за интервенција на ОН.[119]

---

[119] UN Department of Peacekeeping Operations. (2006, June 13). *United Nations Integrated Missions Planning Process (IMPP).* Retrieved June 24, 2009, from UN Department of Peacekeeping Operations: http://action.web.ca/home/cpcc/attach/06_DPKO_IMPP_final_.pdf стр.6 пристапено на 22.10.2013

Некои од овие работи се многу лесни за откривање, но за некои од нив потребно е да се знаат голем број на информации. Најбитно е тоа што доколку планерите направат лоша организација, мисијата ќе вроди неуспех. Мисијата во БиХ (УНПРОФОР) е добар пример за предвремениот неуспех во планирањето. Првично, Босна не беше спомната во надлежностите бидејќи силите на ОН биле испратени да ги прекинат борбите и етничките чистења во делови од Хрватска. Оваа мисија се одвивал според планираното и резултирала со успех. Кратко време пред да бидат повлечени мировните сили, избил конфликт во Босна и ОН одлучиле да ги искористат мировните сили со цел да се осигурaат дека цивилната популација во Босна ја примила хуманитарната помош.

Сепак, промената на надлежностите на УНПРОФОР не ја зеде во обзир вистинската ситуација во Босна. Поради недостаток на информации, не само што беше одлучноста за успех на Босанските Срби туку и нивното спротиставување за вмешувањето на ОН во конфликтот. На крајот мировните сили не беа во можност да ги исполнат нивните нови надлежности поради одбивањето на понудата за соработка со Србите. Откако Советот за Безбедност им даде одобрение на УНПРОФОР да ги превземат сите потребни мерки за олеснување на испораката на хуманитарна помош која е наведена во "Резулуцијата 770" од ОН во 1992 година сепак ситуацијата небеше подобрена.[120]

Повеќето земји учеснички во мировните мисии, особено Британија не ги овластуваше нивните трупи да користат мерки за заплашување кои ќе ги доведат во опасност нивните сили. Идеата за воспоставување на безбедносни зони од страна на ОН, а со цел да се заштитинаселението од етничко чистење беше добра идеја, но сепак недостатокот на информации и игнорирањето на претходните искуства доведе до катастрофа.

Без соодветна подготовка и опрема мировните сили на ОН беа задолжени да ги заштитуваат градовите од нападот од Србското население. Покрај тоа ОН ниту еднаш не пробаа да откријат што би можеле Србите да мислат за ваквиот потег и каква ќе биде нивната реакција за тоа, верувајќи дека заканата од воздушен напад ќе ги спречи Српските воени сили да ги нападнат мировниците на ОН.[121]

---

[120] United Nations. (1992, August 13). *Resolution 770*. Retrieved February 12, 2009, from Security Council Resolutions - 1992: http://daccessdds.un.org/doc/UNDOC/GEN/N92/379/66/IMG/N9237966.pdf?OpenElement

[121] Finlan, A. (2004). *The Collapse of Yugoslavia 1991 - 1999*. Oxford: Osprey Publishing. стр.49

Ова би можело да успее доколку ОН имаа желба да покажат дека оваа нивна закана е вистинска, исто така преку заштитување на Босанските муслимани од поставените напади на Српските позиции надвор од тие безбедносние зони. Покрај се, втората генерација на мировни операции сеуште имаше недостатоци за разузнавачките способности, како и неодлучноста на ОН да го признаат тоа. Тие зависеа од разузнавачките информации обезбедени од страна на земјите учеснички во мисијата. Се чини дека ова би можело да функционира, бидејќи сите мировници имаат разузнавачки способности, но сепак постојат неколку проблеми поврзани со тоа. Сите воени сили не се на исто ниво кога станува збор за техонологијата, поради тоа квалитетот на разузнавачките информации воглавно зависи од тоа кои земји учествуваат во мисијата.[122]

Со неодлучноста на САД за испраќањето на мировни сили пред UNOSOM[123] ОН повеќе немаа пристап до најдобрите разузнавачки информации.

Друг проблем претставува неодлучноста на државите да ги споделат нивните разузнавачки информации со мировните сили од несојузнички земји иако тие учествуваат во истата мисија. Во Босна оваа причина прерасна во проблем кога команддантниот офицер на оделот за разузнавање на UNPROFOR неможеше да ги сподели и соодветно да ги искористи информациите со своите потчинети, бидејќи неговите потчинети доаѓаа од државите членки на НАТО и истите примаат разузнавачки информации од нивните матични земји.[124] Повеќето земји тврдат дека причина за ваквото однесување е тоа што тие не сакаат да ги откријат нивните извори и нивото на нивните разузнавачки способности. Воглавно ова е разбирливо, но сепак доколку неподготвеноста да се споделат информации од витален карактер, доведува до ситуација да може да се загрози целосниот успех на операцијата, а и со тоа да се загрозат животите на учесниците во мировната операција.

Би било добра идеја да се земи во предвид воспоставувањето на посебноста која ќе го координира процесот на собирање на разузнавачки информации и кој ќе овозможи ниту еден извор да не биде разоткриан. Исто така останува прашањето дали е возможно да се

[122] Krishnasami, K. (2003, March). Bangladesh and UN Peacekeeping: The Participation of a 'small' State. *Commonwealth & Comparative Politics*, *41* (1), стр. 24-47.

[123] UNOSOM- Операција на ОН во Сомалија започната во Април 1992 од страна на ОН

[124] De Jong, B., Wies, P., & Steele, R. D. (Eds.). (2003). *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future.* Oakton, VA: OSS International Press. стр 54

внесе доволно доверба кај учесниците во мировната мисија, за тие да прибираат разузнавачки информации од нивните партнери без да се стремат кон дознавање на потеклото на информацијата и начинот на кој таа е добиена. Во крајна линија повеќе од потребно е да се добие потребната информација, отколку да се дознае нејзиниот извор.

### 6.3.1 Босна и Херцеговина (UNPROFOR-УНПРОФОР)

Мировната операција УНПРОФОР во Босна и Херцеговина била воспоставена од страна на ОН во Февруари 1993 година. Основна задача на мисијата била заштитата на означените безбедносни зони од борбени дејства. Но покрај тоа оваа мисија не само што покажала дека постојат недостатоци во начинот на кој разузнавачките информации се собрани и споделени туку и дека постојат големи проблеми со командантната структура на мировните операции, особено кога станува збор за соработката со земји кои не се членки во ОН. Основната надлежност на НАТО силите во Босна било да испорача воена подршка во мисијата на ОН . Задачите на НАТО биле засилување на контролата во зоната на летови , засилување на ембаргото за оружје донесено од страна на ОН, обезбедување на воздушна подршка против агресијата на босанските срби и обезбедување на разузнавачка подршка на воените сили.[125]

Од неколку причини, сите овие навидум едноставни задачи неможеле да бидат постигнати. Засилувањето на воздушните сили над Босна би можела да биде лесна задача за НАТО. Тие развиле воздухопловство наречено AWACS[126], набљудувајќи го воздушниот простор на Босна нудејќи му можност да ги забележат речиси сите прекршувања. Сепак засилувањето во воздушната зона било само делумен успех бидејќи биле игнорирани за речиси 3317 пати за времетраењето на војната и како резултат на тоа само четири авиони биле срушени од страна на НАТО воздушните сили во речиси 100 000 воздушни напади од страна на Италијанското воздухопловство.[127] Проблемот со засилувањето е во постоењето на две паралелни командни насоки, едниот во НАТО, а другиот во ОН. Според тоа, во случајот на воздушната зона, еден пилот на НАТО откако ќе забележел прекршување на

[125] Finlan, A. (2004). *The Collapse of Yugoslavia 1991 - 1999*. Oxford: Osprey Publishing. стр.47-81
[126] AWACS- Воздушно предупредувачки и контролен систем- поопшт поим за тип на летала кој се користат во овој систем
[127] (Jackson, R. J. (1997, June 30). NATO and Peacekeeping. стр.14

воздушниот простор морало да се консултира со неговиот надлежен за реакција кон прекршувањата во воздушниот простор. Мисијата во Босна го обележа активното учество на воздушните сили на НАТО во борбата против судирите.[128] Поради тоа почетокот на мисијата претставуваше тест за самите структури на НАТО силите. Никој не беше сигурен во тоа како и дали воопшто постоечките структури би функционирале.

Дополнително, кога Југославија почнала да се распаѓа НАТО силите не биле доволно подготвени за првично справување со тој проблем бидеќи непостоеле никакви информации за Југославија.Механизмите на НАТО за разузнавачка подршка сеуште се фокусираа на војната со советскиот сојуз и како резултат на тоа постоеше недостаток на слободни разузнавачки информации за ситуациите во конфликтот.[129]

Првично ова беше чудно, земаќиго во предвид фактот дека Југославија била социјалистичка држава но НАТО имаше добри односи со Југославија и поради тоа не ги трошеше своите разузнавачки механизми за нејзино набљудување. Тие беа повеќе загрижени за државите од источниот блок. Поради тоа кога започна конфликтот на балканот, НАТО мораше да собери информации од сите достапни извори. Еден од изворите кои беа прислушувани од нивна страна беше веб-страната на асоцијацијата на "сопственици на речни бродови", во Југославија која имаше прилично ажурирани информации за точното место на конфликтот, долж реките Сава и Дунав во таа област.[130] Друг проблем со кој НАТО силите беа соочени беше дефицитот на пешадиски воени сили во Босна, кои би можеле да соберат разузнавачки информации.

На почетокот на конфликтот НАТО силите воспоставија врска со меѓународниот црвен крст и со организациите за хуманитарна помош во склоп на ОН, со цел да добијат информации за секојдневните случувања во Босна.[131]

Друг начин преку кој НАТО добиваше разузнавачки информации беше преку извршување анкетирање на бегалците и прислушкување на повеќето Српски радио станици. Фактички НАТО силите секојдневно обезбедуваа разузнавачки информации за

[128] Thomas, T. L. (March 1995). United Nations Crisis Management in Bosnia: Problems and Recommendations. *Vojenske Rozhledy*, стр. 50-63

[129] За подетални информации види на Schuster, C. O. (2004). *Intelligence Support to Peacekeeping Operations*. Ottawa: Carleton University

[130] Schuster, C. O. (2004). *Intelligence Support to Peacekeeping Operations*. Ottawa: Carleton University

[131] Wentz, L. K. (1998). NATO Command, Control, and Communications in Bosnia. In L. R. Chalmer, & J. W. Pierce (Eds.), *NATO 1997: Year of Change*. Washington, D.C.: National Defense University Press

силите на ОН во Босна, но соработката помеѓу нив била толку мала што тие информации ретко успевале да стигнат до командантите на ОН. Пример, разузнувачката служба на НАТО имала информации за планираниот напад на Сребреница неколку дена пред неговото извршување, но во повисоката командантна структура во ОН никој не ја прифатил како сериозна информација и додека НАТО силите успеале да добијат некого во Сребреница за да ги предупреди мировниците кои се наоѓале на територијата на Сребреница, нападот веќе бил извршен.[132]

Сепак и покрај големиот број на информации, тристотините недоволно опремени Холандски мировници веројатно не би успеале во спречувањето на Српските сили во окупирањето на градот. Искуството на ОН во Босна и Сомалија им ги отвори видиците на некои команданти во ОН, за фактот дека успехот на една мировна мисија, потребни е промена на своите ставови околу разузнавачките служби.

### 6.3.2 Дејствувањето на ОН во Босна и Сомалија

ОН конечно сватија дека се потребни реформи во Оделот за мировни операци (DPKO), пак поради тоа формираа комисија која ќе го испита процесот на мировните операции и со тоа да се дојде до решение за недостатоците кои постојат во ДПКО. Резултатите беа објавени во Брахими извештајот, кој беше проследен од неколку последователни извештаи за напредокот на реформите. Главниот заклучок на овај извештај беше дека недостатокот во собирањето и функционирањето на глобалните информации како и способноста за процесирање и анализирање на овие информации ги спречуваше ОН во успешното извршување на мировните операции.[133]

Одбивноста кон зборот разузнавање во рамките на ОН предизвикувала некои сериозни проблеми. Недостатокот на одговорност водел до општиот поим дека ОН неможат да се справат или да соберат информации ефикасно и успешно. Поради ова Генералното Собрание морало да се потпира на неформалните информации добиени од земјите членки

[132] За подетални информации види на Wiebes, C. (2003). *Intelligence and the War in Bosnia, 1992-1995*. New Brunswick, NJ: Transaction Publishers. подглавје 8

[133] United Nations. (2000). *Report of the Panel on United Nations Peace Operations: Executive Summary*. Retrieved January 24, 2009, from United Nations: http://www.un.org/peace/reports/peace_operations/ пристапено на 24.10.2013

како додаток на информациите кои ова собрание можело да ги добие од тимовите за утврдување на факти при ОН.

Сепак ова не значи дека ОН не се трудат да го формализираат процесот на собирање на информации. Со текот на времето, ОН формираа над 60 информациски центри низ целиот свет. Генералниот секретар Хавиер Перез де Келар ја согледал потребата од подобрување на способностите на ОН за собирањето на разузнавачки информации. Неговиот обид за рационализирање на протокот на информации од регионалните директорите до шефовите на ОН во Њујорк вродил со неуспех, бидејќи директорите на повеќето вакфи канцеларии немаа "никакви познавања за природата на политичкото известување".[134]

За подобрување на квалитетот на добиените информации, генералниот секретар ја отворил канцеларијата за "Истражување и прибирање на информации (ORCI) како дел од неговиот личен персонал. Надлежноста на ОРЦИ била да собира, организира и анализира политички информации со цел да му помогни на генералниот секретар да ги подобри превентивните дипломатски напори на ОН. Канцеларијата за истражување и собирање на информации

никогаш ги немала потребните финансиски средства и персонал и се соочувала со голем внатрешен притисок од страна на другите канцеларии на ОН. Генералниот секретар Бутрос Гали, се стремел кон промена на структурата на секретаријатот на ОН и ја сватил потребата за располагање со добри разузнавачки информации. Според тоа одговорностите кои ги имала ОРЦИ, тој им ги предал на ново формираниот оддел за политички прашања и организирал формална обука на персоналот. Оваа обука била спроведена од страна на Институтот за обука и истражување при ОН во Женева во соработка со Меѓународната мировна академија.[135] . За прв пат била создадена програма за обука, чија главна цел била да ги обучи функционерите на ОН за собирање и анализа на информации. Бидејќи ОН веќе имале канцеларии и претставници во речиси сите земји во светот, собирањето на информации за политички, економски, воени и социјални проблеми, не преставувала посериозна пречка за ОН. Единствен проблем бил недостатокот од добар систем за

[134] Sutterlin, J. S. (2003). *The United Nations and the Maintenance of International Security: A Challenge to be Met.* Westport, CT: Praeger стр.18

[135] Исто стр.19

соодветно третирање на собраните информации, вклучувајќи ги во системот за предвремено предупредување.

Слични вакфи системи веќе биле поставени во организацијата на ОН за следење на бегалците,храната и други хуманитарни кризи. Сите овие овие информации кои се веќе собрани можат да ги обезбедат потребните стратешки информации потребни за превенција на кризи и подготовки за мировни операции.

Постои потребата за различно битие да го координира напорот за собирање и организирање операциони и тактички разузнавачки информации.[136]

ОН направија голем напредок кон интегрирањето на разузнавачките операции во нивните мировни операции. Таков чекор бил направен со отварањето на центарот за анализа на заедничка мисија (JMAC) и заедничките оперативни центри (JOC) во 2006 година. Двата новоформирани центри се сметаат за разузнавачки тела. Политичката директива на ДПКО ја опишува задачата на ЈМАЦ како " интегрирано мониторно работење", известување и анализа на информациските центри во седиштето на мисијата за да ја подржи поефективната интеграција на мисијата- широката свесност за ситуацијата, безбедноста на информациите и анализа на менаџменското работење.[137]

ЈМАЦвообичаено се состои од експерти во сите полиња кои можат да ја засегаат една мултидимиензионална мировна операција. Во еден ист тим можело да се најдат политички аналитичари, експерти за развој и безбедност како и правни професионалци и луѓе кои биле задолжени за хуманитарна помош, обезбедувајќи им на командантот на операцијата и генералниот секретар потребни информации. ЈМАЦ требало да испорачаат разузнавачки информации на три нивоа: разузнавачко операциона подршка за спроведување на мировните операции, тактички разузнавачки информации кои ќе ја осигураат безбедноста и сигурноста на ОН и другите одговорни лица за спроведување на хуманитарната помош и исто така стратешки разузнавачки информации кои ќе го подржат процесот на донесување одлуки во седиштето на ОН во Њујорк во подготовките на мировните мисии.[138]

---

[136] De Jong, B., Wies, P., & Steele, R. D. (Eds.). (2003). *Peacekeeping Intelligence: Emerging Concepts for the Future*. Oakton, VA: OSS International Press стр.329

[137] UN Department of Peacekeeping Operations. (2006). *The Joint Operations Centre and the Joint Mission Analysis Centre*, UN doc. POL/2006/3000/. Retrieved July 1, 2009, from Estado 86 Mayor Conjunto de las Fuerzas Armadas:http://www.fuerzasarmadas.mil.ar/OMP/Publicaciones/ONU/ENGLISH/PEACEKEEPING%20OPERATIONS/Joint%20Ops%20Centres%20and%20Joint%20Mission%20Analysis%20Centres.pdf пристапено на 24.10.2013

ЈМАЦ е тело кое го насочува процесот на донесување одлуки и споделување на информации во системот на ОН. Во повеќето модернистички интегрирани мисии на ОН барем неколку оддели од ОН земале свое учество. ЈМАЦможела да се искористи како алатка за спречување на трошењето на изворите преку намалувањето на персоналот. Доколку ЈМАЦ работи соодветно, таа ги координирала напорите помеѓу различните оддели со што го намалувала ризикот од работењето на истото од страна на два различни оддели.[139]

Сепак, бидејќи ОН се институција поделена на оддели според функцијата која ја вршат, процесот на интеграција не бил воопшто лесна задача. Некои оддели биле против подредувањето на нивните интереси за интересите на целокупната организација. Доколку овие проблеми не биле решени пред ЈМАЦ постоело шанса да се појават понатамошни проблеми во одредувањето на линијата. Друг проблем со кој се соочувала ЈМАЦ е начинот на третирање од страна на водството на ОН. Доколку водството на ОН ја третира ЈМАЦ како лична информациска алатка, повеќето од нивните потенцијал е потрошен, особено откако мисијата ќе биде започната и командирите во таа мисија ќе имаат потреба од разузнавачки информации за успешно спроведување на нивните задачи.[140]

Од друга страна, доколку ЈМАЦ не е подеднакво прифатена од сите оддели кои учествуваат во мисијата, нивните позитивни ефекти врз таа мисија нема да бидат искористени. Дефинитивно постои тенденција спрема тоа, бидејќи ЈМАЦ била креирана откако ДПКО изјавиле дека имаат потреба од подобра разузнавачка подршка.[141]

[138] Cammaert, P. C. (2004, December). *UN Peacekeeping and Intelligence - No longer a Secret.* Retrieved July 1, 2009, from OSS.net: http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/070910/2db1bfa78100d0aa6a5997a50a74fc21/004%20UN%20MajGen%20Cammaert.doc пристапено на 24.10.2013

[139] UN Department of Peacekeeping Operations. (2006). *The Joint Operations Centre and the Joint Mission Analysis Centre*, UN doc. POL/2006/3000/. Retrieved July 1, 2009, from Estado 86Mayor Conjunto de las Fuerzas Armadas: http://www.fuerzas-armadas.mil.ar/OMP/Publicaciones/ONU/ENGLISH/PEACEKEEPING%20OPERATIONS/Joint%20Ops%20Centres%20and%20Joint%20Mission%20Analysis%20Centres.pdf пристапено на 24.10.2013

[140] Franco, J. J. (2009). *Military Information in Peace Keeping Missions: Argentina's Experience in Haiti.* Retrieved July 1, 2009, from US Army Peacekeeping & Stability Operations Center стр.7: https://pksoi.army.mil/Docs/PKSOI%20Bulletin/Bulletin%20Articles/Military_Information_in_Peace_Keeping_Missions_English_rev5.pdf пристапено на 24.10.2013

[141] Ngulube, M. M., Hagglund, G., Erskine, E. A., & Tubman, W. (1995). *The Comprehensive Report on Lessons Learned from United Nations Operations in Somalia (UNOSOM) April 1992 - March 1995 стр.20* . Retrieved July 1, 2009, from UN Department of Peacekeeping Operations : http://www.un.org/Depts/dpko/lessons/UNOSOM.pdf пристепно на 24.10.2013

Како резултат на тоа, многу цивилни оддели при ОН биле подготвени да испратат персонал кој ќе работи во ЈМАЦ. Во принцип, концептот на ЈМАЦ имал потенцијал да ја извршува улогата на разузнавачка служба во мировните операции.

Досега, го покажале својот потенцијал во процесот на поставување на една мировна операција, но задачата на обезбедување стратешки разузнавачки информации за повисоките нивоа на менаџмент е склона задача кон создавање на дискусија за тоа каде треба да се смести ЈМАЦ во синџирот на команди. Доколку нејзината локација остане во синџирот на команди на DPKO концептот на ЈМАЦ понатаму би можел да биде развиен во тело за разузнавање за мировните операции. Доколку водството на ОН одлучи да ја тргне ЈМАЦ од ДПКО со цел да ги направи нив попривлечни за цивилните оддели, нивната вредност за командантите на мировните сили на ОН може да биде ограничена, но подобрените стратешки разузнавачки информации за повисоките управи на ОН може да доведе до огромни подобрувања во процесот на планирање на мировните операции. За тоа како може да биде подобрен процесот на разузнавање во ОН и улогата која можат да ја играат отворените извори на информации ќе бидат дискутирани во подглавјето за отворените извори на информации (OSINT).

**6.3.3 Руанда ( UNAMIR-УНАМИР)**

Во Октомври 1990 година избувна граѓанската војна во Руанда, со што почна да се создава и Руандскиот патриотски фронт како бунтовничка група, при што бунтовничкиот фронт ја нападна Уганда во нејзината јужна граница т.е северниот дел на Руанда. ОН превзедоа мировна мисија за помош на Руанда, која основна задача на оваа мисија беше спроведување на Аруша договорот.[142]

Со УНАМИР мировната мисија во Руанда беа достапни точни информации за идните планови на етничката група Хуту, односно за масакарот врз малцинската етничка група Тутси.[143] Сепак овие разузнавачки информации не се базирале врз богатиот воен-информациски систем за собирање, анализирање, потврдување како и врз воената

[142] - Аруша договорот се состои од пет протоколи, потпишан во Аруша на 4ти Август 1993 година, од страна на Владата на Руанда и бунтовниците на Руанда патриотскиот фронт (РПФ) со цел да се стави крај на три-годишната граѓанска војна во Руанда.

[143] Cammaert C. Patric, *Intelligence in Peacekeeping Operations: Lessons fot the Future*, стр. 24

подготовка за разузнавање на военото поле ( МIРВ), туку врз информациите добиени од извесен "Жан Пјер", кој како награда за изнесените информации побарал азил за него и неговото семејство[144]. За Жан Пјер било шпекулирано дека бил воен командант и двоен агент, покрај тоа што имал соработка со "Interahamwe", во исто време соработувал и со Патриотскиот фронт на Руанда (RPF). Според одредени извори на ОН, вистинското име на Жан Пјер било Turatsinze Abubakar кој во понатамошните борби од конфликтот бил убиен од припадниците на Патриотскиот фронт на Руанда.[145]

Процесот на подготовка за разузнавање на военото поле (МIРВ) бил политички ограничен и сиромашен со информации кои би овозможиле детална анализа на ситуацијата, развојот на тековните воени операции и можните предизвикувачи на конфликти. Бројот на жртви во конфликтот во Руанда се проценува на повеќе од пола милион од кои околу стотици иљади животи би биле поштедени доколку би се спроведила мировна мисија.

Ова зависело од подршката на земјите членки на Советот за безбедност, но сепак тоа не било постигнато. Според тоа се поставува прашањето дали советот за безбедност и земјите челенки би реагирале поразлично и "дали светот би бил поштеден од над половина милион смртни случаи доколку информациите за планираниот геноцид биле добиени од широко базирани извори на информации, кои во процесот на мировна подготовка заразузнавање на военото поле ( МIРВ) би ги користеле воспоставените ресурси во одреден временски период".

Разузнавањето мора да биде производ на анализи од различни извори на информации во текот на одреден временски период, мора да постои систем и командантите од сите нивоа мора да имаат доследна доверба во тој систем. Во случајот со Руанда, доколку имаше подобро разузнавање, лидерите на ОН би гледале со поголема доза на доверба кон разузнавањето, тие би можеле значително да ја променат надлежноста и овластувањата на УНАМИР, со цел да овозможат превентивни активности. Ова би довело до стабилизирање на ситуацијата или би овозможило доволно време за испраќање на засилување.

[144] Bradshav Steve, *When Good Men do Nothing*, BBC News, 30.03.2004, достапно на http://news.bbc.co.uk/2/hi/programmes/panorama/3577575.stm, пристапено на 25.11.2013

[145] Mbeko Patrick, *Rwanda: Genocide of Tutsis, Who is Responsible?*, The Proxy Lake, 01.10.2010, достапно на http://www.theproxylake.com/2010/10/genocide-of-tutsis/, пристапено на 25.11.2013

Како резултат на ова, проценката на ОН била дека владините сили и Патриотскиот Фронт на Руанда биле единствените страни во конфликтот кои ја изоставувале присутноста и делувањето на парамилитантната формација "Interahamwe" и со тоа фракциите во владата придонеле за раздор на цивилното население и разузнавачкиот интерес на соседната Уганда[146]. Доколку би се располагало со подетална разузнавачка проценка за историјата на меѓуетничките односи,разните индикатори, политичката волја и можностите на спротиставените страни би имале пореален мандат.

Руанда претставува добар пример за потребата од сеопфатно разузнавање во меѓународните мировни операции. Со тоа се покажа дека разузнавањето треба да биде анализиран продукт на разновидни разузнавачки извори и дека има потреба од систем за добра достава на информациите до крајните корисници во зоната на операциите.

### 6.4 Разузнавањето во мировните операции во XXI век

Карактеристично за мировните операции кои се превземани во XXI век е се почестата реализација на мисиите базирани на разузнавачки информации. Неколку мировни мисии целосно биле контролирани од страна на разузнувачкиот орган во мисијата.

Пример за таков случај е мисијата на ОН во Конго која била превземана во период од 2006 до 2007 година. Оваа мисија била поделена на повеќе секции и тоа J2,C2 и Г2[147]

На секцијата J2 и била дадена одговорност за контрола на движењето на воениот персонал, кои имале за задача да обезбедат информации за опасните бунтовнички групи кои престојувале на териотријата на Конго. Исто така доста покарактеристична мисија која се одвивала во периодот на XXI век е и мисијата на ОН во Хаити ( MINUSTAH). Мисијата МИНУСТАХ која имала за цел да изврши стабилизација на Хаити, разузнавачките органи на националните единици кои учествувале во мисијата, биле употребени во борбата против бунтовничките групи кои контролирале поголем дел од

[146] Kabunduaguru Mathias, *Peacekeeping and the UN: Lessons from Rwanda*, Asia Pacific Press, 1999, стр. 6, достапно на https://digitalcollections.anu.edu.au/bitstream/1885/41691/3/cem99-3.pdf, пристапено на 25.11.2013

[147] ( Dorn A. Walter, *Intelligence-Led Peacekeeping: The United Nations Stabilization Mission in Haiti (MINUSTAH), 2006-07*, Intelligence and National Security, Vol. 24, No. 6, 2009, стр. 806, достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/091219/3ea61ba5ac6e0f229f4faa6fc6bc03e7/2009-12-19%20Dorn%20Haiti%20UN%20Intelligence%20Dec%2009.pdf, пристапено на 27.10.2013

градовите во Хаити. Во спроведувањето на оваа мисија, ОН имале на располагање разузнавачки информации за одредени криминални активности[148].

Исто така разузнавачките органи имале за задача да изработуваат и детални разузнавачки подготовки пред отпочнувањето на операциите за борбата против бунтовничките групи. Мировните операции во Конго и во Хаити карактеристични се по тоа што како главен извор за собирање на разузнавачки информации за ОН биле разузнавачките служби на земјите кои дале активно учество во наведените мисии. Од овие два наведени примери може да се заклучи дека разузнавачката подршка која ја добиваат ОН од современите држави ќе биде или е многу поголема доколку во конкретна мировна операција учествуваат и вооружените сили на современите држави. Искуството на ОН во Конго, Сомалија,Босна, и Руанда го докажаа фактот дека успехот и реализацијата на сложените мировни операции директно зависи од квалитетот на собраните разузнавачки информации.

### 6.5 Извештајот на Брахими за мировните операции ( Август 2000 год)

Извештајот на панел дискустиите на ОН за мировни операции е напишан во 2000 година ( A/55/305, 21 август 2000 година) на барање на Генералниот секретар на ОН, Кофи Анан. На панелот претседавал поранешниот министер за надворешни работи на Алжир, Г-дин Лакдар Брахими.[149] Главна цел на панелот била " да се превземе ревизија на мирот и безбедносните активности и да се даде јасна слика за конкретните и практични препораки со што во иднина ќе им се помогне на ОН во спроведувањето на мировните операции". Извештајот на Брахими ја потенцирал потребата од подобрување на разузнавањето на ОН на оперативно, тактичко и стратегиско ниво. Според извештајот на Брахими, добро спроведените разузнавачки операции , придонесуваат за унапредување на набљудувачките операции и воспоставувањето на мирот и заштитата на силите[150].

---

[148] UN News Centre, *Haiti: UN Peacekeepers Launch Large-Scale Operation Against Criminal Gangs*, 09.02.2007

[149] ( The Brahimi report : four years on Proceedings of a workshop held at the Geneva centre for security policy, Thierry Tardy-GCSP Faculty Member June 2004 стр.5 достапно на www.civcap.info/fileadmin/user_upload/Research_Reports/Tardy_Report.pdf пристапено на 10.11.2013

[150] United Nations, *Report of the Panel on United Nations Peace Operations*, UN Document A/55/305-S/2000/809, 2000. стр. 10, достапно на http://unic.or.jp/security_co/pdf/a_55_305_e.pdf, пристапено на 10.11.2013

ОН им дале овластување на Меѓународните Мултинационални Сили за Интервенција (IEMF) паралелно со мировните сили на ОН да учествуваат во осигурувањето на хуманитарната безбедност во Конго. Како водичка држава на IEMF била Франција, која за потребите на мисијата обезбедувала единици за сигнално разузнавање и специјални разузнавачки единици.[151]

Најдобриот потег кој го направија ОН во врска со разузнавањето во мировните операции е формирањето на Здружениот Аналитички Центар за Мисиите на ОН (Joint Mission Analysis Centre-JMAC) во 2006 година. Улогата на JMAC била следна: ЈМАЦ била надлежна за менацирањето на цивилните и воените информации од мисијата со цел да се даде подршка на Специјалниот Претставник на Генералниот Секретар.[152]

Кога станува збор за задачите на ЈМАЦ, неопходно е да се спомне дека ЈМАЦ ќе ги развива приоритетните информациски побарувања кои всушност се основа за изработка на извештаите и анализите во текот на мисијата. Во функционирањето на ЈМАЦ исто така влегуваат и информациите од многу отворени извори и НВО кои дејствуваат независно од ОН. Со формирањето на ЈМАЦ, како неопходен дел од исполнувањето на препораките од Извештајот на Брахими, ОН сватија дека разузнавањето е голема потреба во извршувањето на своите мисии. Генералниот секретар на ОН, Бан-Ки-Мун, во февруари 2007, предложил вклучување на ЈМАЦ во мисиите на ОН во Чад и Централната Африканска Република.[153]

Во 2006 година биле воспоставени шест здружени аналитички центри во следните мировни мисии на ОН: Бурунди ( ONUB), Либерија ( UNIMIL), Конго (MONUC), Судан ( UNIMIS), Брегот на слоновата коска ( UNOCI) , Хаити ( MINUSTAH).[154]

---

[151] United Nations Peacekeeping Best Practices Unit, *Operation Artemis: The Lessons of the Interim Emergency Multinational Force*, 2004, стр.13, достапно на http://humansecuritygateway.com/documents/UNDPKO_operationArtemis.pdf, пристапено на 10.11.2013

[152] Special Representative of the Secretary General- SRG) и на процесот на донесување на одлука од страна на командантите. (United Nations Department of Peacekeeping Operations, *Handbook on Multidimensional Peacekeeping Operations*, 2003, стр. 69, достапно на http://www.peacekeepingbestpractices.unlb.org/Pbps/library/Handbook%20on%20UN%20PKOs.pdf, пристапено на 10.11.2013

[153] United Nations, *Report of the Secretary-General on Chad and the Central African Republic*, UN Document S/2007/97, стр.12, достапно на http://www.securitycouncilreport.org/atf/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8CD3-CF6E4FF96FF9%7D/CAR%20S200797.pdf, пристапено на 10.11.2013

[154] United Nations, Overview of the Financing of the United Nations Peacekeeping Operations: Budget Performance for the Period from 1 July 2004 to 30 June 2005 and Budget for the Period from 1 July 2006 to 30 June 2007," UN

За време од една година биле воспоставени уште три Здружени аналитички центри во мисиите на ОН во следните држави: мисијата MINURSO во Западна Сахара,мисијата UNMIT во Источен Тимор и мисијата UNIFIL во Либан. Генералниот секретар на ОН ги оценува позитивно функционирањето на JMAC-MINURSO и случувањата во Западна Сахара. "Преку своите организациски единици, келијата за собирање и анализа на информации-здружената аналитичка келија го организира собирањето и анализата на информации значајни за прашањата за имплементирање на мандатот на MINURSO. Здружената аналитичка келија постепено се разви во поефикасен инструмент на стратегиско донесување на одлуки за MINURSO".[155]

Покрај наведените придобивки на ОН од имплементирањето на Извештајот на Брахими, ОН и понатаму продолжија да се соочуваат со пропусти кои го загрозуваат исполнувањето на мисијата и нејзиниот мандат. Еден од најголемите пропусти на ОН е неумешноста на разузнавачкиот персонал на ONUB да ги анализира информациите за политичката состојба во Бурунду и да ги претвори во соодветна разузнавачка проценка за изборните резултати во функција на заштита на силите.[156]

Исто така друг проблем кој почнал да се јавува поради неимплементирањето на препораките од Извештајот на Брахими, бил недостатокот од разузнавачки информации за магацините со лесно и тешко вооружување на завојуваните страни.[157] Овај проблем бил голема пречка во процесот за демобилизација, разоружување и реинтегрирање кој бил превземен во повеќе активни мисии на ОН.

Како дел на процесот за демобилизација, реинтеграција и разоружување е во 2004 година, мисијата UNMIL во Либерија, каде што во просек биле собрани по едно парче оружје на секој четврти парамилитант.

---

Document A-60-696, стр. 37, достапно на http://www.securitycouncilreport.org/atf/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8CD3-CF6E4FF96FF9%7D/PKO%20A60696.pdf, пристапено на 11.11.2013

[155] United Nations, *Report of the Secretary-General on the Situation Concerning Western Sahara*, UN Document S/2006/249, стр.7, достапно на http://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=S/2006/249, пристапено на 11.11.2013

[156] Jackson Stephen, *The United Nations Operation in Burundi (ONUB)—Political and Strategic Lessons Learned*, Conflict prevention and Peace Forum, New York, 2006, стр. 22, достапно на http://pbpu.unlb.org/PBPS/Library/ONUB%20Lessons%20Learned.pdf, пристапено на 11.11.2013

[157] [157] Rees Edward, *Security Sector Reform (SSR) and Peace Operations: 'Improvisation and Confusion' from the Field*, 2006, достапно на http://www.peacekeepingbestpractices.unlb.org/pbps/Library/ES_SSR_PEACE_OPS_REES_PBPS_2006.pdf, пристапено на 11.11.2013

Како друг пример за недостаток на разузнавачки информации во мировна мисија е нападот на ОН во Багдад во 2003 година, каде што загинува главниот претставник на ОН, Серџо Виериа де Мело. Во истиот напад кој се случи девет дена по воспсотавувањето на мисијата на ОН во Ирак, биле убиени уште 14 лица.[158]

Овие неколку примери се доволен доказ за потребата од целосна имплементација на препорапките од Извештајот на Брахими.

* * * *

Анализираќи ја улогата на разузнавањето во мировните операции, може да се заклучи дека мировните сили на ОН поседувале напредни материјално-технички ресурси и со тоа биле поставени во основите на разузнавањето кое било битен фактор во процесот на подготовка, планирање и реализација на мировните операции на ОН.

Учеството на современите држави во извршувањето на мировните операции во периодот од XX век и XXIвек покажа примена на поразвиен систем за попрецизно собирање на информации неопходни за извршување на мировната операција.

Во овај дел од истражувањето во кој беа вклучени примери за разузнавањето како важен дел од мировните операции, можеме слободно за заклучеме дека базите на мисиите располагале со значајни информации кои биле добиени од отворени извори, за кои непостоел доволен капацитет да истите бидат обработени и да бидат трансформирани во разузнавачки информации.

[158] United Nations, *Top UN envoy Sergio Vieira de Mello killed in terrorist blast in Baghdad*, UN News Centre, 19.08, 2003, достапно на http://www.un.org/apps/news/story.asp?NewsID=8023&Cr=iraq&Cr1, пристапено на 11.11.2013

## 7. РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ (OSINT-ОСИНТ)

Отворените извори за разузнавачки информации биле користени од страна на военото разузнавање во минатото. Најдобар пример за овај начин на собирање на разузнавачки информации е Јапонскиот разузнавачки напор за време на руско-јапонската војна во 1904-1905 година. На почетокот на војната, на делот од Рускиот Далечен Исток , флотата на Руската морнарица била многу побројна за разлика од Јапонската морнарица.Јапонската морнарица успеала да ја победи Руската Источна Флота. Тој успех го постигнала благодарение на разузнавачките информации собрани од британските весници и при тоа Јапонија била во можност да врши целосен увид врз напредувањето на Балтичката флота од нејзиното испловување од Санкт Петебург до Виетнам. Британските весници давале извештај за завземањето на рибарското пристаниште Dogger Bank во Северното Море од страна на Руската Флота. Имајќи предвид дека во пристаништето имало бродови и подморници кои биле во сопственост на Јапонската флота, Балтичката флота го нападнала пристаништето при што уништила неколку бродови. Следејќи ги овие настани, Јапонците ја очекувале Руската флота и притоа биле во можност да извршат подготовки за пристигнувањето на Руската флота и да постигнат решавачка победа.[159]

За време на Втората светска војна, Јапонската армија се соочила со саможртвување на софтверот со отворен извор. Американската канцеларија за стратешки служби користела публикации и емисии со цел да добијат информација за големината на Јапонските поморски сили. Сите овие корисетања на публикации биле заради дефицитот на шпиони во Јапонската армија.

Како друг пример за да може да се потенцира разузнавањето од отворени извори во текот на Втората Светска Војна, е примерот на аналитичарот на ЦИА Стефан Меркадо. Тој го наведува примерот за недостатокот на агенти на Јапонска територија, при што преку известувањата во медиумите , сојузничките аналитичари биле имформирани за Јапонските планови за изградба на бродови за време на Војната во Пацификот.

Притоа Американската Канцеларија за Стратегиски Работи ( US Office of Strategic Services-OSS) имала потенцијал да ја процени силата на Јапонската флота.

---

[159] Jukes, J. (2002). *The Russo-Japanese War1904-1905.* New York: Osprey Publishing стр. 72

Заради овај начин на прибирање на информации од отворени извори, овие информации биле третирани како супериорни информации од страна на американските офицери.[160]

Без разлика на тоа што разузнавањето од отворени извори обезбедува информации од културен, историски, географски и политички карактер кои се битни за воените операции, исто така разузнавањето од отворени извори врши и размена на информации во ситуации кога тоа може да послужи како можен потенцијал на ОН.[161] Придобивки од примената на разузнавањето од отворени извори би имале и мировните единици на тактичко ниво, посебно во потготовката на разузнавачката изработка на бојното поле која е главен елемент за редуцирање на заканите од страните во конфликтот. Во наредните подглавја од овај дел ќе биде анализирана сегашната примена на разузнавањето од отворени извори според Доктрината на НАТО, негова ефикасност и неговото дефинирање.

## 7.1 Моментална употреба на ОСИНТ

Тековната употреба на отворените извори на разузнавање (ОСИНТ), е искористена успешно од страна на разни субјекти. Американската Разузнавачка Агенција и НАТО, прават големи напори за интегрирање на ОСИНТ во нивните разузнавачки пристапи за добивање на информации. На тој начин тие ја признаваат важноста за користењето на информациите од јавен карактер и истото им дава можност да споделат одредени разузнавачки информации со други разузнавачки служби.

Американската разузнавачка заедница секогаш користела отворени извори за собирање на разузнавачки податоци, со цел да направат дополнување на разузнавањето стекнато од страна на традиционалните тајни разузнавачки служби. Во 2006 година, Канцеларијата на Директорот на Националната разузнавачка служба (ODNI) објави директива за институционализирање на ОСИНТ. На Директивата ја назначи и функцијата за заменик-директор на националната безбедност за слободен извор.

---

[160] Mercado C. Stephen, *Sailing the Sea od OSINT in the Information Age*, Studies of Intelligence, vol. 48, no.3, 2004, стр.1, ~~достапно на https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/csi-publications/csi-~~ studies/studies/vol48no3/article05.html, пристапено на 18.11.2013

[161] Steele David Robert, *Open Source Intelligence*, Draft Chapter for The Handbook of Intelligence Studies, достапно на http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060318/4f0e72062574bcc6ecd90aa05b586f8c/Draft%20Chapter%20for%20Handbook%2c%20Open%20Source%20Intelligence%201.2.doc, стр. 21, пристапено на 18.11.2013

Националниот софтвер со отворен код започна со работа во 2005 година, која опфаќаше стратегија и политичка програма и насоки за разузнавачката заедница на САД. Софтверот со отворен код имаше за цел да создава извештаи , преводи и аналитички производи од јавно достапните информации со што ќе им овозможи на владините претставници да располагаат со информации од сите свери. Софтверот со отворен код им помага и на другите разузнавачки агенции да развијат софтвер со отворен код но со помал обем , со цел да се подобри пристапот и квалитетот на разузнавачките информации неопходни за извршување на мисијата.[162]

Една од придобивките на НАТО со користењето на разузнавањето од отворени извори, е олеснувањето на размената на разузнавачките информации помеѓу земјите членки на НАТО. Процесот започнал со формирањето на Главниот штаб за Европа ( Supreme Headquarters Allied Powers Europe- SHAPE) кој имал за задача да ги координира воените планови на земјите членки.[163]. Се до крајот на Студената војна, повеќе членки на НАТО беа во соработка со другите земји челнки кои биле дел од Варшавскиот Пакт, при што вршеле размена на разунзавачки информации со тие земји, во Сенатот на САД се појавила загриженост во врска со безбедносните програми на тие земји, при што постоел страв од можно неовластено јавно објавување или пробивање од страна на странските разузнавачки служби на разузнувачките информации обезбедени од страна на САД.[164] () Фактот дека само неколку земји ( Турција, Шпанија,Грција, Западна Германија) се приклучиле на организацијата за време на Студената војна. По падот на Берлинскиот ѕид, во семејството на НАТО се приклучија и држави сојузници на Источниот блок, при што во 1999 година, Чешка, Полска и Унгарија станаа земји членки на НАТО.[165]

---

[162] Office of the Director of National Intelligence. (2006, July 11). Intelligence Community Directive Number 301. Washington, D.C

[163] Megens Ine, *The Role of NATO's Bureaucracy in Shaping and Widening the North Atlantic Treaty Organization*, во изданието на Bob Reinalda and Bertjan Verbeek, *Autonomous Policy Making by International Organizations*, New York, Routledge, 1998, стр. 124

[164] United States Congress, Senate, *Authorizing Appropriations for Fiscal Year 2001 for the Intelligence Activities of the United States Government and the Central Intelligence Agency Retirement and Disability System and for Other Purposes*, 106 Congress, 2nd sess., 2000, Report 106-279, достапно на http://thomas.loc.gov/cgi-bin/cpquery/?&sid=cp10607sMI&r_n=sr279.106&dbname=cp106&sel=DOC&, пристапено на 18.11.2013

[165] NATO. (2009, February 18). *NATO Topics: Nato Enlargement*. Retrieved March 16, 2009, from North Atlantic Treaty Organization: http://www.nato.int/issues/enlargement/index.html пристапено на 18.11.2013

Земајќи ја предвид големата разлика во можностите на земјите членки, раководството на НАТО презема мерки за унапредување на интероперабилноста. Со цел да биде тестирана интероперабилноста на разузнавањето во 2005 и 2006 година се реализирале вежби за тестирање на интероперабилноста помеѓу земјите членки на НАТО. Во седиштето на НАТО во Брисел е основан Оперативен Центар (Situacion Centre- SITCEN) кој бил дизајниран како централен разузнавачки орган кој се менувал една година. Оперативниот центар служел како фокус во рамките на Алијансата за прием, размена и ширење на политички, воени и економски разузнавачки информации со што би се олеснала размената на разузнавачки информации помеѓу земјите членки на НАТО.[166]

Покрај тоа, НАТО во 2006 година формирал и Центар за размена на разузнавачки информации во воздухопловната база на САД во Молсфорд, Велика Британија ( Molesworth, UK ), за да се олесни размената на разузнувачките информации меѓу САД и останатите членки на НАТО. [167]

Уште еден ваков чекор за подобрување на процесот на размена на информациите помеѓу земјите членки на НАТО, беше воведувањето на системот CENTRIXS ( Combined Enterprise Regional Information Exchange System).

Системот "ЦЕНТРИКС" претставува компијутерска мрежа за безбеден пренос на податоци наменет за подобрување на интероперибилноста помеѓу мултинационалните партнери.[168]

Покрај земјите членки на НАТО, пристап до овој систем им беше одобрен и на воените припадници од други земји кои учествуваат во одредени мисии. Морнарицата на САД овај систем го користи за време на нејзината вежба RIMPAC. Во оваа вежба земаат учество и морнариците од Пацификот. Сепак, системот CENTRIXS има потенцијал да биде искористен во мировните операции. За разлика од НАТО, ОН имаат поголеми потешкотии

[166] NATO. (2002). *NATO Intelligence Exploitation of the Internet.* Norfolk, VA: NATO SACLANT Intelligence Branch

[167] Supreme Headquarters Allied Powers Europe. (2006, October 17). Intelligence fusion centre initial operational capability (IOC) ceremony. Brussels

[168] Boardman, J. L., & Shuey, D. W. (2004, April). *Combined Enterprise Regional Information Exchange System (CENTRIXS) стр. 2 ; Supporting Coalition Warfare World-Wide.* Retrieved July 6, 2009, from Air University: http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/ccrp/centrixs.pdf пристапено на 18.11.2013

кога станува збор за размената на разузнавачки информации и интероперабилноста на вооружените сили на земјите членки, каде што бројноста во споредба со НАТО е многу поголема. [169]

### 7.2 Дефинирање на ОСИНТ

Поради достапноста на софтверот со отворен код на информации, ОСИНТ би можело да претставува лесно решение на разузнавачкиот проблем на ОН. Канцеларијата на директорот за Национално разузнавање ( ODNI), ОСИНТ го дефинира како отворен код за информации што се " јавно достапни без притоа да има потреба од законско барање. Ова ги вклучува речиси сите информации на интернет, весници, научни и академски трудови и сл. ОСИНТ е дефинирано како разузнавање произведено од јавно достапни информации кои се собрани и распространети навремено до соодветната публика со цел да се исполнат одредени разузнавачки барања". [170]

Професорот на Институтот за Безбедност, Одбрана и Мир проф.др Митко Котовчевски, разузнувањето од отворени извори го дефинира како "*информации со потенцијална разузнавачка вредност кои се достапни на пошироката јавност*". Кога говориме за разузнавање од "отворен извор" тоа подразбира разузнавање добиено од извори достапни на јавноста, посебно од пишани медиуми. Разузнавањето од отворени извори не претставува само информации од отворени извори, ниту замена за "анализата од сите извори". [171]

Разните извори на информации од отворени извори, Прирачникот за разузнавање од отворени извори во НАТО ги дефинира во четири категории:

- Податок од отворени извори (Open Source Data- OSD): изворна,необработена информација-фотографија,телевизиски или радио извештај и сл.

---

[169] Brannon, B. (2006, July 18). *CENTRIXS Enhances Communication Between Indonesian, U.S. Navies* . Retrieved July 6, 2009, from Navy.mil - Official Website of the United States Navy: http://www.navy.mil/search/display.asp?story_id=24725 пристапено на 18.11.2013

[170] Office of the Director of National Intelligence. (2006, July 11). Intelligence Community Directive Number 301. Washington, D.C

[171] М.Котовчевски (2013), Основи на разузнавање,Бомат графикс, Скопје, стр.78

- Информација од отворен извор ( Open Source Information-OSIF): обработен и рецензиран податок од отворен извор-весник, информативни анализи и сл;
- ОСИНТ информација која е анализирана и е доставена да одговори на конкретен проблем;
- Валиден ОСИНТ ( Validated OSINT-OSINT-V): анализирана и доставена информација за која се знае дека е точна;[172]

ОСИНТ не е принцип кој стои сам за себе, тој е дел од сите извори на разузнавање. Во принцип, ОСИНТ смета да направи и до 80% достапност за располагање со информации неопходни за разузнавачките аналитичари, за случувањата надвор од нивната матична држава.[173] ОСИНТ може да обезбеди доволно информации политичката ситуација, историјата на конфликтите и со тоа да им овозможи на Советот за безбедност да добие детални информации за видот на конфликтот, при изготвувањето на резолуцијата за мировна мисија. ОСИНТ исто така му овозможува на командантот на мировните сили да спроведе разузнавачка подготовка на бојното поле. Ова обично се користи за да се намали несигурноста во врска со непријателот,животната средина и сл.

### 7.3 Разузнавање од отворени извори според Доктрината на НАТО

Според Доктрината на НАТО, “ОСИНТ *претставува некласифицирана информација која со намера била откриена, обработена, анализирана и доставена до селектирана група на луѓе со цел за справување со конкретен проблем или настан”.*[174]

Досега од страна на НАТО се издадени вкупно три доктринарни публикации кои би можеле да бидат основа за воспоставување на сличен систем во склон на ОН. Во публикацијата издадена во 2001 година, истакнати се аспекти на разузнавањето од отворени извори за воени цели, Правилникот за разузнавање од отворени извори во НАТО (NATO OSINT Handbook). Во 2002 година правилникот бил надополнет со уште две

[172] NATO. (2001). *NATO Open Source Intelligence Handbook.* Norfolk, VA: NATO SACLANT Intelligence Branch стр.2 достапно на http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/osint_hdbk.pdf пристапено на 19.11.2013
[173] Deyevre, A. (2008, November 3). Intelligence Cooperation: The OSINT Option. *Europolitics* (3630), стр.16
[174] North Atlantic Treaty Organization, *NATO Open Source Intelligence Handbook*, 2001, стр. V, достапно на http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/osint_hdbk.pdf, пристапено на 19.11.2013

публикации, Прирачник за разузнавање од отворени извори во НАТО и искористување на интернетот од разузнувањето во НАТО.[175]

Првата публикација е збирка од текстови на експерти за Разузнавање од отворени извори, каде што се кажува за начинот на интегрирање на информациите од отворени извори во крајен разузнавачки производ. Втората публикација е прирачник за методологијата на истражување и класификација на веб страниците. Имплементирањето на разузнавачкиот циклус е битен чекор, затоа што информациите добиени од отворените извори не се доволни за планирањето на воената операција од било каков карактер. Во ваков контекст, планирањето претставува основа на процесот за развивање на разузнавачките побарувања. Командирот мора јасно да определи што му е потребно да знае и зошто му е потребно да знае. Разузнавачките побараувања на командирот му овозможуваат на тимот прецизно да се насочи кон собирањето и анализирањето на информациите кои се во интерес на намерата на командирот.[176]

Собраните информации треба да бидат добро обработени и анализирани. Во тој случај тоа значи дека треба да се утврди веродостојноста на изворот на информацијата, особено ако информацијата е добиена од интернет, сите нерелевантни информации треба да бидат исклучени и само најрелевантните информации треба да бидат дел од конечната анализа.[177]

Откако е извршена анализа на информациите од отворени извори, следната фаза е доставувањето на информациите до крајните корисници. Бидејќи станува збор за разузнавачка продукција од отворен извор, разузнавачкиот продукт може да биде достапен и на друг корисник без оглед на тоа дали станува збор за меѓународна организација, владина организација или НВО. Разузнавањето од отворени извори е главна движечка сила на Информациските операции во 21 век. Најдобар пример за практичната употреба на разузнавањето од отворени извори од страна на НАТО е прирачникот за инфраструктурата, комуникациите и политиката во поранешна СФРЈ. Покрај тоа што прирачникот бил составен од детални информации, некои земји членки го оспорувале

[175] NATO Intelligence Explotiation of the Internet) (Публикацијата е достапна на http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/exploit_internet.pdf, пристапено на 19.11.2013

[176] North Atlantic Treaty Organization, *NATO Open Source Intelligence Handbook*, 2001, стр. 2, достапно на http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/osint_hdbk.pdf, пристапено на 19.11.2013

[177] Исто.стр.23

заради тоа што истиот не бил класифициран. Со оспорувањето на прирачникот од некои земји членки, тој морал да подлежи на понатамошна преработка со тоа што во него биле вклучени технички карактеристики за одредена воена опрема и со тоа станал поприфатлив за оние земји кој истиот го критикувале.

### 7.4 Имплементирање на НАТО моделот за Разузнавање од отворени извори во мировните операции на ОН

НАТО моделот за разузнавање од отворени извори, наликува на Извршниот Комитет за Стратешка Анализа на Информациите ( EISAS) која беше препорака од Извештајот на Брахими.[178] Тука може да се направи разлика, во тоа што НАТО ~~Прирачникот за разузнавање од отворени извори нуди конкретни насоки за организација и~~ подобрување на разузнавачката продукција, со тоа што ОН можат да ги искористат можностите кои ги имаат во својата организација.

Пример за тоа е Светската Здраствена Органзиација ( ~~World Food Program~~) и Светската програма за храна ( World Food Program) при што во рамките на своите активности постојано користат сателитски податоци. ОН исто така имаат воспоставено и форум за НВО и останатите институции за информирање на Советот за Безбедност, додека Канцеларијата за Координација на Хуманитарните Активности ( Office for Coorfination of Humanitarian Affairs) располага со информациско комуникациска мрежа која е достапна за Одделот за Мировни Операции.[179] ОН имаа шанси да ги искористат капацитетите на експертите кои имаат издадено публикации кои опфаќаат сеопфатни и детални анализи на безбедносни, економски и политички прашања на различни региони во светот. Кога ОН би располагале со такфи информации, штабот на мисијата би можел прецизно да им даде насока на своите активности кон конкретните области, со тоа што ќе им обезбеди заштита на сопствените сили и ќе бидат избегнати низа колатерални штети.

Пример, експертска анализа на криминални активности, би можела да резултира со одредување на носителите на активностите, средствата и методите со кои тие располагаат

[178] United Nations, *Report of the Panel on United Nations Peace Operations*, UN Document A/55/305-S/2000/809, 2000. стр. 11, достапно на http://unic.or.jp/security_co/pdf/a_55_305_e.pdf, пристапено на 20.11.2013

[179] Bassey Ekpe, *The Intelligence Assets of the United Nations*, International Journal of Intelligence and Counterintelligence 20, 2007, стр. 379

и нивните насоки на движење. Покрај тоа што структурата на НАТО моделот за разузнавање од отворени извори се усогласува со структурата на Здружението Аналитички Центар ( ЈМАЦ), постои можност за имплементирање на тим конструиран спрема доктираната на НАТО, кој ќе собира информации од отворени извори.

Спроведувањето на ваков тим, значително ќе го зголеми квалитетот на анализите, без разлика дали тие се од воен или цивилен карактер.

* * * *

Анализираќи ги досегашните примери во оваа глава од истражувањето, може да се увиди дека моделот од отворени извор на информации – ОСИНТ е многу добар извор за собирање на информации кои притоа преку нивна обработка и анализа истите би се трансформирале во разузнавачки информации кои се неопходни во извршувањето на мировните операции.

Овај модел на прибирање на информации е доста применет и во НАТО и ЕУ и истиот е покажан како доста ефективен и користен не само во овие две организации, туку и во системот на ОН придонесува во подобрувањето на квалитетот на разузнавачките информации кои ќе се искористат во извршувањето на мировната мисија.

## 8. УЧЕСТВОТО НА АРМ ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ И СПРАВУВАЊЕТО СО РАЗУЗНАВАЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО МИРОВНИТЕ МИСИИ ВО XXI ВЕК

После осамостојувањето на Република Македонија од ЈНА на 18.08.1992 година, како основен сегмент од безбедносниот систем на Република Македонија беше формирана Армијата на Република Македонија ( АРМ). Од тогаш до денес Република Македонија успеа да прерасне во значаен фактор и непосреден учесник во градењето и одржувањето на регионалната и глобална безбедност.[180]

[180] Борче Чамински " Улогата на разузнавањето во мировните операции" Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Јуни 2012 стр.156

Определбите на Република Македонија за влез во Евро-Атлантските структури беа најавени на 23.12.1993, со тоа што во Собранието на Република Македонија беше донесена "Одлука за стапување на Република Македонија во членството во НАТО".[181]
После две години од донесувањето на Одлуката, Република Македонија беше во првите земји од регионот кои се приклучија на Иницијативата Партнерство за Мир (Partnerships for the peace- PFP). Во 2001 година Република Македонија беше првата земја од регионот која го потпиша договорот за Стабилизација и Асоцијација.

## 8.1 Непосредното учество на Армијата на Република Македонија како придонес во мировните операции

Доколку се земе предвид принципот на безбедноста во Евроатлантскиот регион, Армијата на Република Македонија дава голем придонес во напорите на меѓународната заедница со цел да се заштити меѓународниот мир и безбедност. Овај придонес на АРМ за зачувување на меѓународната безбедност најдобро може да се забележи во учеството на сопствените безбедносни капацитети во остварувањето на заеднички вредности и капацитети.

Република Македонија својот прв придонес во учество во воени операции надвор од своите граници го даде во 2002 година, во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан при што оваа мисија беше предводена од страна на НАТО силите.

Ваквиот придонес на Република Македонија т.е придонесот на АРМ продолжил да се зголемува со распоредување на воени сили во мисиите "Слобода за Ирак ( 2003-2008)"во Ирак, учество во воената операција "ЕУ АЛТЕА ( 2006-_) " во Босна и Херцеговина и во мисијата на Обединетите нации "УНИФИЛ (2007- ) " во Либан.

Покрај непосредното учество во овие мисии, исто така Република Македонија почнува да обезбедува и логистичка подршка во мисијата на НАТО на "КФОР (2007-)" на територијата на Република Косово.

[181] (Министерство за Одбрана на Република Македонија, *Национални Документи*, достапно на http://www.morm.gov.mk/portal/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_odluka_za_clenstvo.pdf, пристапено на 25.01.2014

| Мисија | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИСАФ | 21+21<br>42 | 75+75<br>150 | 131+131<br>262 | 136+136<br>272 | 160+172<br>332 | 163+79+163<br>405 | 163+166<br>329 | 162+168<br>330 | 2122 |
| Слобода за Ирак | 35+35<br>70 | 54+53<br>107 | 46+50<br>96 | 81+82<br>163 | / | / | / | / | 436 |
| АЛТЕА | / | / | 42+32<br>74 | 12+12<br>24 | 12+12<br>24 | 12+12<br>24 | 12+12<br>24 | 10+10<br>20 | 211 |
| Унифил | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| КФОР | / | / | Во центарот се вработени вкупни 13 лица | | | | | | 13 |
| Вкупно | 112 | 278 | 446 | 460 | 357 | 430 | 354 | 351 | 2788 |

Придонес на АРМ во меѓународни операции[182]

### *8.1.1 Мировна мисија ИСАФ ( ISAF-International Security Assistant Forces 2002-)*

Република Македонија го започна своето учество во НАТО предводената операција " ИСАФ" во Август 2002 година, со испраќање на два официри како дел на турскиот котигент. Во Март 2003 година, Армијата на Република Македонија го зголеми својот придонес во "ИСАФ" мисијата со испраќање на едно одделение од составот на втората пешадиска бригада, како дел од германскиот контигент. Како резултат на успешното извршување на мисијата и високите оценки добиени за учество во "ИСАФ", од Август 2004, пак се до крајот на 2006 година, АРМ учествуваше со еден механизиран пешадиски вод од единицата Леопарди. Во Август 2005 година, во "ИСАФ" е упатен и медицински персонал како дел од здружениот А3 формат ( Македонија, Албанија,Хрватска), кој успешно ги извршувал задачите на кабулскиот аеродром кој бил во состав на чешката полска болница.

АРМ во Јуни 2006 испрати една механизирана пешадиска чета како дел на првата механизирана пешадиска бригада, во состав на британскиот контигент во "ИСАФ". Во Март 2008 година три офицери и два подофицери им се придружија на Комбинираниот

[182] Бела Книга на Одбраната Министерство за Одбрана Република Македонија Скопје 2012 стр. 61

мултинационален оперативен тим за врска и менторирање ( Combined Multinational Operational Mentor and Liaison- OMILT) во Мазар и Шариф и Кундуз, кој беше задолжен за поддршка на самостојното функционирање на Авганистанската Национална Армија.

Учеството на АРМ во мировната мисија "ИСАФ" и понатаму продолжи да се зголемува. Во Април 2010 година Република Македонија го зголеми бројот на воениот персонал на АРМ во Авганистан за 79 припадници, чија основна задача беше обука на Националната Полиција и Националната Армија на Авганистан.[183]

Контигентот на АРМ во мировната мисија "ИСАФ" најчесто бил ангажиран во извршување на борбени операции за обезбедување на Командата на "ИСАФ". Учеството на припадниците на АРМ во "ИСАФ" има висока оцена од земјите членки на НАТО. Во моментот Република Македонија учествува со најстар национален претставник., една механизирана пешадиска чета, еден офицер во Здружената меѓународна команда на "ИСАФ" во Кабул, еден подофицер на аеродромот КАИА, пет старешини како дел на мултинационалниот ОМЛТ во Мазар е Шариф и двајца офицери во Школото на воената полиција на АНА во реонот на Кабул.[184]

Организациско-формацивската поставеност на "ИСАФ" која е под надлежност на Врховната воена команда на НАТО во Монс-Белгија и е во улога на чета за заштита на силите (Force Protection Company-FPC) во единицата за подршка на базата (Base Support Group- BSG), контигентот на АРМ се наоѓа во составот на здружената команда на ИСАФ ( ISAF Joint Command- IJC) со седиште во Кабул.[185]

[183] Борче Чамински " Улогата на разузнавањето во мировните операции" Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Јуни 2012 стр 158

[184] Исто стр.159

[185] ISAF Command Structure, достапно на http://www.isaf.nato.int/isaf-command-structure.html, пристапено на 25.01.2014




Структура на командата на ИСАФ

Во знак на подршка на Владата на Исламската Република Авганистан , ИСАФ спроведува операции во Авганистан со цел неутрализирање на бунтовништвото во одредени области и подршка на властите во управувањето со државата, со цел да се заштити цивилното авганистанско население и обезбедување услови за одржување на мирот. За таа цел силите на ИСАФ спроведуваат безбедносни операции низ целата земја, заедно со Авганистанските национални безбедносни сили кои се директно вклучени во развојот на авганистанските национални безбедносни сили преку менторство, обука и опремување.[186] Разузнавачките операции во мисијата ИСАФ во Авганистан се составени од собирање на точни и навремени информации за локалните организации, противбунтовничките движења , нивните активности, нивната поврзаност со власта и подршката која ја уживаат од локалното население. Обезбедувањето на овие информации било многу тешко, без претходно контактирање со локалното население , запознавање на нивните обичаи, култура, потреби и барања. За обезбедување на овие информации големо внимание било

[186] ISAF Joint Command Mission, достапно на http://www.isaf.nato.int/subordinate-commands/isaf-joint-command/index.php, пристапено на 26.01.2014

посветено на развивањето на Цивилно-воената соработка, најмногу преку активноста на Провинциските Тимови за Реконструкција ( Provincial Reconstruction Teams PRT). Оваа промоција и зајакнувањето на Цивилно-воената соработка, претставувала еден од најголемите разузнавачки предизвици на мисијата веднаш после соборувањето на талибанскиот режим.[187]

Разузнавачкиот персонал кој со години бил обучуван за разузнавачка подршка на конвенционални воени операции со широки размери, во Авганистан бил доведен до ситуација да биде соочен со средина која се карактеризирала со сложени меѓуетнички и религиозни односи, мултинационални вооружени сили, асиметрични закани и активности на разни НВО во зоната на операции како и си операции за подршка на локалната власт и обнова на општеството. Мултинационалниот карактер на мисијата ИСАФ, во која покрај земјите членки на НАТО партиципираат и земјите членки на програмите на Партнерство за мир (ПЗМ) и Медитеранскиот дијалот (МД) и со тоа е покажана реалната потреба од интегрирано разузнавање од сите извори. Како последица на мултинационалниот карактер на ИСАФ, дополнителен разузнавачки предизвик претствувала размената на разузнавачките информации помеѓу земјите кои партиципираат во мисијата. Овај разузнавачки предизик директно ја засегал и АРМ, бил резултат на сеуште нерешениот проблем за размена на информации помеѓу мултинационалните партнери, како и помеѓу мултинационалните вооружени сили со националните разузнавачко-безбедносни структури на Авганистан.[188]

Анализираќи го сето ова, можеме да заклучиме дека мисијата ИСАФ во Авганистан се соочувала со разузнавачки предивици кои произлегувале од мултинационалниот карактер на вооружените сили и природата на воените и цивилните операции кои биле превземани за воспоставување на мир и сигурност помеѓу цивилното население во Авганистан.

[187] 187 Борче Чаминскi " Улогата на разузнавањето во мировните операции" Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Јуни 2012 стр 160

[188] ИСТО стр.161

**8.1.2** ***Мировна мисија Слобода за Ирак ( Freedom for Iraqi 2003-2008)***

Со усвојувањето на Резолуцијата 1546 на Советот за Безбедност на ОН, Република Македонија со политички консензус на сите политички партии во Република Македонија во поглед на подршка на Коалцијата за борба против тероризмот, Република Македонија одлучи да даде активно учество со тоа што испрати свои единици во мисијата "Слобода за Ирак". Со донесување на целосен политички консензус и врз основа на Член 3 од Законот за одбрана, Собранието на Република Македонија донесе одлука за испраќање на вооружени сили кои се на составот на АРМ да учествуваат во извршувањето на мисијата Слобода за Ирак. Врз основа на овие законски овластувања Собранието на Република Македонија донесе одлуки за испраќање на вооружени сили од составот на АРМ во мисијата Слобода за Ирак во периодот од Јуни 2003 година до Декември 2008.[189]

Мисијата започна со испраќање на два офицери во Централната команда на САД и испраќање на национални претставници во Март 2003 година. Првиот контигент кој се состоел од еден деклариран вод за специјални намени оперирал во составот на четвртата пешадиска дивизија, која влегувала во составот на Мулти-Националната Дивизија-Багдад. Контигентот на АРМ бил под целосна команда на Мулти-Националниот корпус Ирак, кој бил составен дел од Мулти-Националните Сили Ирак.

Во извршувањето на мисијата "Слобода за Ирак", контигентите на АРМ извршуваа воени операции кои се состоеле од физичко обезбедување на оперативни бази на Коалициските сили, заседи, претреси, патроли и сл. Контигентите на АРМ исто така биле ангажирани и во извршувањето на борбени операции како што се операции за стабилизација на мирот, разој на демократијата итн.

После рушењето на режимот на Садам Хусеин и усвојувањето на Резолуцијата 1546 на Советот за Безбедност на ОН, е донесена одлука за донесување на вод за специјална намена, кој имал за цел да ги извршува задачите кои биле во состав на четвртата пешадиска дивизија на Мултинационалните сили на Ирак. Во 2008 година учеството на АРМ во мисијата "Слобода за Ирак" се зголемило за уште еден вод од составот на 2.мпбр. Од Јуни 2003 година до Декември 2008 година биле извршени вкупно 11 ротации, а вкупната бројка на припадници на АРМ кои учествувале во оваа мисија е околу 490.

[189] *Службен Весник на РМ*, бр. 76 од 01.12.2003, Скопје

Мисијата на Мулти-Националниот Корпус се состоела од преземање на офанзивни операции кои биле преземани за уништување на бунтовничките и дестабилизирачки влијаниа во Ирак. Паралелно на овие операции, биле преземани и операции за стабилизација на безбедноста, преземање на операции за економски развој на Ирак кои имале цел во создавање на услови кои би послужиле како услови за пренесување на суверенитетот на избраната Ирачка Влада.

Во операцијата Слобода за Ирак, военото разузнавање отиде подалеку од својата традиционална улога како составен дел од вооружените сили. Разузнавањето ја има-е клучната улога во офрмувањето на военото поле, отвараше можности за дејствување на коалициските сили и со тоа го предводеше секој потег на целокупната кампања.[190]

Организацијата на разузнавањето во Операцијата Слобода за Ирак била условена од самиот карактер операцијата и потребата од постојан проток на информации од највисокото до најниското хиреархиско ниво. За таа цел покрај разузнавачките секции во командите на Мулти-Националниот Корпус, бил формиран Комбиниран Центар за Разузнавање и Операции (Combined Intelligence and Operations center CIOC) во кој бил интегриран персонал од Воено-Разузнавачка Служба (Defense Intelligence Agency-DIA) и Службата за Национална Безбедност на САД ( National Security Agency- NSA).[191]

Во првата фаза од мисијата, разузнавачките цели на коалициските партнери биле достигнувањето на степенот на интероперабилност помеѓу системите за обезбедување, разузнавање и набљудување, комуникациските системи на сите компоненти на вооружените сили и бројните разузнавачки служби.После поразот на Садам Хусеин, односно откако се окупира територијата на Ирак, како главна цел на разузнавањето беше пронаоѓање на причините за конфликтот кои беа главен адут за крвопролевањата помеѓу Шиитите и Сунитe.

За таа цел посебно внимание било посветено на разоткривањето на подршката која наведените секти ја имаа од терористичките организации Хамас и Ал-каеда.

---

[190] Choate Mark CPT, *Knowing is Half the Battle*, INSCOM Journal for the Military Intelligence Professional, Almanac 2003, стр. 8

[191] Борче Чамински " Улогата на разузнавањето во мировните операции" Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Јуни 2012 стр.163

Разузнавачките предизвици во оваа мировна операција претствуваа воена операција која била реализирана врз база на интегрираните разузнавачки информации добиени од достапни извори на информации и сл.

### *8.1.3 Мировна мисија УНИФИЛ (UNIFIL 2007-)*

Република Македонија во Мај 2007 година го даде своето прво учество во мировната мисија УНИФИЛ во Либан. АРМ во Мај 2007 испрати еден Штабен офицер во Здружениот оперативен центар во Либан. Придонесот на Република Македонија со штабен офицер беше реализирано со Одлука на Собранието на Република Македонија на 27-ми Април 2007 година. Во мировната мисија УНИФИЛ предводена од страна на ОН, офицерите на АРМ најчесто беа задолжени да извршуваат штабни должности кои беа во состав на Главниот штаб на УНИФИЛ, сместен во Нагура.

Мировната мисија УНИФИЛ бележи дефицит од разузнавачка структура која би дала подршка во извршувањето на мировната мисија. Опширните проценки од Штабот на ОН во Њу Јорк, кои се базираат на податоци добиени од непроверени извори, како и слабиот капацитет на либанската разузнавачка заедница не се доволни ни за заштитата на силите на УНИФИЛ. Недостатокот од соодветен разузнавачки елемент за противтерористичко делување или активности за разузнавачка подршка, повеќе пати ја има загрозено безбедноста на персоналот и самиот мандат на мисијата. Настаните од 2006 и 2007 година, како резултат на големиот интерес на Сирија и зголеменото присуство на Ал-Каеда во Либан, ја нагласија неопходноста од соодветна разузнавачка подршка.[192]

Доколку се земе предвид дека УНИФИЛ уште од самиот почеток била цел на терористички закани од страна на Ал-Каеда, може да се каже дека Цивилно-воената соработка имала големо значење во искористувањето на разузнавачкиот капацитет на Хезболах.

Покрај тоа што можната соработка со Хезболах би можела да биде попречена од страна современите демократии, целта на овај разузнавачки предизвик има единствена цел, а тоа е заштита на мировните сили на УНИФИЛ.

[192] Борче Чамински " Улогата на разузнавањето во мировните операции" Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Јуни 2012 стр.168

Како доказ за постојаната доверба на локалното население кон мировната мисија УНИФИЛ , се должат на залагањата на мисијата за зачувување на мирот и прекин на огнот. Тоа е уште еден показател за успешната Цивилно-воена соработка како еден показател за предизвиците за разузнавачка подршка на мисијата.

Доколку би ги анализирале сите овие податоци за мировната мисија УНИФИЛ во Либан, можеме да заклучиме дека ОН неможат целосно да се справат со разузнавачките предизвици на мисијата, а тоа е така бидеќи мировната мисија се реализира на територија во која има измешани светски демократии.

### *8.1.4 Мировна мисија ЕУФОР АЛТЕА (EUFOR ALTHEA 2006 - )*

Република Македонија на 3-ти Јули 2006 година ја потпиша спогодбата со Европската Унија за земање учество во мировната мисија "Алтеа". Армијата на Република Македонија својот ангажман го завзеде истиот месец, декларирана како АРМ хеликоптерски деташман, кој беше составен од два хеликоптери Ми-8/17 и воен персонал кој броеше околу 21 лице. После пет месеци т.е во Ноември 2006 година, Република Македонија испрати медицински тим составен од 10 лица за ROLE 1 медицинската поддршка за кампот во Бутимир на аеродромот во Сараево.

Во мисијата АЛТЕА, МО и АРМ дале свој придонес со 142 припадници на АРМ, при што 11-ет членови на воздухопловниот ВИНГ на самото враќање од завршената мисија во БиХ ги загубија своите животи во Хеликоптерската несреќа која се случи во близина на катлановско Блаце.

Учеството на Република Македонија во мировната мисија АЛТЕА не престана тука, во Февруари 2008 година, Република Македонија дополнително испрати уште едно лице-подофицер за превентивна медицина на HQ EUFOR, при што целосниот придонес на Република Македонија во оваа мировна мисија изнесуваше еден транспортен хеликоптер Ми 8/17 и персонал од 24 лица.

Целта на мисијата АЛТЕА беше да се даде придонес во обезбедувањето на мирот и стабилноста на Босна и да се овозможи целосно спроведување на одредбите од Дејтонско-Парискиот мировен договор, кои одредби во целост не беа извршени. Мисијата ЕУФОР покрај основните задачи, таа има и должност да даде подршка на

вооружените сили на БиХ во нивното формирање, обука и организација. Структурата на вооружените сили на ЕУ ја сочинуваа Мултинационален маневарски батаљон (Multinational Maneuver Battalion-MNBN), Интегрална полициска единица (Integrated Police Unite-IPU) и Оперативните тимови за врска (Liaison and Observation Teams-LOT).[193]
